# Анализа за утврдување на институционалниот

# ЈАЗ

## во однос на регистрирањето и обработката на говорот на омраза

во Република Северна Македонија

**„Анализа за утврдување на институционалниот јаз во однос на регистрирањето и обработката на говорот на омраза во Република Северна Македонија**

**Издавач:**

**Хелсиншки комитет за човекови права претставуван од претседателката д-р Неда Здравева**

**Уредник:**

**Уранија Пировска**
**Извршна директорка на Хелсиншкиот комитет за човекови права**

**Автор:**

**Јавен обвинител д-р Александар Маркоски**

**Лектор: Роберт Раман**

**Графички дизајн: Бојана Мицевска**

**Скопје, 2023 година“**

**This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.**

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во РС Македонија

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# Содржина

ВОВЕД 6

ПОИМ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА 10

НАЈВАЖНАТА СПЕЦИФИКА - МОТИВОТ 15

ЕЛЕМЕНТОТ НА АГРЕСИВНИОТ ГОВОР 18

**РЕАКЦИИ И АКТИВНОСТИ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ДЕЛАТА НА ГОВОР НА ОМРАЗА НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР ВО ДРЖАВАТА** 19

СПРЕГИ, ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КОНСТЕЛАЦИИ 26

МАРнет 34

ЛЕГИСЛАТИВА 38

**ОСВРТ КОН СОСТОЈБАТА СО МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМА НА ЗАКОНОТ ЗА АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ И ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ** 41

ДОМАШНОТО КРИВИЧНО ЗАКОНОДАВСТВО 46

ДОМАШНОТО ПРЕКРШОЧНО ЗАКОНОДАВСТВО 49

СУДСТВО-ОДЛУКИ 55

МАКЕДОНСКА СУДСКА КРИВИЧНОПРАВНА ПРАКСА 58

МАКЕДОНСКАТА СУДСКА ГРАЃАНСКОПРАВНА ПРАКСА 60

ДРЖАВНИОТ КАЗНЕНОПРАВЕН ОДГОВОР: МВР, ЈО, СЕКТОР ЗА ПРОБАЦИЈА 64

НАЦИОНАЛНА СИСТЕМСКА РАМКА, ПРОЦЕДУРИ, СТАТИСТИКИ 71

ИНТЕРНЕТОТ КАКО ГОРИВО И АДИТИВ НА ЗГОЛЕМЕНИОТ ГОВОР НА ОМРАЗА И ЗНАЧАЈНОСТА НА МЕЃУНАРОДНОПРАВНАТА СОРАБОТКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ДЕЛАТА СТОРЕНИ ОН-ЛАЈН 82

КОНВЕНЦИЈАТА ЗА САЈБЕР (КОМПЈУТЕРСКИ) КРИМИНАЛ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА 87

КРИМИНАЛИСТИЧКИ АСПЕКТИ КОН ПРИБИРАЊЕТО НА ДОКАЗИТЕ ЗА ДЕЛАТА НА ГОВОР НА ОМРАЗА СТОРЕНИ ОН-ЛАЈН 92

ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ДОКАЗИТЕ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА 106

ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ДОКАЗИТЕ ОД ИНТЕРНЕТ - СЕРВИС ПРОВАЈДЕРИТЕ ОД САД 106

ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ 113

ДРУГИ МЕРКИ И ПОЛИТИКИ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ 114

ПРЕПОРАКИ

БИБЛИОГРАФИЈА

ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ



# Вовед

Убавиот збор го соблазнува човека. Наспроти тоа, грдиот збор, а уште згора – и невистинит, буди немир и конфликти. Човекот е групно битие, а тоа го докажува преку: фактот дека тој не ја поднесува самотијата (па дури и се плаши од неа); фактот дека тој е почувствителен на џагорот на толпата повеќе отколку на кој било друг звук и фактот дека е мошне чувствителен спрема вождот на групата, но и на мислењето на неговите другари. Дури и во случајот на религиозните испосници и пустиножители, истите не може да се рече дека се изолирале во самотија затоа што тие веруваат дека на тој начин ќе остварат комуникација со друг – со нивното божество. Она што е вродено кај човекот, но и кај голем број на животни е системот на комуникација или говорот, а истиот може да се практикува само во група на исти видови.[1]

1. Supek, R., “Društvene predrasude: Socijalno-psihološka razmatranja”, Radnička štampa, Beograd, 1973., str.10, 31.

Слободата на говор како темелен демократски квалитет го подразбира говорот – буквално, но и слободата на: изразувањето, пишувањето и публикувањето. По дефиниција, слободата претставува општествен капацитет да се дејствува, човек да се движи во кој било правец, да се однесува во согласност со онолку алтернативи колку што ги овозможува општеството, а, сепак, истото да може да остане правично. Може да се каже дека општеството е најдобро тогаш кога истото овозможува најголем број алтернативи.[2] Слободата е ограничена од депривацијата на внатрешните чувства, недостигот на афекција во детството и младоста, сексуалната или политичката репресија и казнувањата без основа. Сите тие фактори ги намалуваат алтернативите. Иако се вели дека слободите се вродени, а правата се стекнуваат, без соодветен казненоправен третман, слободата станува загрозена. И тоа најпрвин бидува загрозена индивидуалната слобода, а потоа – општествената, бидејќи суштината на слободата е во човечкиот тоталитет и неговата вкупност.

Слободното општество е тоа кое не расправа околу проблемот со слободата, туку овозможува слободно дејствување и говорење.[3] Но таа слобода може да се злоупотреби. Тогаш надоаѓа говорот на омразата. По однос на констелацијата помеѓу слободата на говорот како фундаментално човеково право и легислативните ограничувања на говорот на омраза, јасно е дека за овие две категории е само привиден – заедничкиот именител „говор“. Не станува збор ниту за синоними, ниту за хомоними. Тоа се комплетно различни сфери кои се допираат во конкуренција. Изразено алегориски, може да се каже дека и пожарот е жив оти има „живи“ пламени јазици, но тој не значи – живот. Дури напротив, значи деструкција. Е, токму така се поставени работите и помеѓу слободата на говорот и говорот на омраза, кој во овој случај би се поистоветил со пожарот.

Во контекст на Југоисточна Европа директно влијание на криминалитетот на говор на омраза имаат: национализмот, геополитичкото значење, стратешките странски пропаганди и

2. Wolfgang, M.E., “Freedom and violence”, ed.: “Violence in schools: Perspectives, Programs and Positions”, Lexington books, D.C. Heath and company, Lexington, Massachusetts, Toronto, 1975, p.35.

3. Извор: Вујачиќ, В., „Насиље и хуманост“, Библиотека – Критика, студије, есеји -, Књига 2, Цетиње, 1975, стр.43.

политичката тензичност. Ова е регион каде се среќаваат различните религии, но и менталитети (европскиот рационализам наспрема медитеранската ноншалантност), природните клими (медитеранската наспроти континенталната), но и науката и емпиризмот наспроти суеверијата и митологијата. Полуостровот претставува географски клуч за три континенти. Тој е сложен политички микрокосмос[4], со непредвидлива политиката. Сепак, куриозитетно е дека според некои релевантни истражување во републиките кои произлегоа од бивша Југославија е најмалку изразен расизмот во споредба со останатиот дел на Европа[5], а, пак, Хрватска[6] важи како најмалку „исламофобична“.[7] Но, за жал говорот на омраза опфаќа поширок спектар на заштитени категории, меѓу кои и етносот, верската и политичката припадност. Тука по однос на Македонија е доволно да се каже дека пред некоја година осамнаа вести дека сме „бомбардирани“ со говор на омраза.[8]

Теоретски, говорот на омраза е сеуште сива област поради разногласијата и полемиките за дефиницијата и неговиот опфат. Затоа и во практика, овој поим с уште нема своја цврста дефиниција пред меѓународните организации. Секој може да биде жртва на криминал од говор на омраза иако припадниците на малцинските заедници се најчестите жртви.[9]

4. Извор: Јанакос, С., А., „Етнички конфликт: Религија, идентитет и политика“, Универзитет Охајо, 2002, стр.54.

5. https://www.srbijadanas.com/vesti/drustvo/harvard-kaze-da-smo-najtolerantniji-narod-srbija-je-zemlja-sa-najmanje-rasizma-u-evropi-2020-06-05

6. https://www.islamska-zajednica.hr/naslovnica/intervju-uspjeli-smo-u-nastojanjima-da-u-hrvatskoj-ne-bude-islamofobije

7. Исламофобијата е феномен кој дојде во фокусот на вниманието во последно време, а поради здружените напори на некои поголеми муслимански држави. Види: https://www.trtworld.com/turkey/cavusoglu-turkey-pakistan-to-develop-cooperation-in-defence-industry-43216 (23,05,2023).

8. https://faktor.mk/bombardirani-sme-so-govor-na-omraza-nekolku-nastani-vo-zemjava-ja-zovrea-ovaa-pojava

9. На дискриминирачкиот третман на малцинствата кој кулминира со дела на омраза (меѓу кои и делата на говор на омраза) не се имуни ниту најбогатите држави. Така на пр., се уште се случуваат такви инциденти врз народот Сами, кои се автохтоно малцинство во Кралството Норвешка, која, пак важи за држава со еден од најголемите БНП по глава жител во Европа. Види: Minde, Х., “Assimilation of the Sami – Implementation and Consequences”, Acta Borealia, Rutledge, Tromsø, 2003, pp.121-146. http://www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/08003830310002877

Во трудот ќе се даде и обид за да се одговори на комплексното прашање околу градење на стратегијата – системски одговор за спречувањето и санкционирањето на говорот на омразата како на традиционалните медиуми, така и на „онлајн“ медиумите. Особено се разработуваат криминалистичките „приземни“ аспекти кои треба да бидат земени во обѕир при градењето на таа стратегија. Но за да се создаде ефикасен одговор, претходно треба добро да се спознае феноменот и во неговиот квантитет. Во спротив одговорот ќе биде благ, разводнет, а говорот на омраза ќе добие митски размери. Затоа е потребна статистиката како алатка.

За да се регистрира и обработи говорот на омраза, доколку се подразбира елементарна статистичка обработка, најпрвин треба да постои во државата соодветна и поволна легислативна реалност која ќе ги овласти службените лица да ги регистрираат податоците до кои доаѓаат работејќи во оние државни органи кои имаат надлежности да се борат со говорот на омраза како појава. Потоа согласно позитивните законски прописи за административно работење и архивирање секој државен орган има должност да се грижи за овие податоци и по потреба на државата да ги канализира во еден центар. Ultima ratio доколку се подразбира „обработување“ во смисла на делување и борба против ваквите деликти и доколку и за тоа, исто така, постои легислативна поволна клима, во тој случај овие службени лица не треба да останат пасивни и само да евидентираат, туку треба да делуваат превентивно или репресивно, согласно Законот. Токму за овие работи ќе стане збор во оваа анализа.

# Поим на говорот на омраза

Најинтензивните предрасуди во едно модерно општество е типично да ги носи средната класа, бидејќи кај нив е најзастапена фрустрацијата дека с уште не припаѓаат на високата класа во хетерогеното општество.[10] Кон засилувањето на предрасудите придонесуваат и миграциите на населението од економски побуди. Така, веројатноста дека ќе се случи дело на говор на омраза зависи правопропорционално од зголемениот број на имигрантите во вкупното население. Уште еден фактор кој стимулира предрасуди е фактот дека с уште во светот превладува концептот за создавање национални, а не мултиетнички држави. Важен фактор за раст на предрасудите е и самата природна наклонетост на луѓето да симплифицираат и воопштуваат.

Предрасудите се базираат на стереотипи. Поточно, стереотипи се нарекуваат: предрасудите кои се асоцираат со однесувањето на групи на луѓе и комбинирање на овие предрасуди со други предрасуди.[11] Тие се ментални слики на кои им недостига искуство и се производ на ригиден начин на размислување, најчесто поврзан со етноцентризмот. Стереотипите можат да бидат и позитивни и негативни. Негативните стереотипи служат за оправдување на предрасудите.

Често стереотипите се производ на опресивни идеологии кои се присутни насекаде. Тие се вкоренети во расизмот, хомофобијата, трансфобијата, сексизмот и дискриминација на поединец или група врз основа на возраста и попреченоста. Стереотипите се културолошки појави, па нивното отстранување може да се земе како културолошка борба. Како главен извор на стереотипите некои

10. Rot, N., “Rasizam i etničke predrasude”, Zbornik radova: “Rasizam, rase i rasne predrasude”, posebna izdanja, sveska 2, Antropološko društvo Jugoslavije, Beograd, 1974, str.109.
11. Inter Group, “Racism: What is and how to deal wth it: A guide to talking about racism”, Navreme Publications, vol.8, Kumanovo, 2007, p.25.

теоретичари ги сметаат медиумите и образовните институции[12]. Тројца македонски новинари ќе кажат:

„Стереотипите се идеални за медиумска комуникација. Медиумското изразување налага краток израз и економизирање на јазикот. Од тој аспект, употребата на стереотип го ослободува авторот од натрупани изрази и претерано детализирање.“[13]

Од друга страна, и политичките партии и авторитети можат да бидат генератори на стереотипите и предрасудите, а со тоа и емулгатори на говор на омраза во политичките дебати, па дури и преку појавата и невештото практикување на вештината на „политичка коректност“. Од сето може да се извади заклучок дека предрасудите се необично жилави мненија, а за нивното ублажување или сузбивање е потребна упорна и доследна борба преку различни начини и методи.

Метафорички кажано, изречениот поган збор е како исфрлен подводен харпун кој ја погодува целта. Може да се врати, но не без последици...Историски, говорот на омраза пред Втората Светска Војна бил нарекуван „групна клевета“, а по Војната го добил актуелниот назив и тоа било во САД. Широка употреба доспева во 1980–тите год. на XX век.

Делата на говор на омраза се мошне сложена општествена и криминална појава и имаат специфичности во однос на другите дела. Најпрвин, тие се разликуваат по однос на мотивот на сторителот, значи според еден субјективен елемент кој често не претставува конститутивен елемент на битието на казненото дело. Говорот на омраза има две дејства, а тоа се: констатацијата која со него се прави и перформацијата која означува зачеток на нешто потешко, најчесто – дело на омраза. Говорот на омраза потенцијално води кон криминал од омраза. Тој се користи за да се навреди едно лице преку

12. Види: Кроли, Н., „Борба против стереотипи, гласини и дискриминација“, Зборник “16-ти НОЕМВРИ меѓународен ден на толеранцијата: избрани текстови“, МАНУ-ОБСЕ, Скопје, 2015, стр.37.

13. Трајаноски, Ж. и др., „Медиумите, говорот на омраза и маргинализираните заедници: водич за медиуми“, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, Скопје, 2013, стр.29.

заштитената група на која тоа лице припаѓа. Таквиот говор генерално настојува да ја осуди или обесчовечи индивидуата или групата или да изрази гнев, омраза, насилство или презир кон нив. Тој носи порака за инфериорност на членовите на односната група.

Веќе беше кажано дека не постои универзално прифатена дефиниција за терминот „говор на омраза“ во меѓународното право, иако Советот на Европа веќе го направи првиот чекор со донесувањето на Препораката CM/REC(2022)/16.[14]

Според теоретичарите, говорот на омраза се дефинира како: „комуникациски чин кој служи за напаѓање одредени групи или поединци врз основа на нивна посочена особеност, припадност или уверување“.[15] Различните форми на напаѓање можат да вклучат потценување, потсмев, нагрдување, понижување, с до најострите форми како што се дискриминација, дехуманизација и сатанизација.“[16]

Кривичните дела на говор на омраза се насочени кон дискриминација. Тие се најчесто дела на вербално насилство спрема

14. Види чл.1 ст.2: „За целите на оваа препорака, говорот на омраза се подразбира како секој вид изразување кое поттикнува, промовира, шири или оправдува насилство, омраза или дискриминација кон лице или група лица или кое омаловажува, поради реални или припишани лични карактеристики или статус како што се „раса“, боја, јазик, религија, националност, национално или етничко потекло, возраст, инвалидитет, пол, родов идентитет и сексуална ориентација.“ Достапно на: https://www.coe.int/en/web/freedom-expression/committee-of-ministers-adopted-texts/-/asset_publisher/aDXmrol0vvsU/content/recommendation-cm-rec-2022-16-1-of-the-committee-of-ministers-to-member-states-on-combating-hate-speech (25,05,2023).

15. Според поопширните дефиниции, говорот на омраза претставува усно или писмено комуницирање или друг облик на јавно изразување на став во кој било облик на комуникација (со конклудентни дејствија, гестови, користење симболи итн.) со други кој содржи намера, заснована врз предрасуди, да: дискриминира, вознемири, предизвика реакција или поттикне негативен став, нетолеранција, непријателство или насилство спрема поединци или групи луѓе, врз основа на нивната расна или родова припадност, возраст, етничка припадност, националност, верско уверување, сексуална ориентација, родов идентитет, хендикеп, јазична припадност, културна припадност, морални или политички ставови, социјална состојба, занимање, ментални и физички особини, или која било друга особина. Види: Камбовски, В./Трајковска, Л., М., „Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза“, ОБСЕ, Скопје, 2012. стр.37.

16. Цит. Џигал, С., „Одлики на говорот на омраза на социјалните мрежи“, „16 Ноември, Меѓународен ден на толеранцијата: избрани текстови“, МАНУ-ОБСЕ, Скопје, 2015, стр.17.

поединци или групи.[17] Со цел да се изврши правилна идентификација на овие дела, при идентификацијата на конкретните насилнички однесувања вниманието треба да се насочи на карактеристиките на групата како жртва, како и на особеностите по кои се разликува жртвата: колективните права, специфичните обележја, природните или замислените обележја и др. Во конкретните членови од КЗ кои содржат инкриминации што се подведуваат во корпусот на дела на говор на омраза (или т.н. „прави" или „специјални" дела), овие обележја на жртвата најчесто се црпат од постоечкиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Најчести во медиумите се формите на текстови на лажни генерализирања – кога се изведуваат заклучоци што се однесуваат на група на луѓе или кога делот лажно се претставува како целина[18]. Вистинските експерти за јазик по долгогодишна пракса можат да ја воочат вистинската идеологија што ја има човекот, а ова преку интерпретација на различни текстуални или контекстуални знаци, како што се: интонацијата, специфичните синтаксички структури, гестови, значење на зборовите во друг контекст или фацијални експресии.

Мотивот за сторување на кривичното дело е во тесна врска со одредувањето на олеснителните и отежнувачките околности – без утврдувањето на мотивот би било невозможно да се примени принципот на индивидуализација на казната. Конечно, утврдувањето на мотивот е неопходно и за правилно поставување на правната квалификација на делото,[19] но важно за предметот на трудот е дека мотивите на делата на говор на омраза припаѓаат на политичките мотиви од ниски побуди, иако некогаш сторителите поради нивната идеологија се во заблуда дека нивните мотиви се од благородна побуда, како на пример кога се настапува во одбрана на својот етнос и

17. По однос на говорот на омраза, најзастапен е офанзивниот говор спрема Ромите, а кој е некогаш замаскиран со кажување на афоризми за „Циганите". Ваквите појави денес во општествените науки се препознаваат како „анти-циганизам". Види: https://en.in-ius.cz/news/overwhelmed-by-anti-gypsyism.html. (10.09.2020).

18. Трајаноски, Ж. и др., Op. cit., стр.71.

19. Мотивите се класифицираат по повеќе основи, па така во прв ред постојат: цврсти и колебливи мотиви; мотиви со целосна автономија на волјата; и мотиви на потчинета волја. Извор: Дагелъ, П., С./Котов, Д., П., „Субъективная сторона преступления и ее установление", Издателъство Воронежского университета, Воронеж, 1974, стр.197.

се осудува друг етнос трансгенерациски – за настани од подалечната или поблиската историја.

Како реален проблем претставува инхибицијата кај жртвите на делата на говор на омраза да ги пријавуваат делата пред надлежните органи, а следствено оттаму произлегува и високата „темна бројка“ за овој вид на криминалитет. Општеството мора да биде способно како сензор правилно да алармира на говорот на омраза, спречувајќи тој да ја измести вистинската природа на дискурсот. Игнорирањето никогаш не е безбедна дистанца од физичкиот напад кој може да следи. Борбата со говорот на омраза треба да се заснова на трислоен пристап: развивање позитивни политики; заштита преку административните и граѓански закони/постапки и предвидување кривични санкции. Секој од овие е незаменлива карика во напорите на општеството за справување со говорот на омраза и заштита на плурализмот и различноста. Позитивната улога на државата во создавање поддржувачка околина за плурализмот и различноста е подеднакво неопходна како и нејзиниот санкционирачки или казнувачки пристап. Дополнително, не сите видови изразувања во опсегот на „говорот на омраза“ бараат примена на казненоправните одредби. Тоа би можело да доведе до прешироко и непотребно ограничување на изразувања од типот на: политичките коментари и дебати, религиските несложувања, коментари или критики, како и уметничките изразувања.[20]

20. Михајлова, Е./Бачовска, Ј.,/Шеќерџиев, Т., „Слобода на изразување и говор на омраза“, ОБСЕ, Скопје, 2013, стр.46.

# Најважната спецификација - мотивот

Согласно законот, субјективната одговорност или вината може да има форма или на умисла или на небрежност. Делата на говор на омраза се умислени дела.

Како подвид на кривичната одговорност која произлегува од казнените дела сторени со умисла се казнените дела сторени преку мас-медиуми (иако најголем број теоретичари нив ги сместуваат во „посебен случај на кривичната одговорност“,[21] а некои пак ги приближуваат до кампусот на дела сторени од небрежност). Науката вели дека, теоретски, кривичната одговорност за делата сторени преку медиуми може да биде каскадна одговорност [22]ако во рамки на тој медиум дејствувале повеќе лица, од типот на: сопственикот, уредникот, авторот, издавачот или печатарот, увозникот или дистрибутерот на медиумски продукти. Но, кога веќе постојат толку протагонисти, сите професионално испреплетени со претходни познавања на својот делокруг, тогаш во најмала рака при нивните дејствија треба да биде релевантна евентуалната умисла, а никако небрежноста како форма на вина. Инаку, во државава не е прифатен принципот на каскадната одговорност, кој е пример во некои странски законодавства. Кај нас станува збор за примена на „принцип на супсидијарна, но сепак – субјективна одговорност“.[23]

Умислата (и тоа особено онаа – директната) и омразата се комплементарни појави. Дури и повеќе, омразата обично тлее подолго време, па таа изродува и предумисла за сторување едно кривично дело, негово долго и грижливо планирање. Омразата, пак, се смета дека претставува издржлива организација на агресивни

21. Види Марјановиќ, Камбовски, Буѓакоски.
22. Види: чл.26, чл.27 и чл.27-а од КЗ.
23. Цитат: Bavcon, Lj. - Šelih, A., “Kazensko pravo - splošni del”, Ljubljana, 1978, str.245.>Марјановиќ, Ѓ., „Македонско кривично право - општ дел“, петто изд., Просветно дело, 1998, Скопје, стр.197.

импулси спрема лице или спрема класа на лица. Со оглед на тоа дека омразата е компонирана од постоечко горчливо чувство и мисли на обвинување, таа претставува тврдоглава структура во менталниот и емотивен живот на индивидуата. Во самата своја природа омразата е екстропунитивна, што би значело дека поединецот смета дека вината за неговата омраза лежи во објектот на неговата омраза[24].

Извршувањето на казненото дело најпрво започнува во менталниот процес, а се перфектуира со физичко дејствие кое се манифестира во надворешниот свет. Во случајот на делата на говор на омраза ова дејствие е вербално. Законот ја детерминира кривичната одговорност да биде условена со одреден квантум на свест и волја. Всушност суштествувачката кривична одговорност ја подразбира конгруентноста на казненото дело и вината. Од вината произлегува и мотивот. Мотивот е онаа внатрешна сила за чие сознание се придонесува кон објаснувањето зошто било преземено одредено дејствие и што сакал сторителот да постигне со тоа дејствие. Мотивот се означува како побуда спрема одредено однесување.[25]

Во праксата е реткост да биде расветлен мотивот со достигнувањето на пресудата на судот. За да би се разјаснил мотивот, потребно е да се земат во обѕир околностите кои претходеле на сторувањето на кривичното дело, околностите кои настанале по неговото извршување и да се земе во обѕир карактерот на сторителот. На крајот треба да се земе во обѕир и начинот на кој било сторено кривичното дело и самиот вид на делото.[26]

Во праксата на полициското работење при расветлување настан постојат бројни индиции, а за секоја индиција се создаваат повеќе верзии на настанот. Верзиите (хипотезите) како образложени

24. Allport, “The Nature of Prejudice” p.363, Извор: Jacobs B. J./Potter, K., “Hate Crimes, Criminal Law & Identity Politics”, Oxford University Press, Oxford, 1998, p.12.

25. Karanović, M., “Utvrđivanje vinosti u krivičnom postupku”, Privredna štampa, Beograd, 1982.str.49.

26. Криминалистиката учи дека без дознавањето на мотивот за сторено казнено дело не е можно да биде целосно дознаена објективната вистина. Но, во трагањето на прашањето „зошто“, не треба да се заборави на патолошките мотиви, како во случаите со клептоманите или пироманите. Види: Vodinelić, V, “Kriminalistika – uđbenik za operativne radnike sluzbi JB I DB, vojnu policiju, javne tuzioce, istražne I raspravne sudije, advocate i druge pravnike, student pravnih fakulteta i aktiviste DSZ, šesto izmenjeno I prošireno izdanje, Naučna knjiga, Beograd, 1987, str.33.

претпоставки не се процесни, туку парапроцесни активности. Доказното градење е довршено тогаш кога би биле елиминирани сите верзии, освен една, која би била апсорбирана во обвинението и на крај, во пресудата.

По однос на криминалистичката поделба по основ на начинот на кој се дознава за подготовката или постоењето на кривичните дела, делата на говорот на омраза спаѓаат во првата група – очигледни кривични дела, со очигледни последици (ако се изземат перфидните шиканирања со еуфемизми).

# Елементот на агресивниот говор

Агресијата на човекот може да биде психичка и физичка. Физичката агресија е насочена кон физичкиот и телесниот интегритет на лицето спрема кого е упатена агресијата. Психичката агресија која е и одлика на говорот на омраза најчесто се остварува преку заканата (vis moralis). Заканата е психичка принуда. Со оглед на тоа што агресијата е својство (нагонска особина на човекот, неспособност на човекот да го контролира своето нагонско), таа кај човекот го преобразува неговото поведение во опасно, криминално и недопуштено. Значи човекот е толку цивилизиран колку што е способен да ги контролира своите нагони и во тој ред и агресијата што се манифестира во речиси сите односи од животот.

На агресијата често и претходи фрустрацијата. Фрустрацијата, пак, се толкува како разни лишувања, јаловости, неприлики или инфериорност на кои е изложен поединецот или некоја социјална групација во текот на животот, од детството до зрелото доба.[27] Фрустрацијата може да биде и несвесна. Таа може да има облик на страв и депресија или анксиозност, но и активни чувства на срдба[28] и омраза, ама тогаш е потребен и надворешниот елемент на лице или група на лица. Фрустрацијата тогаш се претвора во агресија.[29] Според некои лекари, агресијата може да е предизвикана и од фрустрацијата на интелектуална немоќ.[30]

27. https://en.wikipedia.org/wiki/Frustration
28. Овој израз, толковно би имал свој интернационализиран синоним во изразот „ресентимент“ (долго негувана омраза, завист).
29. Supek, Op. cit. str.214.
30. http://kapital.mk/intelektualnata-nemok-ja-aktivira-agresijata/

# Реакции и активности за регистрирање на делата на говор на омраза на невладиниот сектор во државата

Првиот Закон за здруженијата на граѓани и фондациите беше донесен уште во далечната 1998 година[31]. Последниот беше донесен во 2010 година. Во моментов во државата се смета дека се активни околу 600–тина од вкупно регистрирани – 2800 невладини организации. Во ст.4 ст.2 од Законот беше стипулирано дека се забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон „поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост...“ Во 2022 година беа донесени измени на Законот, па беше изменет (проширен) ставот 2 од членот 4[32], а на чл.8 беше додаден нов став 4 со кој здруженијата на граѓани во својот назив не можат да употребат имиња, презимиња, кратенки, псевдоними и иницијали на луѓе кои по која било основа биле или се поврзани со расна, верска, национална, етничка и друга нетрпеливост, нетолеранција, омраза, геноцид, екстерминација, ширење или поддршка на фашизам,

31. “Сл.весник на Р Македонија” бр. 31/98 од 02.07.1998 год.
32. „Се забранува упис на организација и основање на организација ако називот, името, скратеното име, програмата, целите, дејностите и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување воена агресија и разгорување национална, расна, верска омраза или друга нетрпеливост, нетолеранција, омраза, геноцид, екстерминација, ширење или поддршка, поттикнување и одобрување на фашизам, нацизам, национал-социјализам и Третиот рајх, преземање на активности поврзани со тероризам, преземање на активности кои се спротивни на Уставот или на законот и преземање на активности со кои се повредуваат слободите и правата на други лица.“

нацизам, национал-социјализам и третиот рајх[33]. Важен е и чл.65 во кој се предвидува да биде забранета организацијата ако нејзиното дејствување е насочено кон „поттикнување и повикување воена агресија и разгорување национална, расна или верска омраза или нетрпеливост" (Види чл.65 ст.1 алинеја 2).

Со измените во 2022 година се воведе и нова алинеја 6 кон ставот 1 на овој член, па така сега се забранува и доколку „називот, името, скратеното име, програмата, целите, дејностите предизвикуваат расна, верска, национална, етничка и друга нетрпеливост, нетолеранција, омраза, геноцид, екстерминација, ширење или поддршка на фашизам, нацизам, национал-социјализам и Третиот рајх."

Некои од овие НВО се занимаваат и со прашањето на детектирање и борба против говорот на омраза (но тие впрочем се занимаваат и начелно со „медиумската писменост меѓу населението").[34] Во „Хелсиншки комитет за човекови права"[35] (Во натамошниот текст: МХК) во 2022 година беа регистрирани вкупно 145 пријави случаи поврзани со говор на омраза.[36] Инцидентите се објавуваат на интернет-порталот www.govornaomraza.mk.

Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис" веќе е етаблирана организација.[37] Во 2018 година објавија „Прелиминарен извештај"[38] со кој се даде преглед на состојбите поврзани со правните рамки и мерки за борба против говорот на омраза во Македонија во изминатиот и тековниот период, заклучно со 31 декември 2017

33. https://m.mkd.mk/node/478350
34. Види прирачник: https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/so-kritichko-mislenje-do-razoblichuvanje-na-dezinformacii/
35. Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија во декември 2018 година отпочна со спроведување на проектот „Следење на говор на омраза на локално ниво" финансиран од страна на Фондацијата отворено општество – Македонија. Проектот беше со времетраење од 12 месеци.
36. https://mhc.org.mk/reports/vkupno-registrirani-prijavi-na-govor-na-omraza-vo-2022-godina/
37. https://fosm.mk/25-godini-temi/informacii/
38. Достапен на: https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/04/1.3-Preliminaren-izveshtaj-govor-na-omraza.pdf

година[39]. Некои од препораките на „Метаморфозис“ беа и: Владата, во соработка со здруженијата на граѓани, политичките партии, верските организации, медиумите и МАНУ, да изготви долгорочна стратегија за борба против говорот на омраза (вклучително и говорот на омраза онлајн); да преземе конкретни мерки за зголемување на свесноста, преку јавни кампањи, за штетите од говорот на омраза и за постојните механизми за заштита од говор на омраза и да подготвува годишен преглед на сите случаи на говор на омраза кои се регистрирани од Владата, МВР, јавните обвинителства, судовите, Омбудсманот, Комисијата за заштита од дискриминација, МАРнет, ЗНМ, СЕММ и ААВМУ. Предложи и конкретни измени ЗСЗД. „Метаморфозис“ предложи и дополнување на Законот за јавни собири со цел да се забрани повикување и поттикнување на насилство или разгорување омраза по сите основи. Исто така, потсетува на неопходната потреба од обука на функционерите и службениците во надлежните институции во врска со говорот на омраза.

Од останатите НВО во Македонија интересни се апелите на „Цивил“ за санкционирање на говорот на омраза,[40] месечните извештаи на „Нексус Цивил Концепт“ за детекција на дезинформациите, говорот на омраза на медиумите и лажните вести, кој проект е со поддршка од ЕУ,[41] понатаму: реакцијата на „Националниот младински совет“ на Македонија за збирката поезија од проектот „Млади поети“ во 2018 година, како и НВО иницијативата од 2016 година „Навивај без омраза“.[42] Но, најзначајна е улогата на Хелсиншкиот комитет за човекови права на С. Македонија и нивниот веќе споменат веб-сајт – www.govornaomraza.mk, кој е од круцијално значење бидејќи до неодамна беше единствениот инструмент за бележење некакви статистички трендови за говорот на омраза кои тие ги публикуваат

39. Овој извештај беше дел од поширок извештај кој се однесува на состојбите со слободата на интернет, со фокус на слободата на изразување, приватноста и безбедноста во дигиталниот свет, како дел од проектот „Слобода на интернет“ кој го спроведува Фондацијата „Метаморфозис“ во рамки на регионалниот проект „Интернет слобода во Источна Европа и Евроазија“ на Американска адвокатска комора (АБА РОЛИ).

40. https://www.webohrid.com/civil-navivackite-grupi-da-ne-koristat-govor-na-omraza-ili-nasilstvo/

41. https://nexus.org.mk/papers-2/

42. https://akademik.mk/navivaj-bez-omraza-proekt-za-iskorenuvane-na-govorot-na-omraza-za-vreme-na-sportskite-natprevari/

во рамки на нивните „годишни извештаи“,[43] како и во „годишните извештаи за криминалот од омраза“ на ОБСЕ – мисијата во Скопје. Врз основ на овие нивни резултати би можело да се донесат заклучоци за размерите на говорот на омраза кои во државата земаа нагорен тек.

Во мултиетничките општества медиумите имаат круцијална улога кога станува збор за градењето на соживотот. Новинарскиот пристап со кој медиумите ги претставуваат одделните општествени групи, начинот на кој се фокусираат или ги опишуваат негативните појави и процеси, може отворено или суптилно да поттикнува стереотипи и говор на омраза. Затоа не треба да се занемари и придонесот на Здружението на новинари на Македонија како стожер на саморегулацијата на новинарството во државата[44]. „Целта на саморегулацијата не е да биде цензура или да наметне автоцензура, туку да ги поставува и да ги брани принципите на етичкото, точното, објективното новинарство кое ги почитува човековите права, при што целосно се запазува слободата на уредувачката политика што и како ќе биде презентирано од страна на медиумот“.[45] Важни се нивните редовни соопштенија и неколку создадени прирачници за говорот на омраза во медиумите. Освен тоа, нивно авторство е и Кодексот на новинари на Македонија од 2001 година каде во чл.10 од истиот се наведува:

„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална,

43. https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/annual-report-on-hate-crime-2019-mkd-final-1.pdf

44. „Саморегулацијата не значи цензура, ниту пак автоцензура. Се однесува на утврдување минимални стандарди за етичност, точност и заштита на личните права со целосно зачувување на уредувачката слобода на избор на темите за кои ќе се известува и за мислењето кое ќе биде изнесено во јавноста. Саморегулирањето им помага на медиумите да одговорат на легитимните жалби од јавноста и евентуално да ги исправат грешките“, Цит.: „Лексикон на медиумски и правосудни термини“, стр.54, Извор: https://jpacademy.gov.mk/leksikon-na-makedonski-mediumski-i-pravosudni-termini/

45. https://www.webohrid.com/civil-navivackite-grupi-da-ne-koristat-govor-na-omraza-ili-nasilstvo/

јазична, сексуална ориентација, политичка)[46]“.

Дополнително при ЗНМ работи и специјализирано тело „Совет на честа“[47] кој е најстаро саморегулаторно тело на новинарите во Македонија. Неговата основна задача е да се грижи и да ги промовира етичките принципи, критериуми и стандарди на професионалното и одговорно новинарство набележани во Кодексот на новинарите на Македонија. Пред него може да се обрати секој човек или организација кои се засегнати од појавата на непрофесионално и неетичко новинарство. Станува збор за автономна контрола на медиумите, механизам на т.н. саморегулација. Со поднесување претставка за непрофесионални или неточни содржини, граѓаните заедно со новинарите учествуваат во напорите за точна, навремена и професионална информација со што се заштитува слободата на медиумите, слободата на говорот и правото на јавноста на вистина.[48] Постапката се поведува во рок од најмногу 10 дена од денот на пријавата. Советот на честа одлучува полноважно со просто мнозинство, доколку на седницата присуствуваат најмалку 4 членови – советници. Седницата на Советот на честа не е јавна. Советот на честа се состои од 7 членови кои се избираат од страна на членовите на ЗНМ на Изборно собрание. Од неодамна овој Совет почна да носи одлуки во случаи на говор на омраза и истите се грижливо евидентирани и достапни онлајн.

Последно, групата „Промедиа“, формирана од: ЗНМ, Здружението за развој на медиуми ОНЛИМИТ МЕДИА, Стопанската комора на Македонија, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и СЕММ како асоцијација на поголемите приватни медиумски куќи во РСМ (Во неа не влегуваат МРТВ и МИА) во 2020 година успешно го создадоа „Регистарот за професионални онлајн медиуми“.[49] Целта беше да се прикажат оние онлајн медиуми кои

46. https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/
47. Во времето на РСМ ова тело беше именувано како „Суд на честа“.
48. Извор: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Priracnik-za-etika.pdf
49. https://semm.mk/soopshtenija/699-www-promedia-mk

ги исполнуваат облигаторните критериуми на СЕММ[50] да бидат дел од регистарот на професионални онлајн медиуми. Критериумите се поделени на два дела, тоа се облигаторни[51] и необлигаторни. Во моментов постојат и размислувања да се прошират облигаторните критериуми со нов критериум – да постои пречка за влез во Регистарот доколку за одговорното лице на онлајн медиумот постои правосилна изречена казна – Забрана за вршење професија, дејност или должност согласно чл.38-б од КЗ.

Интенцијата беше овој регистар да добие на моќ преку соработката на СЕММ со Стопанските комори во Македонија, а преку Коморите би се влијаело и врз фирмите членки на тие комори за тоа каде, на која интернет-страна тие да вршат поддршка со плаќање комерцијални огласи. Засега не е видлив јасен резултат од оваа стратегија на ЗНМ и СЕММ. Инаку, што се однесува до СЕММ, и оваа организација има т.н. „Совет за етика", но неговите членови (7 на број) се директно делегирани од одговорните лица на големите медиумски куќи за разлика од Советот на честа на ЗНМ каде членовите се бираат на непосредни избори. Советот за етика до сега претежно реагирал со официјални соопштенија по однос на замерки за концептот и содржините на, претежно, телевизиските програми, а ретко по однос на поединечни новинарски прилози, интервјуа или репортажи во кои провејува „говор на омраза" иако статистиката им бележи дека вакви

50. СЕММ е структурирано како и повеќето саморегулаторни тела во светот, каде што постојат: административна канцеларија, жалбена комисија и управен одбор. СЕММ е формиран од над 40 медиуми во 2014 година. За разлика од Судот на честа, кој постапува по жалби против новинари, СЕММ постапува исклучиво по претставки против неетичко однесување на медиуми како правни лица.

51. Облигаторни критериуми:
1. Да имаат наведено веродостоен импресум (уредник, редакција), контакт- податоци и адреса
2. Да го почитуваат Кодексот на новинарите, Повелбата за етичко известување за избори и Статутот на СЕМ
3. Членките да се онлајн медиуми кои редовно објавуваат информативни содржини од јавен интерес
4. Да имаат регистрирано правно лице во Република Северна Македонија и транспарентно да ја декларираат сопственоста
5. Членките да имаат транспарентно финансирање, во согласност со законот
6. Да ги објавуваат одлуките на СЕММ и да се вклучуваат во процесот на медијација
7. На својата страница да постават банер со кој се обврзуваат дека ќе ги почитуваат принципите на Кодексот (и саморегулацијата)
8. Објавените текстови да се потпишани од автор, а доколку се преземени од други медиуми тоа да биде наведено, во согласност со Законот за заштита на авторски права.

случаи имале незанемарлив број (165)[52]. Во иднина ова би можело да се промени и тие да бидат проактивни затоа што и за нив извор и легитимитет дава Кодексот на новинарите од 2014 година.

Позитивната страна на саморегулацијата е тоа што овозможува флексибилност и се појавува во улогата на механизам за заштита од потенцијално вмешување на центрите на моќ во медиумските содржини, а слабост е пак тоа што таа носи само морални санкции и не може да присили на никаква акција без доброволна согласност на медиумот кој го направил престапот. Притоа е добро што се избегнува терминот „корегулација" кој грубо кажано. подразбира просто регистрирање на овие медиуми од страна на државата и нивно оданочување. Ова нешто претставува техникалија и е квалитативно недоволно за да би можело да се припише како грев на државата дека интервенира во овој сегмент.

Инаку процедурално, постапките што ги води СЕММ предвидуваат медијација како прв степен доколку жалбата е основана, при што и во оваа постапка е предвидено извинување и исправка од медиумите, по што Жалбената комисија на СЕММ го смета случајот за затворен. На полето на прифаќање на одлуките на Судот на честа или на СЕММ праксата е слична како и во повеќето земји од регионот, така што во мал број случаи одлуките се прифаќаат од медиумите и транспарентно се објавуваат. Трендот на прифаќање на одлуките во последните години бележи пораст. Најчести прекршители на Кодексот на новинари по кој работаат и двете саморегулаторни тела се онлајн-медиумите. Но, загрижувачки е и податокот дека најголем број од случаите се однесуваат на непочитување на обврската за барање втор извор или втора страна во известувањето, основно правило во новинарството.[53]

52. https://complaints.semm.mk/

53. Извор: https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2019/03/BDT-medijumi_MK-FINAL.pdf

# Спреги, институционални констелации

Во политичкиот систем на РСМ постојат лепеза на институции во извршната и правосудната власт кои имаат законска можност да дејствуваат во борба против говорот на омраза, а за волја на вистината, поголем дел од нив тоа веќе и го прават, некои директно, некои индиректно. Дополнително, овие субјекти би дале придонес кон регистрирањето на делата на говор на омраза. Дури и доколку некои од нив немаат соодветни персонални капацитети (како што ќе може да се заклучи од подолниот текст), тогаш би можеле државните органи да се ползуваат за вакви услуги и од приватниот сектор. Еден сличен пример беше објавен неодамна кога се дозна дека Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и неколку ЈЗУ користеле услуги на архивирање од една приватна скопска фирма, па нема причина зошто таа соработка со други државни релевантни органи да не би се продлабочила и во областа на „регистрирањето и обработка на податоци“ од фирми кои вршат таква дејност.[54]

Во оние кои тоа го прават директно се вбројуваат органите на правосудната власт (ЈО како најважен бидејќи ја води предистражната и истражната постапка), а од органите на извршната власт тоа е, во прв ред, МВР, како и специјализираното тело засновано со ЗААВМУ – Агенцијата за ААВМУ и специјализираното тело за борба со дискриминацијата - Комисијата за заштита од дискриминација, при што за тие две повеќе ќе стане збор подолу.

54. https://sdk.mk/index.php/instagram/rakopisi-stari-po-500-godini-od-institutot-za-makedonski-jazik-so-digitalizatsija-se-spaseni-od-pozhar-i-voda/?fbclid=IwAR3BRYpl0_LDd1iBW20bvKi_AJG_nhxs-uWHxsuhGnlqcLSffAsP_o8WIjw (25,05,2023).

Во оние кои тоа го прават индиректно се истакнуваат: Владата на РСМ, Министерството за образование и наука (Во натамошниот текст: МОН), МАРнет, Омбудсманот и верските заедници.

Што се однесува до Владата на РСМ извесно е дека уште во 2019 година таа направи „План за борба со лажни вести“. Навистина „лажните вести“ како категорија се дел од делокругот на безбедносните политики на владите низ светот бидејќи првенствено спаѓаат во доменот на „специјалните војни“, на пропагандата, на „хибридната војна“[55]. Тоа се информации кои се најчесто „изготвени“ во „кујните“ на разузнавачките и безбедносните служби. Но, сепак, како фрагмент во тој корпус на „лажни вести“ несомнено е дека се провејуваат и информации кои се типичен „говор на омраза“.[56] Следно што направи Владата на РСМ беше формирањето на Акциската група за борба со лажни вести во 2019 година, но истата замре уште непочната со работа, а инаку беше составена од членови – политичари. Со тоа практично не можеше да биде реализиран „Планот“, но тој е с уште актуелен бидејќи беше поставен со издржани и прецизни решенија. По однос на „Планот“ од Владата последно најавија нови напори, а кои ќе бидат реализирани оваа година и со странска поддршка од САД,[57] но и во соработка со НВО секторот.

Се добива впечаток дека во Владата има и недостиг на специјализиран кадар кој би се занимавал со оваа дејност бидејќи и оние малкумина од т.н. класичен сектор за медиа мониторинг, с уште немаат формирано ниту т.н. “Rapid alert system”[58] кој, меѓу другото, би ги следел и „лажните вести“ и би се изработил „Регистар за утврдени и разобличени информации“, а камо ли тело кое би сторило нешто повеќе. Оваа ситуација се очекува да биде брзо надмината со оглед

55. Така лани во САД беше формирано „Владиниот одбор за дезинформации“ кој имаше променлив успех бидејќи брзо по формирањето ја стопираше својата работа. Извор: https://www.washingtonpost.com/technology/2022/05/18/disinformation-board-dhs-nina-jankowicz/ (23,05,2023).

56. Како на пример една неодамнешна колумна во печатен медиум на палестинските власти дека Република Израел намерно го внела корона-вирусот во Палестина. Види: https://www.algemeiner.com/2021/12/23/official-palestinian-newspaper-israel-infected-palestinians-with-covid-19/

57. Види: https://www.mkd.mk/node/513338

58. https://www.eeas.europa.eu/sites/default/files/ras_factsheet_march_2019_0.pdf (25,05,2023).

на геополитичките случувања и настанатата војна помеѓу Руската Федерација и Република Украина, како и брзата и координирана реакција на НАТО државите меѓу кои е и РСМ во контекст на препознавањето и блокирањето на „лажните вести". Во таа идна состојба говорот на омраза би бил само делумно опфатен бидејќи во овие случувања истиот, иако е инхерентен, сепак е од маргинално значење по однос на главната тема – лажните вести.

Потенцијалот на Владата на РСМ за да се впрегне во борбата со говорот на омраза е огромен, но допрва треба да дојдат идеите, а една од нив би била и ползување на јавниот сервис – МРТВ кој би имал специјализирани редовни прилози за детектирање на говорот на омраза кај нас и емисии од типот на "Fact checkers" (проверувачи на фактите) по однос на говорот на омраза сходни на оние кои се прикажуваат на големите јавни (државни) европски телевизиски сервиси како: Euronews, BBC, France 24 и кои добија на гледаност во последните две години. На овој начин би се следел и глобалниот тренд за објективно и професионално новинарство. Досега со оваа дејност кај нас се занимаваат само интернет портали кои потекнуваат од НВО секторот, но за кои се чини дека примарен интерес е геополитиката и кои не го изградија својот кредибилитет и популарност меѓу народот, а од типот на: https://vistinomer.mk/ и Сервисот за проверка на факти на НВО „Метаморфозис"[59]. Дополнително, МРТВ би можела да има и периодични контактни емисии на кои би се пријавувале дела на говор на омраза, по што би следела и јавна дебата со јавувања од страна на граѓаните, во манирот на емисиите на утрински програми што ги имаат големите приватни ТВ куќи во РСМ.

Надвор од темата за „лажните вести", а токму на темата „говор на омраза" за Владата се отвори проблем кога дојде неочекуваното барање од Р Бугарија во 2020 година за нашата држава да се справи со говорот на омраза против Бугарија и Бугарите,[60] а во контекст на бугарското вето кон приемот на РСМ за земја членка

59. https://metamorphosis.org.mk/en/uslugi_arhiva/servis-za-proveka-na-fakti-od-mediumite/
60. https://360stepeni.mk/zaharieva-bugarija-ja-blokira-s-makedonija-poradi-govorot-na-omraza/1

на ЕУ (Отворањето на преговори за прием)[61]. Во таа насока преку Министерството за надворешни работи Владата на Северна Македонија формираше Меѓуресорска работна група задолжена за политичка координација на активностите во однос на мерките утврдени во „Вториот билатерален Протокол за исполнување на Договорот со Бугарија за добрососедство и пријателство од 2017 година“[62], како еден од условите за отворање на преговори на РСМ со ЕУ за прием во членство на чело со министерот за надворешни работи.[63] Понатаму, како поддршка на работата на Меѓуресорската работна група, беа формирани тематски подгрупи во следните области: говор на омраза, рехабилитација на жртвите на репресија во периодот на комунистичкиот режим, спроведување на препораките усвоени од Комисијата која работи на историски прашања како и во областа на заштитата од дискриминација. Министерот за надворешни работи истакнал дека активно се работи на обврските што ги презела РСМ со „Протоколот“ и наскоро ќе биле „презентирани резултатите на архиви, учебници, говор на омраза и против дискриминација“[64]. Што се однесува до МОН, треба да се истакне повеќегодишниот проект на ова министерство за „Медиумска писменост“ кој резултираше со новиот концепт за основно образование кога во 2021 година „медиумската писменост“ стана дел од овој концепт, па се воведе како основа за препознавање на тоа: што се точни информации, а што – лажни вести[65]. Реализацијата беше најпрвин со обуки на наставниците во 2022 година,[66] а веќе во 2023 година

61. Иако и самата Р Бугарија на планот на борба со говорот на омраза не си ја „завршила домашната работа“. Види: https://bntnews.bg/news/ek-zapochva-procedura-sreshtu-balgariya-zaradi-borbata-s-rasizma-i-ezika-na-omrazata-1096561news.html

62. https://sdk.mk/index.php/makedonija/tselosen-tekst-na-protokolot-so-bugarija-shto-deneska-go-potpishaa-osmani-i-genchovska/

63. Формирана е на почетокот на 2023 година Меѓуресорска работна група составена од претставници на ААВМУ, КСЗД, ЈОРСМ, МВР и МНР. Во неа активно учество заземаат еден јавен обвинител и еден претставник од Одделението за јавност на ЈОРСМ. Имаат чести состаноци по однос на горенаведениот проблем со Р Бугарија (меѓу нив и фамозаниот предмет „Пендиков“, па пожелно е да го прошират својот интерес и на останатите случаи на говор на омраза како кривично дело.

64. https://www.slobodnaevropa.mk/a/32120617.html

65. Иако во 2008 година во наставната програма за Македонски јазик за основно образование веќе имаше еден предмет со сличен назив, но различна содржина, а имено – Медиумска култура. Во рамки на овој предмет беа предвидени да се исполнуваат 10 часа за спознавање на филмската, анимираната и друга визуелна уметност.

66. https://mim.org.mk/mk/novosti/1348-nad-100-nastavnici-od-osnovnite-uchilishta-go-zavrshija-prviot-del-od-obukata-za-mediumska-pismenost-3

„медиумската писменост стана дел од програмата за Македонски јазик за VI одделение со предвидени вкупно 20 часови. Во генезата на оваа новина беше проблемот со изложеноста на младите постојано на информации-теории на заговор кои ги имаше и по социјалните мрежи и по порталите и на телевизиите во време на пандемијата со КОВИД–19[67].

Во реализацијата на обуките помогна државното „Биро за развој на образованието“ кое организираше вебинари за наставниците за запознавање со материјата, а пак, од НВО секторот веќе неколку години најактивна е „Институтот за комуникациски студии“ кои направија извонредни прилози за „медиумската писменост“ на нивниот интернет-портал https://medium.edu.mk. Од НВО „Институт за човекови права“ во 2021/2022 година беше спроведен проект меѓу учениците со поддршка на Германската амбасада во Скопје насочен кон препознавање и борба со говорот на омраза[68]. Најзначајно е тоа што во гореспоменатата програма јасно и децидно е наведено дека во „стандардите за оценување“ ќе биде и „препознавањето на личните навреди и клевети во онлајн комуникацијата“, како и „препознавањето говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи. Меѓу целите на програмата е и таа: „Ученикот/ученичката да разбира и прифаќа дека во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници.“[69]

67. https://skopjeinfo.mk/carovska-mon-raboti-na-voveduvanje-mediumska-pismenost-vo-nastavnite-sodrzhini
68. https://ihr.org.mk/mk/realizirani-proekti/zashtita-od-diskriminacija-buling-i-govor-na-omraza (23,05,2023).
69. Стр.5 од Програмата.

Интересни се и дидактичките методи за реализација на оваа цел[70].

Се разбира од МОН јавноста очекува и да реагира навремено доколку во наставните содржини постои и „говор на омраза“, односно содржини кои би можеле да поттикнат нетолеранција или омраза и истиот навремено да ги отстрани. Во дополнение за да би била целосна сликата, помага и фактот дека во државата започнаа да се одбележуваат и „Деновите на медиумската писменост“ кои лани беа од 25 октомври до 1 ноември.[71]

70. Учениците, поделени во 5 групи, влечат по една од комплетот картички на кои се напишани (по едно на секоја картичка): РАСА (белци, црнци и други), ПОЛ/РОД (момче, девојче, жена, маж), ПРОФЕСИЈА (полицајци, лекари, наставници и други), ВОЗРАСТ (постари, помлади, тинејџери), ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВО (ќерка, син, мајка татко, баба, дедо). Секоја група треба, на голем лист хартија, да опише (со зборови и преку цртеж) како луѓето на избраната картичка се прикажани во медиумите (во филмовите, играните серии, рекламите) – како изгледаат, како се однесуваат и какви особини имаат. На друг лист хартија треба и да наведат примери од медиумите во кои го виделе тоа (кој филм, серија, реклама). По завршување на работата, секоја група (една по една) ги закачува своите листови со описите и примерите на ѕид и ја презентира својата работа пред другите. По секоја презентација учениците од другите групи дополнуваат со свои примери и заеднички се констатира каков опис доминира во медиумите. Наставникот ги запишува на табла сите наведени описи што се совпаѓаат со вообичаените стереотипи за групите (пр.: Црнците се криминалци, продаваат дрога; Бабите се грижливи, прават пита, не се дотеруваат; Момчињата се храбри, силни, не плачат). Наставникот ги користи описите запишани на таблата за да го дефинира поимот стереотип (карактеристика што им се припишува на припадниците на одделни групи) и да укаже на видовите стереотипи што се определени со групите на кои се однесуваат (расни, родови, професионални, возрасни). Притоа, описите на членовите на семејството се поврзуваат со родови и возрасни стереотипи. Во рамки на секоја група, секој ученик треба да наведе пример на конкретно лице што го знае, а што е различно од стереотипот и да ги наведе неговите/нејзините карактеристики што го/ја прават да се разликува од стереотипот. Групите ги презентираат своите примери. Во отворена дискусија се заклучува дека медиумите главно нè тераат да ги гледаме сите припадници на една група како да се исти (според стереотипот), иако многу од нив се разликуваат од стереотипот. Се води отворена дискусија за да се објасни како родовите стереотипите во медиумите се пренесуваат и на социјалните мрежи: (1) Колку некој (момче или девојче) што е различен од стереотипот се чувствува слободен да се прикаже во вистинското светло?; (2) Како би реагирале другите доколку се прикаже во поинакво светло; (3) Кои се последиците од тоа?. Заеднички се заклучува за негативните последици од ширењето родови и друг вид стереотипи преку медиумите и на социјалните мрежи. Од групите се бара да подготват предупредување што би се ставило пред филмот, серијата или рекламата што ги поттикнуваат стереотипите кон определена група, по принципот на предупредувањето што го има на цигарите: Пушењето убива – да смислат една ударна реченица која укажува на последицата од присуството на конкретниот стереотип.

71. https://mediumskapismenost.mk/denovi-na-mediumska-pismenost-2022/ (25,05,2023).

Меѓу органите каде природно треба да се канализираат информациите и статистичките податоци за делата на говор на омраза предничи Државниот завод за статистика.[72] Државниот завод за статистика е стручна и самостојна организација во рамките на државната администрација во Република Северна Македонија. Основни функции на институцијата се прибирање, обработка и дисеминација на статистички податоци за демографските, социјалните и економските појави во македонското општество. Освен тоа, Државниот завод за статистика е основен носител и координатор на статистичкиот систем на земјата, тој е одговорна институција за меѓународната соработка во областа на статистиката, како и за дефинирање на статистичките методологии и стандарди и за обезбедување заштита на индивидуалните податоци што се прибираат од индивидуални лица и од правни субјекти. Во статистичките категории кои ги води Заводот е опфатено и правосудството, но за жал таму, во т.н. електронска база на податоци „Макстат" нема конкретна статистика по однос на делата на говор на омраза како група на кривични дела.[73]

И омбудсманот не треба да биде прескокнат во мрежниот приказ на релевантните органи кои треба да се во спрега со останатите, а со цел сузбивање и регистрирање на говорот на омраза. Народниот правобранител посветува особено внимание за заштита на начелото на недискриминација и формира „Одделение за заштита на граѓаните од дискриминација". Сепак, освен ретките укажувања во јавноста за присутноста на говорот на омраза, Народниот правобранител (НП) не третира случаи на говор на омраза како форма на дискриминација во годишните извештаи. Исклучок од оваа практика е извештајот од 2010 каде што НП укажува на еден случај на говор на омраза, без навлегување

72. Државниот завод за статистика својата дејност ја реализира во согласност со Законот за државната статистика (1997, 2007, 2011, 2013, 2014, 2015, 2016, 2018 и 2020) заедно со другите учесници во статистичкиот систем на државата дефинирани со Програмата за статистички истражувања, 2023-2027.

73. https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__PrijaveniPolnoletniStoriteli/102_SK1_Mk_T3a_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

во деталите на случајот.[74] За жал ваквиот тренд се задржа и до ден-денес, видно од последниот Извештај на Омбудсманот за 2022 година во кој се наведува дека во 2022 година биле забележани зголемен број на претставки кои се однесувале на заштита на дискриминација (76), дури 33 повеќе отколку во 2021 година, но не се наведува дали во тие случаи имало и присутен говор на омраза.[75]

По прашањето за навремено реагирање, пријавување и регистрирање на говорот на омраза не треба да бидат игнорантни ниту верските заедници. Нивната позиција во РСМ се регулира со Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група[76] (и покрај тоа што Македонија е секуларна држава). Воедно слободата на вероисповед е и уставна категорија. Оттаму верските заедници имаат морална обврска да дадат придонес. Но, за нив постои и законска обврска во чл.4 од Законот во кој се стипулира: „Не е дозволена верска дискриминација. Верското убедување не го ослободува граѓанинот од обврските што како граѓанин ги има според Уставот, законите и другите прописи, освен ако тоа со закон или друг пропис поинаку не е уредено." Во европските демократски држави стана актуелно и прашањето дали е потребно да се воведе задолжителна државна регистрација на верските проповедници, со цел да се превенираат проповеди на верски лица преполни со говор на омраза.[77] Во оваа насока треба да размислува и РСМ.

74. Извор: „Прелиминарен извештај на тема правни рамки и мерки за борба против говорот на омраза", Фондација за интернет и општество „Метаморфозис", 2018, стр.14. ЛИНК: https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/04/1.3-Preliminaren-izveshtaj-govor-na-omraza.pdf
75. Види стр.82 од Извештајот. Извор: https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2022/GI-2022.pdf
76. ((Сл. весник на Рм бр.113/07 и бр.81/08).
77. https://www.dw.com/en/austria-calls-for-european-register-of-muslim-imams/a-56114597

# МАРне

Македонската академска истражувачка мрежа (Во натамошниот текст: МАРнет) претставува јавна установа која врши дејност од јавен интерес и е формирана во 2010 година.[78] Таа има бројни надлежности во рамки на интернет-сообраќајот во државата[79] и досега беше неблагодарно нејзиното запоставување и исклучување од сплетот на државни органи кои имаат овластувања да делуваат во борба со говорот на омраза, како и да прибавуваат податоци – да го регистрираат говорот на омраза. Можеби за првпат во фокусот на јавноста ова тело дојде со неодамнешната одлука на Основниот

78. Службен весник на РМ, бр. 124 од 20.09.2010 година.
79. МАРнет ги врши следниве работи и задачи:
- ја води затворената телекомуникациска мрежа;
- го поттикнува развојот на затворената телекомуникациска мрежа;
- планира, организира и управува со врските меѓу корисниците на телекомуникациските услуги;
- ги води, управува и изведува работите за набавка и изнајмување на потребната програмска, материјална и комуникациска опрема;
- организира и изведува обуки и дава стручна помош на корисниците на телекомуникациските услуги;
- управува со македонскиот домен (домен .mk)
- обезбедува членство и соработка со соодветни меѓународни организации;
- врши компјутерски активности поврзани со истражување и експериментален развој во природните и во техничко-технолошките науки;
- врши работи поврзани со софтвер (подготвува, издава, дава консултации);
- врши консултации во врска со хардвер;
- води база на податоци и обработува податоци;
- води единствен Регистар на регистрирани поддомени во МК-доменот (во натамошниот текст: Регистарот);
- одржува телекомуникациски системи во затворената телекомуникациска мрежа;
- врши издавачка дејност поврзана со остварувањето на телекомуникациските услуги;
- врши работи кои се однесуваат на репродукција на компјутерски медиуми;
- врши услуги на затворената телекомуникациска мрежа за изведување на програмите на образовните дејности;
- врши работи кои се однесуваат на поврзување на затворената телекомуникациска мрежа на корисниците на телекомуникациските услуги;
- обезбедува стручно и техничко поврзување со сродни телекомуникациски мрежи во странство;
- воспоставува, одржува и развива соработка со други телекомуникациски мрежи во Република Македонија и во странство и
- врши и други работи утврдени со закон.

кривичен суд Скопје[80] во предметот против Марјан Стаменковски, како одговорно лице на порталот „Доказ.мк“ за неколку кривични дела, а меѓу кои и Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем од чл.394-г ст.1 од КЗ, при што токму МАРнет беше задолжена од Судот да ја спроведе казната – Забрана за вршење професија, дејност или должност од чл.38-б од КЗ, со која на обвинетиот му се забрани да врши регистрација на домен и да се јави како регистрант или сопственик на портал регистриран во МАРнет за време од 10 години.

МАРнет работи не само по основ на Законот, туку и по основ на подзаконски акти, од типот на: Правилникот за организација и управување со врвниот мак .МК домен и врвниот мак .МКД домен од 21.05.2014 година, Одлуката за утврдување на општи услови за работа на регистрар од 27.11.2015 година и Правилникот за општи правила за пристап и користење на затворената телекомуникациска мрежа на МАРнет и телекомуникациски услуги од 2017 година во кој во чл.2, чл.6 и чл.18 алинеја 15 е изречно пропишано дека претставува „недозволено користење“ доколку некој субјект-образовна институција, како МАРнет корисник на Затворената телекомуникациска мрежа (Моментално составена од дузина високообразовни институции и научни институти, исклучиво во државна сопственост) „шири национална, верска, расна или полова дискриминација, омраза и нетрпеливост или други активности кои навредуваат, клеветат или вознемируваат поединци или цела група луѓе, како што се закани, повреда на религиозни, етнички, политички или други уверувања и сл.“ Во тој случај МАРнет самоиницијативно има право и да го исклучи корисникот од користењето на услугите согласно чл.6 од Правилникот. Досега немало ваков пример во праксата на МАРнет.

Но, ова нешто не се однесува и на корисниците на редовните македонски .mk домен и врвниот македонски .мкд домен, видови поддомени во .mk и .мкд домените. Од друга страна регистрирањето на овие домени согласно чл.19 од Правилникот за организација и управување со врвниот мак .МК домен и врвниот мак .МКД домен од 21.05.2014 година МАРнет ги пренесува на регистрарите кои се 15-тина приватни фирми кои работаат по принципот Прв дојден, прв услужен,

80. К бр.429/23 од 04,04,2023 година.

а со кои пак МАРнет склучува договор за соработка согласно чл.7 од Одлуката за утврдување на општи услови за работа на регистрар од 27.11.2015 година во кој пак договор можат да се обврзат регистрарите да бараат од регистрантите да депонираат изјави дека нема да практикуваат говор на омраза на нивните веб-страници; дека ќе бидат проактивни во бришењето во разумен рок на таквите коментари, како и дека ќе се стремат да ги достигнат „Обврзувачките критериуми“ на гореспоменатиот „Регистар за професионални онлајн медиуми“. Но, ова нешто е мерка која би била корисна по однос на превенцијата на говорот на омраза, а што се однесува, пак, до самиот процес на регистрирање на говорот на омраза, тогаш за МАРнет не постои директна законска обврска да го прави истото иако е должно да „води база на податоци и обработува податоци“ без посебно назначување за тоа за какви податоци треба да се работи. Во овој дел можеби треба да постои и укажување и помош од страна на Министерството за администрација и информатичко општество кое врши надзор над работата на МАРнет согласно чл.19 од Законот за МАРнет, бидејќи сепак станува збор за државно тело кое има малоброен персонал (7 вработени) и каде недостасува технички кадар.

На крајот, апропос воведниот дел посветен на овој јавен орган, се истакнува и несомнениот значаен придонес кој МАРнет го дава во санкционирањето на говорот на омраза и планот на специјална и генерална превенција, а во поглед на законското задолжение од 29 од Правилникот за организација и управување со врвниот мак .МК домен и врвниот мак .МКД домен од 21.05.2014 година, каде се стипулира: „МАРнет има право да измени било какви информации за домен или да избрише домен врз основа на правосилна судска одлука или одлука на надлежните органи. Кога е потребно, за да се зачува техничката стабилност на интернетот, МАРнет може по претходно известување на регистрантот привремено да го деактивира доменот до отстранување на причината за тоа.“

По однос на сите споменати државни органи најважна е обврската која е пропишана со чл. 273 од ЗКП за пријавување на кривични дела по службена должност, а меѓу кои се и специјалните облици на „говор на омраза“. Во истиот член е пропишана и дополнителната обврска за државните органи да ги наведат и доказите и да преземат мерки

за да се зачуваат трагите од кривичното дело и предметите што биле употребени во неговото извршување или настанале од извршувањето и други докази.

# Легислатива

Македонскиот Устав ги гарантира слободата на уверувањето, совеста и мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање, слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување информации, како и правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Во Македонија слободата на медиумите е неприкосновено право[81]. Куриозитетно и периферно на темата за говор на омраза, единственото место во Уставот каде што се сретнува терминот „омраза" е во членот 20[82].

По однос на пообемните законски акти, за говорот на омраза се релевантни и Кривичниот законик и Изборниот законик. За првиот повеќе ќе стане збор подолу, но во поглед на Изборниот законик е значајно тоа што истиот најмногу доаѓа до израз непосредно пред да бидат спроведени изборите во државата во кампањите, а кога всушност и се забележува интензивиран говор на омраза. Сепак, во истиот не се обраќа посебно внимание на говорот на омраза иако медиумите се цврсто регулирани со цел да создадат „избалансирано медиумско претставување" на политичките партии кои се борат за власт (Види чл.75 од Законикот), а говорот на омраза секако е дијаметрално спротивен на „избалансираното претставување". Инаку надлежностите за надзор врз медиумите Законикот ги доделува на Агенцијата за ААВМУ за која следно ќе стане збор (Види чл.76-в). Тука мора да се забележи дека улогата на ДИК мора да е поактивна во случаите на забележан говор на омраза помеѓу партиите во

81. Во чл.16 од Уставот се пропишани нормите по однос на новинарството. Се толкуваат на начин што новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и вистинито да коментираат. Тие треба да бидат чесни, објективни и точни и да ги почитуваат етичките вредности и професионалните стандарди. Извор: „Клевета и навреда во кривичните постапки против новинари", Коалиција Сите За Правично Судење, Декември, 2006, Скопје, стр.11.

82. „Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост."

кампањите. Пред неколку години во една наша блиска земја (БиХ) токму ова тело (Централна изборна комисија) упати предупредување до политичките партии дека ќе ги процесира до надлежните органи сите случаи на користење на националистичка и антидржавна реторика во предизборната кампања. Ова нешто резултираше со „покротка“ кампања[83].

Уште еден акт инхерентен на плурализмот е значаен, а тоа е Законот за политичките партии[84]. Во чл.3 алинеја 3 од истиот е предвидено дека „Програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии не можат да бидат насочени кон разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост, етничка нетрпеливост, нетолеранција, омраза, геноцид, екстерминација, ширење или поддршка на фашизам, нацизам, национал-социјализам и Третиот рајх или повикување на личности и настани од минатото поврзани со фашизам, нацизам, национал-социјализам и Третиот рајх.” За истово е предвидена и прекршочна одговорност за политичката партија како правно лице (глоба во износ од 800.00 до 4.800,00 евра), а согласно чл.40 од Законот. Постапката, пак, за забрана на политичката партија доколку е прекршена одредбата од чл.3 од Законот е регулирана во чл.33–37 од Законот, а се поведува од страна на јавниот обвинител, но во парнична постапка (Види чл.33 од Законот). Во однос на статутите на политичките партии се дава и прецизирање на ограничувањата во таа насока, а согласно чл.16 ст.5 од Законот: „Името и ознаките на политичката партија не смеат да содржат симболи, зборови, кратенки кои предизвикуваат расна, верска, национална, етничка и друга нетрпеливост, нетолеранција, омраза, геноцид, екстерминација, ширење или поддршка на фашизам, нацизам, национал-социјализам и Третиот рајх[85].“

Од значење за борбата со говор на омраза се и „помалите“ закони, од типот на: Законот за ААВМУ, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за прекршоци против јавен ред и мир,

83. Извор: Radosavljevic, P., “Govor mrznje u Bosni i Hercegovini”, Anali poslovne ekonomije, br.13, 2015, str.68, Достапно на: https://doisrpska.nub.rs/index.php/APEPIMBL/article/view/5818 (25,05,2023).

84. Сл. Весник на РМ бр.76/2004.

85. Закон за изменување и дополнување на законот за политичките партии од 02,11,2022 година.

Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортски натпревари, Законот за пробација и Законот за извршување на санкции, но за сите нив ќе стане повеќе збор подолу.

# Осврт кон состојбата со медиумите во Македонија низ призма на законот за агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и законот за медиуми

Според теоретичарите, под „медиуми и медиумски простор“ се подразбираат: интернет-порталите, печатот, радио и телевизиските информативни емисии и социјалните мрежи[86]. Генерално во Р С. Македонија не постои посебен закон со кој е комплексно уредена обемната материја на јавното информирање, туку тоа е направено партикуларно. Со усвојувањето на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, Европската унија презеде конкретни активности за постапување во врска со говорот на омраза во аудиовизуелните медиумски услуги. Во член 6 од Директивата е наведено дека властите во секоја земја членка „мора да се погрижат, со соодветни средства, аудиовизуелните медиумски услуги обезбедени од страна на давателите на медиумски услуги под нивна надлежност да не содржат какво било поттикнување на омраза базирано на раса, пол, религија или националност.“ Ова подразбира и да дејствуваат против каналите кои користат сателитска врска (uplink) во земја на ЕУ и сателитски капацитет кој се користи за емитување говор на омраза од страна на каналите лиценцирани во други земји од ЕУ. Во декември

86. Poljak, M./ Hadžić, J./ Martinić, M. “ Govor mržnje u hrvatskom medijskom prostoru”, In Medias Res, Zagreb, 2020, str.2716. Достапно на: http://www.centar-fm.org/inmediasres/index.php/marko-poljak-jelena-hadzic-i-masa-martinic-govor-mrznje-u-hrvatskom-medijskom-prostoru (22,05,2023).

2013 г., Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги беше транспонирана во новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РСМ (ЗААВМУ). Инаку, во ЕУ-извештајот за напредокот на Македонија од 2018 година е подвлечено дека „законската рамка е широко усогласена со европското законодавство и со меѓународните стандарди“ (Тука се мисли како на ЗААВМУ, така и на Законот за медиуми).

Во член 4 од Законот[87] за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (понатаму во текстот: „ЗААВМУ“) се наведува дека „надлежно тело за прашањата кои се предмет на овој Закон е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“ (понатаму во текстот: Агенцијата).

Во член 48 ст.1 од Законот, се регулирани посебните забрани за „говорот на омраза“. Оваа одредба гласи:

„Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус, или која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор“.

Во член 48, став 2, е наведено дека: „Посебните забрани од ставот (1) од овој член ќе бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.“ Оваа одредба ја овластува Агенцијата да го користи прецедентното право на Европскиот суд за човекови права во секоја одлука која ќе ја донесе.

87. Закон за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ, бр. 247 од 31.12.2018 година).

Понатаму, во член 6 е утврдено дека Агенцијата има надлежност, меѓу другото, да „презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите."

Агенцијата во нејзиниот „Водич за мониторинг на говорот на омраза", самите констатираат дека „Ова дава јасно овластување за ААВМУ (агенцијата) да реагира при прекршувањето на кој било член од Законот, вклучително и член 48 и идентификацијата на ,говорот на омраза'". [88]Ова е комплементарно и со прекршочната одредба од чл.147 од Законот која беше релативно доцна внесена во Законот од страна на законодавецот, а каде сега во став 1 е пропишана глоба во износ од 1.000,00 до 5.000,00 евра во денарска противвредност доколку субјектот „емитува и создава програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст,семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус, или која било друга основа."[89] Дополнително, во Законот постои и прецизно регулиран дел за преземање мерки за навремено прекинување на преносот и приемот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од трети земји на територијата на Република Македонија во согласност со член 45 од овој Закон.

И покрај законскиот претпоставен статус на Агенцијата како јавен и транспарентен државен орган, не постојат јавно достапни податоци за тоа колку прекршочни постапки повела Агенцијата поради прекршување на чл.48 од Законот и како е епилогот по нив. Во

88. Водич за мониторинг на „говорот на омраза", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, стр.19.
89. Чл.147 ст.1 т.10 од Законот (Сл. весник на РСМбр.248/2018).

согласност со член 7 од Законот, „работењето на Агенцијата поблиску се уредува со Деловник за работа на Агенцијата“. Согласно алинеја 5 од ст.2 од овој член Агенцијата може да ја развие постапката за донесување подзаконски акти и други акти кои произлегуваат од овој Закон, што повторно може да биде подзаконски акт за дополнително регистрирање на „говорот на омраза“ и обработка на тие податоци, како и да формира посебен Сектор за водење на статистика кој сега недостасува[90]. Инаку, согласно член 23 од Законот Агенцијата, освен донесување предлог за поведување прекршочна постапка, има на располагање и друг тип на санкции, како на пр.: 1) давање јавна опомена, 2) одземање на дозволата или 3) спроведување на постапка за бришење од регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги или од регистарот на радиодифузери.

Проблемот со кој Агенцијата се соочува е нејзината пасивност. С уште се издржани силните забелешки од Владата на РСМ, кога во Воведот на Предлог законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од февруари 2018 година беше наведено: „...отсуствува политички плурализам во медиумите, зачестен е говорот на омраза во медиумите, додека Агенцијата за медиуми е само нем сведок на овие негативни појави“.

Но, ако ништо друго, тогаш барем горенаведениот чл.48 од Законот за АААВМУ е конзистентен со чл.4 ст.1 од „Законот за медиуми“ со кој е забрането со објавувањето, односно емитувањето содржини во медиумите да се загрозува националната безбедност, да се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, да се повикува на воена агресија или на вооружен конфликт и да се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.[91] Во Законот не е предвидена прекршочна одговорност заради дејствување во спротивност или пак глоба. Но, овој Закон не ги третира онлајн медиумите како медиуми. Ова претставува проблем во праксата и создава огромен простор за ширење на говорот на омраза на интернет, како што е впрочем случајот и со ЗААВМУ со кој се уредуваат

90. https://avmu.mk/strucna-sluzba

91. Во став 2 од членот се стипулира: „Посебните забрани од став 1 од овој член да бидат во согласност со практиката на ЕСЧП“.

правата, обврските и одговорноста на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.

# Домашното кривично законодавство

Во анализата станува збор за говорот на омраза како казненоправен феномен. Беа наведени неговите криминолошки аспекти, но со оглед на тоа дека е нов феномен, се очекува наскоро да бидат проширени тие аспекти. Иако нов феномен, сепак меѓународните судски инстанции веќе имаат изградено став и пракса за третманот на говорот на омраза, а ова особено се однесува на ЕСЧП.[92] Дури и повеќе, оваа пракса помогна во класифицирањето на говорот на омраза, како според заштитеното добро, така и според модус операнди. Така, не е исто доколку говорот на омраза бил пласиран во меана, или пак во јавност – преку традиционалните медиуми или преку интернет-социјалните мрежи.

Во македонското законодавство постојат одредби коишто го криминализираат говорот заради неговата посебна содржина. Казненоправните забрани на говорот на омраза се фокусирани на инкриминирање на злоупотребите на слободата на изразување што се состојат во: поттикнување насилство или други повреди на еднаквите слободи и права; или изразување на дискриминаторски однос кон другите. Кривичните дела во кои е инкриминиран говорот на омраза во КЗ на РМ се: Загрозување на сигурноста од чл.144 ст.3 и ст.5, „Излагање на подбив на македонскиот народ и припадници на заедниците“ од чл.179, „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“ од чл. чл.319, „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ од чл.322–а ст.4, „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на

92. Но меѓу теоретичарите постојат и уважени критичари на работата на Судот кои особено ги напаѓаат „двојните аршини“ на Судот при одлучувањето во случаи на говор на омраза, особено кога биле нападнати субјекти кои ја симболизирале државната власт, а поради неговото пластично толкување на „злобната тенденција“ или „ризикот за физичко насилство“ како критериум. Види повеќе: Sottaux, S., “Conflicting conceptions of hate speech in the ECtHR`s case law”, German law journal (2022), pp.1193-1211.

компјутерски систем“ од чл.394-г, „Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства“ од чл.407- а и „Расна и друга дискриминација“ од чл.417 ст. 3 од КЗ.[93] Во надополнување на КЗ како кодификација од областа на материјалното кривично право се наоѓаат и процесните закони преку кои се отелотворува материјално-правниот пропис, од типот на: ЗКП, Законот за извршување на санкциите и Законот за пробација, за кои повеќе ќе стане збор подолу.

Во домашното законодавство спаѓаат и меѓународните акти, ратификувани во согласност со закон, а како најрелевантен меѓу нив во делот на: говорот на омраза сторен онлајн, е Конвенцијата на СЕ за киберкриминал која содржи материјални, процесни и норми за меѓународна соработка. Одредбите се внесени и во македонското материјално законодавство и тоа главно во делот на Општиот дел од КЗ каде што се дефинирани основните поими за овој вид на криминал, како и специфични конкретни кривични дела, но за кој повеќе ќе стане збор подолу.

Домашната правна рамка која ја регулира областа на компјутерскиот криминал ги вклучува: КЗ, ЗКП, Законот за електронските комуникации[94], Законот за следење на комуникациите[95], Законот за електронска трговија[96], Законот за електронско управување[97], Законот за парнична постапка,[98] Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис[99] и Декларацијата за побезбеден интернет.

Во светски рамки постојат повеќе принципи на инкорпорирање на овие норми во домашните законодавства, како на пример во Романија и Тахити[100] каде нормирањето на оваа проблематика е направено со посебен закон во кој се содржани и материјално-правни и процесно-

93.Сè уште постои разногласие меѓу теоретичарите дали во оваа група на дела би требало да се сместат и делата од чл.178 и чл.181 од КЗ.
94. Сл. весник на РМ бр.13/2005, 14, 55/2007, 98/2008, 83/2010, 13, 59, 123/2012, 23/2013
95. Службен весник на РМ бр.121/2006, 110/2008, 4/2009, 116/2012.
96. Службен весник на РМ бр.133/2007, 17/2011.
97. Службен весник на РМ бр.105/2009, 47/2011.
98. Службен весник на РМ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010.
99. Службен весник на РМ бр.34/2001, 98/2008.
100. Прирачник за практичари „Компјутерски криминал“, Op. cit., стр.8.

правни одредби, целосно издвоени од конвенционалните казнени закони. Домашното законодавство го задржува континенталниот пристап и нормите кои ја регулираат оваа материја се внесени во постојните закони. Материјалните одредби за кривичните дела од областа на компјутерскиот криминал се содржани во КЗ и се однесуваат на 20-тина кривични дела,[101] како и на член 122 – Дефинирање на основни сегменти на компјутерскиот криминал, со следните точки: точка 15 – платежни картички,[102] точка 24 – детска порнографија,[103] точка 26 – компјутерски систем[104] и точка 27 – компјутерски податоци[105].

101. член 144 – Загрозување на сигурноста, член 147 - Повреда на тајноста на писмата или други пратки, член 149 – Злоупотреба на лични податоци, член 149-а – Спречување на пристап кон јавен информатички систем, член 157 – Повреда на авторско право и сродни права, член 157-а - Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сателитски сигнал, член 157-б – Пиратерија на аудиовизуелно дело, член 157-в – Пиратерија на фонограм, член 193 – Покажување на порнографски материјал на дете, член 193-а – Производство и дистрибуција на детска порнографија, член 193-б – Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години, член 251 – Оштетување или неовластено навлегување во компјутерски систем, член 251-а – Правење и внесување на компјутерски вируси, член 251-б – Компјутерска измама, член 271 – Правење, набавување или отуѓување средства за фалсификување, член 274-б – Изработка и употреба на лажна платежна картичка, член 279-а – Компјутерски фалсификат, член 286 – Повреда на правото од пријавен или заштитен пронајдок и топографија на интегрални кола, член 394-г – Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем.

102. Под платежни картички се подразбира секаков вид на средства за плаќање издадени од страна на банкарски или други финансиски институции кои содржат електронски податоци за лица и електронски генерирани броеви со кои се овозможува вршење на каков било вид на финансиска трансакција.

103. Под детска порнографија се подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник или повозрасно лице кое изгледа како малолетник, или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба.

104. Под компјутерски систем се подразбира било каков уред или група на меѓусебно поврзани уреди од кои еден или повеќе од нив, врши автоматска обработка на податоци според одредена програма.

105. Под компјутерски податоци се подразбираат презентирање на факти, информации или концепти во облик погоден за обработување преку компјутерски систем, вклучувајќи и програма подобна компјутерскиот систем да го стави во функција.

# Домашното прекршочно законодавство

Откако веќе беше елаборирано за ЗААВМУ, следен акт кој е важен да се спомне од аспект на слободата на говорот е Законот за слободен пристап кон информациите од 2019 година.[106] Претходно беше на сила Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.[107] Во новиот закон е пропишано дека се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Имателите на информации (државните органи), пак, за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста (Види чл.2 од Законот). Се подразбира дека постојат и класифицирани информации и информации кои според својата природа не треба да се споделуваат, но затоа во чл.37 од Законот се стипулира дека: „Се ослободува од одговорност вработен кај имателот на информации кој ќе даде заштитена информација, доколку таа е од значење за откривање на злоупотреба на службената положба и коруптивно однесување, како и за спречување на сериозни закани по здравјето и животот на луѓето и загрозување на животната средина."

106. („Службен весник на РСМ" број 101/2019).
107. („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18).

Говорот на омраза е наведен во чл.9 и чл.10[108] од Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2020 година и е забранет со прекршочните одредби од чл. 41 на Законот: „Став (1) Глоба во износ од 400 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице за кое е утврдено од надлежен орган дека извршило дискриминација согласно со членот 6, во врска со член 4 точки 4. и 5., член 8, член 9, член 10, член 11, член 12, член 29 и член 30 од овој закон и тоа на следниот начин: од 400 до 1000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 600 до 2000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 800 до 10.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци. Став (2) Глоба во износ од 400 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на друго правно лице, различно од ставовите 1 и 2 на овој член, за кое е утврдено од надлежен орган дека извршило дискриминација согласно со членот 6, во врска со член 4 точки 4. и 5., член 8, член 9, член 10, член 11, член 12, член 29 и член 30 од овој закон. Став (3) Глоба во износ од 100 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот (2) на овој член, на функционерот на државен орган, градоначалникот на единицата на локалната самоуправа или на службено лице на кое му е доверено вршење на јавно овластување. Став (4) Глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, за кое е утврдено од надлежен орган дека извршил дискриминација согласно со членот 6, во врска со член 4 точки 4. и 5., член 8, член 9, член 10, член 11, член 12, член 29 и член 30 од овој закон.“ Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст – КСЗД) согласно ЗСЗД има надлежност да мониторира и известува за сите форми на говор на омраза, во сите сфери, вклучително и за говорот на омраза онлајн. Следствено КСЗД

108. „чл.9 (Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација)
Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.
Член 10 (Вознемирување)
(1) Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“

треба да вложи напори да ги регистрира пријавените случаи на говор на омраза. Дезинформација претставува веста која проструи во невладиниот сектор дека во 2016 година КСЗД имала наводно донесено формална одлука дека не е надлежна за случаи на говор на омраза.[109] Сепак, многу малку е направено досега. Ниту во извештајот за работење за 2021 година КСЗД не најде за сходно да го спомне феноменот на „говор на омраза" иако на едно место наведува случај со „навредлив говор" сторен на интернет.[110] Во иднина КСЗД треба да развие онлајн алатки за борба против говорот на омраза и за овозможување правна помош на жртвите на говорот на омраза (портал и апликации за телефони за пријавување на говор на омраза, за информирање за правните можности и за давање на правни и други совети за борба против говорот на омраза).

Релевантен е и Законот за прекршоци против јавен ред и мир. Во него се регулира дека сторува прекршок против јавен ред и мир „секој кој со своето однесување или постапка го нарушува мирот, работата или вообичаениот начин на живеење на граѓаните, на јавно место ја загрозува нивната безбедност или создава несигурност, го оневозможува непреченото движење на граѓаните на јавни места или го нарушува остварувањето на нивните права и обврски, ја попречува работата и извршувањето на надлежностите на државните органи и други институции кои вршат јавни овластувања, или вршењето на дејностите на правните лица или на друг начин го нарушува јавниот ред и мир". Во член 4 се стипулира: „Кој на јавно место со карање, викање или непристојно и дрско однесување го нарушува јавниот ред и мир ќе му се изрече глоба во висина од 100 до 400 евра во денарска противвредност." Прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи. Во член 18, пак се наведува: „Кој неовластено отстрани, искине, замачка, оштети или на било

109. Види стр.24 од Извештајот. https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/04/1.3-Preliminaren-izveshtaj-govor-na-omraza.pdf

110. Види стр.31 од Извештајот. Извор: https://kszd.mk/wp-content/uploads/2022/03/Godisen-izvestaj-2021.pdf. Всушност станува збор текст кој содржел вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Порталите постапиле по препораката на КСЗД и објавиле извинување и го повлекле текстот. Види повеќе во труд на Никодиновска, В., ОТПОР: Граѓанското општество за медиуми без омраза и дезинформации, 2021, стр.10. Достапно на: https://www.mim.org.mk/attachments/article/1330/MK_chapter4_regulatorna%20i%20samoregulatorna%20ramka-9-2-22.pdf (25,05,2023).

кој начин ги изложи на подбив државните симболи на Република Македонија, симболите на припадниците на заедниците или истакне знаме или грб кој не ги содржи обележјата пропишани со закон ќе му се изрече глоба во висина од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност.“

Следен по релевантност е Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортски натпревари. Со овој закон се уредуваат прашањата што се однесуваат на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, како и мерките за нивно спречување, осигурувањето на безбедноста на гледачите, натпреварувачите и другите учесници во спортските натпревари, обврските на организаторите и овластувањата на надлежните органи за спроведување на тие мерки.

Член 3 ст.1 алинеја 3 – Под насилство и недостојно однесување на спортските натпревари се смета: внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак или други обележја, како и пеење на песни или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини; палење на навивачките реквизити, знамиња на други држави, знамиња на други клубови и други предмети. Висина на глоба за прекршок – износ од 180,00 до 220,00 евра.[111] Може да се изрече и санкција – Забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари во траење најмногу до три години (член 13-а од Законот). Овие дејствија добиваат потежок облик доколку се извршуваат од страна на маскирано лице (чл.3 ст.2 од Законот). Во тој случај глобата за прекршокот изнесува од 200,00 до 250,00 евра.

### Член 7 ст.1 алинеи 5,6 и 7 – Мерки кои се преземаат на спортските натпревари

Организаторот на спортските натпревари е должен да обезбеди доволен број редари заради:

- оневозможување на внесување на транспаренти и обележја

111. Види чл.1 ст.2 од Законот за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од 30.06.2021 година.

со кои се поттикнува расна, национална, верска или друга нетрпеливост;

- предупредување, односно оддалечување на гледачите кои можат со пеење на песни или дофрлување на навредливи пораки да предизвикаат и поттикнат омраза врз основа на расна, национална и верска припадност;

- опоменување, односно оддалечување на гледачите со чие недостојно однесување може да се предизвика насилство на спортскиот натпревар.

Предвидената глоба за прекршокот на организаторите (доколку не постапат согласно чл.7 од Законот) е во висина од 500,00 до 7.000,00 евра.[112] Организаторот на спортскиот натпревар е должен да изготви и достави план за обезбедување до МВР најдоцна 48 часа пред почетокот на спортскиот натпревар. Спортските натпревари со зголемен ризик ги одредуваат надлежните национални спортски федерации и за нивното одржување се должни најдоцна во рок од 48 часа пред почетокот на спортскиот натпревар да го известат Министерството за внатрешни работи и спортските клубови кои се учесници на натпреварот (чл.9). Согласно чл.10 од Законот, организаторот е должен да оствари соработка со претставниците на навивачите на клубовите заради давање помош при одржувањето на редот на спортскиот натпревар; да обезбеди одвојување на домашните и гостинските навивачи во гледалиштето; да обезбеди техничка опрема за следење и снимање на однесувањето на гледачите и да обезбеди контролирана продажба на влезници со увид во документ за лична идентификација со можност едно лице да купи најмногу до пет влезници.

Министерот за внатрешни работи ја пропишува формата и начинот на водење на евиденцијата за лица на кои им е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари и на евиденцијата за иницираните постапки за порамнување и за нивниот исход.

112. Види чл.2 ст.1 од Законот за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари од 30.06.2021 година.

Член 13-в од Законот:

„Лицето на кое му е изречена прекршочна санкција, забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари, должно е најдоцна два часа пред почетокот на спортскиот натпревар да дојде и остане во надлежната полициска станица според местото на живеење или престојување за време на спортскиот натпревар и еден час по завршување на спортскиот натпревар.

Во случај кога лицето од ставот 1 на овој член поради здравствени причини, професионални обврски или други оправдани причини, кои не трпат одложување, не е во можност да дојде и остане во надлежната полициска станица, е должно да ја извести надлежната полициска станица според местото на живеење или престојување за адресата на која ќе се наоѓа во временскиот период од ставот 1 на овој член.“

По однос на подзаконските акти за кои не е предвидена прекршочна, туку дисциплинска или морална одговорност, се издвојува Кодексот на новинарите на Македонија за кој веќе стана збор претходно.

# Судство - одлуки

Интересен е фактот дека за темата на „говор на омраза“ која е антипод на „слободата на говорот“ како уставна категорија, во Уставниот суд на РСМ не била донесена конечна мериторна одлука по одреден предмет каде јасно би се произнел со еден поширок и издржан став, својствен на уставните судови во државите. Како прв предмет каде се спомнува едно од специјалните кривични дела на говор на омраза е одлуката У.бр.27/1994.[113] Потоа следеа двата фамозни предмети каде иницијатор беше Руфи Османи, политичар кој беше во центарот на вниманието за време на немирите во Гостивар во 1997 година и кој се соочи со кривична одговорност за кривично дело – Предизвикување на национална, расна и верска омраза и раздор и нетрпеливост од член 319 став 2 од Кривичниот законик.[114]

113. Со која одлука се одби барањето на Илија Илиевски, претседател на Партијата на човековите права од Струмица за заштита на правото на политичко здружување и дејствување. „Во текот на постапката Судот утврди дека Врховниот суд на Република Македонија, одлучувајќи по жалбата на Партијата за човекови права, го преправил диспозитивот на пресудата, во смисла дека се забранува работата на Партијата за човекови права, затоа што нејзината активност се користи за разгорување на национална омраза и нетрпеливост, согласно член 23 алинеја 5 од Законот за општествените организации и здруженија на граѓаните. Од наведените уставни и законски одредби произлегува дека слободата на политичкото здружување и дејствување не е апсолутна, туку се гарантира само во рамките на оние форми и содржини на нејзиното уживање со кои не се загрозуваат со Уставот и со законот утврдени вредности, како што се слободите и правата на другите луѓе, демократската форма на промена на уставниот поредок, мирољубивата коегзистенција со другите држави, како и националната, расната и верската толеранција и соживот.“

114. У.бр.168/1997 и У.бр.50/1998. И со двете одлуки беа одбиени барањата на барателот.

Како последна, пак, одлука се забележува У бр.20/212.[115]

Од аспект на говорот на омраза судските епилози може да бидат од различен карактер. Самиот поим на говор на омраза некогаш има гранично-аморфен карактер, па во зависност од фактичката состојба некогаш од страна на правосудните органи може да биде третиран како кривично дело, некогаш како прекршок, а некогаш дури и како граѓанско-правен деликт на навреда или клевета. Токму последниве за кои е надлежен да постапува граѓанскиот суд се најмногубројни во смисла на судски постапки. Што се однесува, пак, до прашањето за нивно регистрирање граѓанскиот суд се ползува со „АКМИС" системот за електронско водење предмети. Истиот е воспоставен и регулиран согласно законските и подзаконските прописи, од типот на: Судскиот деловник на Министерството за правда од 2013 година[116], Законот за судска служба од 2014 година[117] и Правилникот за начинот и постапката за управување со судските предметите со користење на информатичка технологија од 2009 година[118] и Законот за управување со движењето на предметите во судовите од 2020 година.[119] По однос на Законот во неговите Преодни и завршни одредби стои обврската подзаконскиот акт (Правилникот) да се донесе и усогласи со Законот во рок од 30 дена, а да се донесе нов „Деловник и софтверско решение" во рок од 90 дена, но тоа не е направено с до ден денес. Инаку во Основниот граѓански суд Скопје во „АКМИС" се посветува одделно внимание на споровите околу клевети и навреди, па така тие се забележуваат во Електронскиот уписник „П5" кој е резервиран само за нив. Нешто слично е и во Основниот кривичен

115. Со која се отфрли барањето на Петрит Ибраими од Тетово, Ринор Слова од Дебар, Тунус Папранику од Тетово и Валон Куртиши од Тетово, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот што се однесуваат на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, а во врска со цртањето во 2012 година на влезот во градот Тетово графитна илустрација на цртеж кој претставуваше стара карта на „Голема Албанија". Во барањето тие се произнесоа дека биле наводно противуставни делувањата на надлежните органи на Република Македонија во вршењето на своите надлежности преку информативни разговори и покани за распити пред надлежен суд на барателите во својство на потенцијални вршители на кривично дело – Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост по член 319 став 1 од Кривичниот законик, а во врска со настанот на локацијата.

116. Сл. весник на РМ бр.66/2013.

117. Сл. весник на РМ бр.43/2014.

118. Сл. весник на РМ бр.70/2009.

119. Сл. весник на РСМ бр.42/2020.

суд каде „Акмис-от“ дозволува засебно регистрирање на делата на омраза, но засега не и ексклузивно регистрирање на делата на говор на омраза како подвид на делата на омраза. Ова ќе е секако подложно на ревизија затоа што во Извештајот на Европската Комисија за РСМ за 2021 година, делот на Поглавје 23 (Правосудство и фундаментални права) стои препораката државата „да го подобри информацискиот систем за автоматско управување со судски предмети (АКМИС) за да се обезбеди негова целосна функционалност и веродостојност.“[120]

120. Достапно на: https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657 (25,05,2023).

# Македонска судска кривичноправна пракса

Судската пракса во Македонија не изобилува со правосилни пресуди по предмети каде станувало збор за кривични дела на говор на омраза.[121] Всушност станува збор само за грст пресуди. Така, хронолошки, како прва извесна во последнава декада е пресудата на Основниот суд во Струга К.бр.227/14 од 15.04.2016 година за кривично дело – Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа од чл.319 од КЗ. Потоа следат низа пресуди на Основниот кривичен суд во Скопје.

Од друга страна, барем во архивите на Основното јавно обвинителство – Скопје можат да се најдат повеќе негативни мериторни јавнообвинителски одлуки со кои или се отфрлила кривичната пријава за некое вакво дело или пак се одлучило дека нема место за јавнообвинителска интервенција. Всушност што се однесува до ОЈО Скопје каде се решава повеќе од половина од севкупниот криминал во државата, бројките повеќе не се занемарливи. Имено, само во 2021 година за кривичното дело од чл.394-г од КЗ биле примени 12 кривични пријави при што за 10 од нив биле донесени решенија за отфрлање на кривични пријави, за делото од чл.144 ст.4 од КЗ биле примени 4 кривични пријави, но сите завршиле со донесено Решение за отфрлање на пријавата од страна на ЈО; за делото, пак, од чл.319 од КЗ биле примени 2 кривични пријави и донесени решенија за отфрлање на кривичната пријава и по двата оформени предмети; за делото од чл.417 од КЗ била примена една кривична пријава за која исто така било донесено решение за отфрлање на кривичната пријава, а пак за делата од чл.178, чл.179 и чл.181 од КЗ не биле примени кривични пријави. Позитивните одлуки на ЈО со кои се гони криминалот на говор на

121. Според официјалните податоци на ЈОРСМ доставени до претставници на невладиниот сектор во периодот од 2010-2018 година во врска со казнените дела: Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост од член 319 и „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ од чл. 394-г од Кривичниот законик, не било поднесено ниту едно обвинение.

омраза се само неколку на број и датираат од: 2017 година – кога беше поднесен Обвинителен предлог за чл.144 ст.4 од КЗ, од 2018 година – кога беше поднесен еден обвинителен предлог за кривично дело од чл.394-г ст.1 од КЗ, од 2019 година – кога беше донесена пресуда по предлог спогодба за настан со сторен кривично дело од чл.144 ст.3 од КЗ, а истата година беше поднесен и еден обвинителен предлог за истото кривично дело. Во 2020 година бил поднесен еден обвинителен предлог за кривично дело од чл.144 ст.4 в.в. чл.12 ст.2 в.в. ст.1 од КЗ, а кој беше и притворски предмет, како и по еден поднесен обвинителен предлог за две кривични дела од чл.394-г од КЗ. Неколку кривични постапки с уште се водат и се во предистражна фаза.

Во контекст на темата, во 2019 година беше доставен извештај на Институтот CEELI со седиште во Прага кој беше доставен до македонските судии и ЈО и цели кон тоа да ги запознае правосудните власти со значајноста на социјалните мрежи на интернет, како и да им даде насока и совети како да се однесуваат како партиципиенти на истите, при што беше нагласено дека судиите е потребно континуирано да се едуцираат за социјалните медиуми и судиите мора да бидат запознаени со начинот на функционирање на социјалните медиуми бидејќи нивното користење ќе добива на значење во предметите за коишто ќе треба да одлучуваат.[122] Исто така, во предговорот на Извештајот со право стои дека: „Од друга страна, социјалните медиуми се ефикасно средство за едуцирање на јавноста, делумно и затоа што допираат до оној дел од јавноста којшто не е во интеракција со судството на друг начин. Со користење на социјалните медиуми може да се подобри и перцепцијата и разбирањето на јавноста за работата на судовите...“. Во таа насока се даваат и препораките до носителите на правосудните функции да внимаваат и на своето поведение на социјалните медиуми, од типот на: да избегнуваат политички и комерцијални коментари, да направат службена белешка ако на социјален медиум постои пријателство со некој што подоцна станува инволвиран во некој случај, да прават двофакторска идентификација итн.[123]

122.Извор: „Практични упатства за користење социјални медиуми од страна на судиите: Централна и Источна Европа“, Извештај на Институтот CEELI, ноември, 2019, стр.14.
123. Исто, стр.18, 21.

# Македонската судска граѓанско-правна пракса

Клеветата и навредата се експресии на говорот на омраза. Имено, точно е тоа дека со говорот на омраза може да биде навредено/наклеветено конкретно лице. Сепак, во случајот на говорот на омраза тоа не е навредено како посебна индивидуа, туку како член на конкретна заедница, со која споделува определени идентитетски карактеристики.

Навредата, пак, е општествено зло поради штетата што му ја причинува на повредениот во очите на другиот. Таа е повреда не затоа што предизвикува болка или ги повредува чувствата на засегнатата индивидуа туку поради тоа што го снижува/срозува лицето во очите на другите, го оштетува неговиот општествен статус и наштетува на неговата репутација. Ваков говор на омраза во пракса може да биде и вербалниот напад ad hominem. Со донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета од 2012 година оваа материја целосно се постави надвор од казненото право кај нас. Во 2022 година беше донесен новиот Закон. Согласно чл.6 од Законот, за навреда одговара тој што со намера да омаловажи, со изјава, однесување, објавување или на друг начин ќе изрази за друг со утврден или недвосмислено очевиден идентитет омаловажувачко или понижувачко тврдење, со кое се повредува неговата чест и углед

Одговорност за навреда постои и ако со такво дејствие се омаловажува угледот на правно лице, група лица или умрено лице. Доколку навредата е сторена преку средство за јавно информирање (во кое согласно праксата на Основниот граѓански суд во Скопје се подразбира и социјална мрежа на Интернет, бидејќи согласно Законот објавите на истите се третираат како „електронски публикации“) можат да одговараат авторот на изјавата, уредникот или лицето кое го заменува во средството за јавно информирање и правното лице.

Како исклучок, новинарот, како автор на изјавата, нема да одговара за навреда ако докаже дека објавувањето на навредливата изјава му било наложено од страна на уредникот или лицето кое го заменува или содржината на неговата изјава е битно изменета од страна на уредникот или лицето кое го заменува. Исто така, новинарот како автор на изјавата не одговара ако таа добила навредлив карактер со нејзиното опремување со ставање на наслови, поднаслови, фотографии, извлекување на делови на изјавата од нејзината целовитост, најави или на друг начин од страна на уредникот или лицето кое го заменува (Види чл.6 ст. 6 и ст.7 од Законот).

Законот за клевета датира уште од Римското царство. Кривичното дело libellis famosis понекогаш било казнувано со смрт. Согласно Законот кај нас, за клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити. Исто така одговорност за клевета постои и ако невистинитото тврдење содржи факти штетни за угледот на правно лице, група лица или умрено лице. Истоветно како и со навредата, и кај клеветата можат да одговараат авторот на изјавата, уредникот или лицето кое го заменува во средството за јавно информирање и правното лице ако изнесувањето или пронесувањето невистинити тврдења за факти е сторено преку средство за јавно информирање (Види чл.8 од Законот).

Ако навредата или клеветата е сторена по пат на средство за јавно информирање или компјутерски систем, оштетениот има право да поднесе барање за објавување на одговор, демант или исправка во рок од седум дена од денот кога дознал дека е објавена, но не подоцна од еден месец од нејзиното објавување. Средството за јавно информирање го објавува демантот, одговорот или исправката во рок од два дена од доставувањето на барањето, во првиот нареден број, ако се работи за периодични изданија или во друго средство за јавно информирање, ако се работи за непериодична публикација (Види чл.13 од Законот). Висината на паричното надоместување на штетата при спорот за навреда или клевета треба да биде пропорционална со штетата нанесена на угледот на оштетениот и при нејзиното одредување

судот треба да ги земе предвид сите околности на случајот, како и имотната состојба на тужениот. Во чл.18 ст.1 од Законот се стипулира: „Судот не може да досуди како надоместување на нематеријална штета предизвикана со навреда или клевета од новинар во вршење на новинарска професија справедлив паричен надоместок во износ поголем од 400 евра во денарска противвредност“. Ваквата политика е и на линија на праксата на ЕСЧП.[124]

Постапката по тужба за утврдување на одговорност за навреда или клевета и надоместување на штетата е итна. Со поднесувањето на тужба за утврдување на одговорност и надоместување на штетата, оштетениот може да поднесе до надлежниот суд барање за одредување на привремена судска мерка што се состои во забрана на натамошно објавување на навредливите или клеветничките изјави (Види чл.24 од Законот). Во пракса судовите во Македонија не секогаш најдобро се снаоѓаат кога постапуваат во парници за клевета или навреда, а кои предмети честопати се во зенитот на јавниот интерес, но судиите мораат при одлучувањето да ја имаат во предвид и значајната пракса на ЕСЧП.[125]

Во принцип, додека важеше стариот закон преовладуваше ставот дека судовите во овие случаи досудуваа непропорционални нематеријални штети.

Освен тоа скопскиот суд има пракса да ги одбива тужбите за навреда и клевета насочени против онлајн-медиумите врз основа на поднесен приговор за „недостиг од пасивна легитимација“ од страна на тужените, без разлика дали тужениот е правно лице сопственик-

124. Имено, во случајот Филиповиќ против Србија, Европскиот суд имал став дека отштетата мора да биде пропорционална на моралната штета, а исто така и на средствата достапни на располагање на обвинетиот. Во овој случај, иако обвинетиот неправедно го обвинил тужителот за „проневера“, сепак точен е фактот дека тужителот бил под истрага за даночни прекршоци. Па оттука, и моралната штета не е голема и оштетата од судот е еквивалент на шестмесечна плата, сума која ЕСЧП ја оцени како прекумерна и како повреда на членот 10 од ЕКЧП (Во натамошниот текст - ЕКЧП). Извор: Filipovic vs. Serbia, апликација бр. 27935/05, пресуда од 20 ноември 2007. Извор: „Клевета и навреда во кривичните постапки против новинари“. Op. cit., стр.60.

125. На пример, по однос на навредата ЕСЧП во пресудата по предметот „Лингенс против Австрија“ веќе донел свој став дека: „Постоењето на фактите може да се докаже, додека вистинитоста на вредносните судови не е подложна на докажување.“. Види повеќе: Поповић, Д., „Европско право људских права“, ЈП Службени гласник, Београд, 2012, стр.328.

регистрант на онлајн медиумот, главен уредник според објавен импресум или автор на изјавата.[126]

126. За сето ова види повеќе во: „Слободата на интернет во Македонија: Извештај за 2017“ на Фондација за интернет и општество „Метаморфозис. Извор: http://metamorphosis.org.mk/wp content/uploads/2018/09/dad6a750-e7c6-486f-b061-5d59a0f2eabb.pdf

# Државниот казненоправен одговор: МВР, ЈО, Сектор за пробација

Државата мора да води сметка и да воспостави механизам за превенција на говорот на омраза. Правосудните органи се стожерот во таквата идна стратегија за справување со проблемот. Според начелото 5 од Препораката на Совет на Европа бр. R (97) 20 во врска со „говорот на омраза" се бара со националните закони и пракси да им се овозможи на надлежните тела од обвинителството да обрнат посебно внимание, колку што им дозволува нивната слобода на одлучување, на случаите кои вклучуваат говор на омраза. Важното начело кое е истакнато со Препораката е дека националните закони и пракси треба да бидат во склад со член 10 од ЕКЧП. Понатаму, стандардите кои ги применуваат националните власти во оценувањето на потребата од ограничување на слободата за изразување мора да бидат во согласност со начелата од член 10 од ЕКЧП, како што е утврдено во прецедентното право на телата на Конвенцијата, имајќи ги предвид, меѓу другото, начинот, содржината, контекстот и целта на известувањето. И на крајот, почитувањето на новинарските слободи исто така имплицира дека не се судовите или јавните власти тие што треба да ги наметнуваат своите гледишта врз медиумите во однос на видовите техники за известување применети од новинарите.[127] Значи потребно е суптилно балансирање на конкурентските права.

Откако се потфрлило во превенцијата и откако веќе било сторено кривичното дело начините на кои се дознава за постоењето на тоа кривично дело се:

- Со помош на информатори;

127.Извор: Водич за мониторинг на „говорот на омраза", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, стр.8

- Преку кривична пријава од надлежен орган или друго правно лице;
- Преку кривична пријава од оштетениот;
- Преку пријава на сведок;
- Преку анонимна пријава;
- Преку фама – чуен глас;
- Со самопријавување на сторителот;
- Од официјален медиум;[128]
- Од интернет портал.

Во повеќето случаи, не е неопходно да се докаже мотивот за извршеното дело. Со оглед на тоа што мотивот е сложено прашање и што не постои ограничување за видот на доказите кои може да се изведат, со цел истиот да се докаже, случаите на криминал од омраза налагаат полицијата, обвинителите и судиите поинаку да им пристапат на овие дела за разлика од другите кривични дела[129]. Но, при ваквиот легален одговор на делата на говор на омраза постои опасност и да се загрози основното човеково право на слобода на мислата и изразувањето, кое нешто е сериозен проблем во едно либерал-демократско општество.

Начините пак, на кои криминалистиката помага во дознавањето на мотивот, кое нешто како што беше прикажано погоре е есенцијално за делата на говор на омраза, е најпрво преку методот на „опсервација“ на сторителот, односно посматрање на неговите мимики, пантомимики, облекување, уредност, преку кои би се интерпретирале особините на неговата личност. Понатаму, помага и „методот на систематско природно посматрање“ кој се реализира преку „методот на анализа на ситуацијата“ и „методот на временски примероци“. Криминалистиката упатува и на користење на „интервју“ како метод, при што истото

128. Vodinelić, Op. cit., str.55-56.
129. Брошура „Разбирање на криминалот од омраза“, ОБСЕ, Канцеларија за демократски институции и човекови права, Варшава, 2014, стр.11.

треба да се изведе на таков начин што странката не би почувствувала која е главната цел на поставувањето прашања. За успешно интервју е потребно да бидат создадени просторни услови за интервјуираното лице да може да се раскомоти.[130] Во зависност од целта која се сака да се постигне, интервјуто може да биде стандардно или слободно. [131]

При давањето на устениот исказ од страна на сведокот или сторителот, инспекторот треба да се послужи и со методот на опсервација. Од аспект на делата на говор на омраза, релативно лесно при интервјуирањето може да се забележат политичките страсти на соговорникот. Потешко, пак, се воочува карактерот на тоа лице кој е индиција за извршено кривично дело. При интервјуирањето мора да се води сметка за физиолошките и психолошките промени кај испитаникот.[132] Чести физиолошки реакции се: сушење на устата, потење по лицето и рацете, потреба за мокрење, црвенило на лицето, избегнување поглед со насочување на погледот кон сводот кога се даваат невистинити одговори. Но, некогаш овие манифестации ги имаат и некои невини лица кои се по природа страшливи. Поради ваквиот суптилен пристап за прибавување на вербални докази во справувањето со говорот на омраза постои потреба од нововработени психолози кои би работеле и би им помагале на инспекторите од МВР.

Како што беше погоре наведено, за едно кривично дело да претставува дело на говор на омраза мора да постои каузална врска помеѓу криминалното дело и официјално признаената предрасуда. Правите (специјални) дела на говор на омраза во своите законски описи ја предвидуваат пристрасноста и омразата спрема жртвата на делото како припадник на определена општествена група како посебно обележје на законското битие на делото. Но не треба да се ограничува дефинирањето на овие дела доколку покрај ваквиот мотив постојат и дополнителни мотиви кои придонеле кон сторувањето на

130. Јосифовски, Д., „Криминалистичка психологија", Скопје, 1995, стр.21-25.

131. Кај стандардното интервју прашањата се однапред утврдени на листа. Лошата страна на оваа метода е дека ова интервју трае пократко и тешко се воспоставува близок однос со соговорникот, а целата постапка заличува на службено сослушување. Оваа слабост, како и листата на прашања не постојат при слободното интервјуирање каде разговорот се одвива спонтано.

132. Тие се манифестираат во загриженост и страв од идните настани, а ова особено важи за осомничените кои навистина го извршиле делото, но за тоа не постојат утврдени докази. Јосифовски, Op. cit., стр.208.

делото на говор на омраза. Со оглед на комплексноста на материјата, некогаш ќе биде потребно од страна на ЈО да бидат наредени психијатриски вештачења во соработка со ЈЗУ иако овие вештачења во праксата до сега биле ексклузивно нарачувани со цел да се утврди пресметливоста или непресметливоста кај сторителот.

Законот за пробација[133] беше новитет во спектарот на кривичноправното законодавство. И покрај тоа што „пробацијата“ во македонски услови доби тесно значење (бидејќи истата не подразбира и иницијатива за отповикување на условни осуди кои се без заштитен надзор), со овој Закон се уредуваат пробациските работи и постапката за извршување на алтернативните мерки кои се од интерес за проблематиката на говорот на омраза, а имено: условната осуда со заштитен надзор и општокорисна работа (Види чл.1). Тие претставуваат интерес од причина што овие алтернативни мерки се мошне погодни и нудат изгледна ресоцијализација кај сторителите на дела на говор на омраза кои сториле полесно дело и се претходно неосудувани. Едноставно, добар „фидбек“ за општеството би било истиот сторител да работи општокорисна работа во некоја хуманитарна организација која се занимава со унапредување на правата на онаа група со заштитени карактеристики која сторителот претходно ја нападнал и за кој напад бил осуден. Или, пак, на пример да работи во некоја јавна установа токму во населбата каде живеат граѓани кои припаѓаат на таа група, макар тоа да би била образовна установа или пак ЈП „Улици и патишта“. И ако ова нешто беше по однос на алтернативната мерка – Општокорисна работа“, тогаш по однос на алтернативната мерка „Условна осуда со заштитен надзор“ доволен аргумент е тоа што таа би можела да се изрече и за потешки кривични дела на говор на омраза, но Судот согласно чл.56 ст.1 т.8 од КЗ да би наложил „користење на слободното време по оцена на надлежниот орган согласно закон“, а тоа да би било повеќе дружење и взаемна соработка со лицата од заштитената група кон која сторителот имал анимозитет, со истовремено изрекување на „одбегнување и недружење со лица кои негативно влијаат врз осудениот“, согласно чл.56 ст.1 т.9 од КЗ, а кое нешто би било од корист доколку станува збор за млад сторител вмешан во некоја радикална група на младинци или хулигани.

133. Сл. Весник на РМ, бр.226 од 25.12.2015 година.

Пробациските работи ги извршуваат пробациски службеници од Управата за извршување на санкциите (во натамошниот текст: Управата), врз основа на барање или одлука на суд во тек на судската постапка и врз основа на правосилна и извршна судска одлука, а врз основа на претходна согласност на лицето спрема кое се извршуваат пробациските работи.

Во рамки на Управата се организира Сектор за пробација како организациона единица на Управата на централно ниво и канцеларии на подрачјето на основните судови со проширена надлежност на локално ниво. Овој Сектор ги доставува своите статистички извештаи токму до Управата.[134] Во работењето на пробациските офицери е забранета секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор согласно со Уставот на Република Македонија (Види чл.7 ст.4).

Инаку постапката околу изрекувањето и спроведувањето на гореспоменатите алтернативни мерки е регулирана не само со Законот за пробација, туку и со глава XXXII од ЗКП, како и со глава XXX од Законот за извршување на санкции (но само по однос на децата - сторители, а не и полнолетните сторители што е и разумно решение со оглед на тоа дека Законот за пробација е lex specialis по однос на таа материја).

134. Согласно чл.9 од Законот Управата за извршување на санкциите води единствен регистар за лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи. Во рамки на единствениот регистар се водат евиденција и досиеја за лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи. Евиденција за извршување на пробациските работи водат пробациските канцеларии на локално ниво. Регистарот се води електронски. Пробациските службеници изработуваат и Извештаи за извршувањето на алтернативните мерки и истите ги доставуваат до судот кој ја донел одлуката во прв степен.

Во изминативе 8 години Управата потпиша бројни договори со ЈП, со единици на локална самоуправа, приватни фирми и други субјекти каде што се реализира алтернативната мерка – општокорисна работа, па така се евидентира дека првиот случај на реализирана општокорисна работа од страна на осуденик бил во 2019 година во Тетово.[135] Со појавувањето на кривичните постапки за кривични дела од чл.206 од КЗ во периодот на пандемијата со КОВИД-19 зачестија и овие парапенални и адмонитивни мерки за чие спроведување од значење е и Правилникот за начинот на извршување на општокорисна работа кој наложува со осудениците Управата да склучува договори за општокорисна работа. За време на работењето Управата е должна да го осигура ова лице од повреда на работа Искуството покажа дека пробациските офицери се посветени на работата и за секој осуденик за кого оформиле предмет на работа изработуваат „Индивидуална програма за третман“, а врз основа на проценката за личноста и личните прилики на осуденикот. Оваа служба има постојана соработка со МВР како по однос на добивањето на податоци од МВР за живеалиштата или престојувалиштата на осудениците, така и по однос на обврската на службата да го информира МВР за правосилни и извршни пресуди со кои била изречена општокорисна работа. Во случај на ваква алтернативна мерка пробациската служба ја известува и Агенцијата за вработување[136].

Ставовите на социјалните медиуми исто така, може да ја доведат во прашање непристрасноста и правичноста на судската постапка. Од тие причини неодамна се формира Судско-медиумски совет (СМС).[137] Во таа насока, но и во насока на едуцирање на новинарите беше и изданието на македонскиот превод на „Лексикон на македонски

135. Извор: Брошура „Сектор за пробација“, Министерство за правда, Скопје, 2019, стр.16.
136. Извор: Ристова, О. и Балтовска, Е., „Прирачник за соработка на државните институции, јавни претпријатија и невладини организации со пробациска служба“, Зелена лупа, Скопје, 2021, стр.19 и стр.27.
137. Овој Совет го формираше Здружението на судии на Република Македонија за да ја зголеми транспарентноста на судството. Советот се формираше по претходни искуства на вакви советодавни тела во Соединетите Американски Држави. Амбасадата на САД овозможи судии и обвинители, но и обучувачи на полицијата, обвинителствата и судовите од САД низ позитивни искуства да им покажат на македонските судии и новинари дека е возможна соработка меѓу двете страни. Крајната цел е подобрена комуникација и разбирање во интерес на граѓаните. Советот има 21 член, од кои 11-мина се новинари од различни медиуми и 10-мина судии и претседатели на судови. Мандатот на сите им трае 2 години, а работењето е на доброволна основа.

медиумски и правосудни термини“ од 2019 година, авторство од заедничкиот проект на ЕУ и СЕ во Босна и Херцеговина.[138]

138. https://jpacademy.gov.mk/leksikon-na-makedonski-mediumski-i-pravosudni-termini/

# Националнта системска рамка, процедури, статистики

Како премиса за да функционира националната системска рамка против говорот на омраза и истиот да добие кривичноправен третман служи член 81 од Глава VII од ЗКП, насловен како „ Обврска за давање правна помош“. Во него се стипулира: „(став 1) Правосудната полиција, јавниот обвинител и судот за потребите за водењето на кривичната постапка можат да побараат помош од судовите, јавното обвинителство, органите на државната управа и други државни органи, институции што вршат јавни овластувања и од органите на единиците на локалната самоуправа. Тие органи се должни да одговорат по барањето во најкраток рок, а можните пречки да ги отстранат без одлагање. По потреба нив може да им биде доставена копија од казнените списи. (став 2) Органите на државната управа и другите државни органи можат да го одбијат барањето од ставот (1) на овој член, со образложена одлука согласно со нивните законски надлежности, ако на тој начин се повредува обврската за чување класифицирани информации, сè додека надлежниот орган не ја укине таквата обврска.“ Секако, доколку постои и најмал сомнеж дека некое правно лице не би било кооперативно, тогаш стои на располагање и инструментот – Барање, согласно чл.287 од ЗКП каде е предвидена и парична казна.

Од аспект на извршните органи Агенцијата од ЗААВМУ на планот на исполнување на мозаикот кој се нарекува „национална системска рамка“ иако сеуште нема поведено прекршочна постапка за говор на омраза има активности на полето на медиумската писменост. Што се однесува до медиумската сфера и професионалноста, како пример за избалансирано новинарство кое нема да побудува пристрасност и етничка или друга омраза е потребата во рубриките за црна хроника да нема етикетирање на сторителите со истакнувањето

на нивниот етнос како префикс, туку, доколку се странци, на крајот од изложувањето на насловот, да има суфикс кој ќе го појаснува сторителот, како државјанин на таа „едикојаси“ држава.[139] Класични примери би биле формулациите: „албански терористи“ или „бугарски измамници“ кои треба да се заменат со „терористи од албанско потекло или државјани на Албанија“ или „измамници, државјани на Бугарија“. Некогаш не е исклучено да дојдат во судир правото на приватност на жртвата со правото на јавноста да добие информација.

Состојбата на супресирано новинарство е уште еден проблем. Тој проблем е присутен во Р С. Македонија, и таа состојба е присутна во различна мера и во регионот, особено во посткомунистичките држави кои се со слаба демократска традиција. Пример би бил забраната од страна на бугарската полиција за влез на македонските новинари за да известуваат од настанот со одбележувањето на раѓањето на Ј. Сандански.[140] Но, уште од времето на социјализмот во Р С. Македонија предничат вести кои користат политички суд со кој се потценува Р Бугарија.[141] Во меѓувреме и во Р Бугарија, како резултат на успешните евроинтегративни процеси, се користи националистички дискурс за сопствената супериорност кој нема основа. Но, во случајот на Р С. Македонија, овој однос на медиумите е донекаде и разбирлив, бидејќи станува збор за самоодбрана од едната страна, во состојба кога другата страна (Бугарија) го негира идентитетот на мнозинството жители на првата страна (Македонците). Тежнеењето постојано да се самопотврдуваат Македонците, па дури и да се поставаат супериорно, е психолошки очекуван исход. Во таа насока е и истакнувањето на разликите со Бугарите и нивното хиперболизирање (Како на пример

139. Живановски, Н., „Говор на омраза: теоретски преглед и додаток на истражување: Бугарија во македонските медиуми“, БАТА ПРЕСС, 2014, стр. 267.

140. Како на пример во 2007-ма година во Роженскиот манастир. Извор: https://time.mk/arhiva/?d1=01&m1=01&y1=1991&d2=31&m2=12&y2=2012&all=0&vreme=1&fulltext=2&timeup=2&show=1&q=%D0%BF%D0%BE%D1%82%D0%B2%D1%80%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D0%BB%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2%20%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%82%D0%B5&read=14af2ae11c24a91.

141. Според наоѓањата на Живановски, ова не е променето ниту во демократијата, ниту пак кога Бугарија стана членка на ЕУ. Конзервативниот стереотип е задржан, со тоа што себеперцепцијата на Македонецот од времето на социјализмот е задржана во однос на Бугарите. Извор: Живановски, „Говор на омраза: теоретски преглед и додаток на истражување...“, Op. cit., 259.

тврдењето сите Бугари да се прикажуваат како турко-монголи и од жолта раса, а пак Бугарија без своја историја).[142]

Што се однесува до истражувањата на невладиниот сектор за присутноста на говорот на омраза во медиумите во Македонија, се издвојува едно смело истражување на Opinion research & Communications од 2013 година каде методологијата била со телефонско анкетирање 800 граѓани, при што заклучокот е дека 97,3 % од испитаниците сметаат дека говорот на омраза меѓу политичките партии е застапен на телевизијата како медиум, а само 48,7 % тоа го забележале и на социјалните мрежи.[143] Во денешна перспектива, после 6–7 години овој процент сигурно би бил зголемен, а поради фактот дека се зголеми и бројот на граѓаните кои користат интернет социјални мрежи. Инаку испитаниците биле и од македонската и од албанската етничка заедница и некогаш нивните одговори биле во дискрепанца, но речиси е идентичен процентот (околу 72 %) на испитаниците од различните групи кои сметале дека се зголемува нивото на говор на омраза помеѓу политичките партии. Кога станува збор за НВО секторот во некои западни земји (Италија) веќе постојат НВО кои имаат искуство со употреба на интерактивен, мрежен алат за собирање, анализи и визуализација на дискурсот и реакцијата на граѓаните спрема имигрантите.[144]

Говорот на омраза може да се толкува и како форма на дискриминација. Веќе беше кажано дека со Законот за спречување и заштита од дискриминација се допира и темата на говор на омраза за кое нешто се предвидени прекршочни одредби. Таа прекршочна постапка е предвидена согласно чл.27 од Законот која пред надлежниот суд се иницира по барање на Комисијата за спречување дискриминација, како оригинерно, специјализирано тело кое се воспоставува со Законот. Прекршочна постапка води и

142. https://makedonija.net.mk/%D0%B1%D1%83%D0%B3%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%B5-%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B8-%D0%B5%D0%B2%D0%B5-%D0%B8-%D0%B4%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%B7-%D0%B7%D0%B0-%D0%BE%D0%B2%D0%B0-%D1%82%D0%B2/

143. Презентација: „Истражување за говорот на омраза помеѓу поддржувачите на политичките партии и политичарите во Република Македонија“, Opinion research & Communications, декември 2013.

144. Poljak, M./ Hadžić, J./ Martinić, M. “ Govor mržnje u hrvatskom medijskom prostoru”, In Medias Res, Zagreb, 2020, str.2714.

прекршочна санкција изрекува надлежниот суд за прекршоци (Види чл.44). Одмерувањето на висината на глобата се врши во согласност со Законот за прекршоците (чл.43). Во 2022 година биле иницирани 14 прекршочни постапки,[145] а КСЗД поднесувале и известувања до надлежните ЈО кога ќе забележеле во тековното работење дека во „случајот“ постоеле индиции за сторено кривично дело. Во рамки на КСЗД постои посебно Одделение за истражувачки анализи, како и Сектор за аналитика, меѓуинституционална национална соработка и меѓународна соработка. КСЗД опслужува прегледна веб-страница на која се објавуваат кварталните и годишните извештаи за нивната работа.[146] Инаку со Законот за спречување и заштита од дискриминација постои можност и за судско-граѓанска заштита со тужба до граѓанскиот суд поднесена како од дискриминираното лице, така и тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis). Оваа тужба ја поднесуваат здруженија, фондации, синдикати или други организации од граѓанското општество и неформални групи кои имаат оправдан интерес.

Кога станува збор, пак, за Уставниот суд, во досегашната уставно судска практика можат да се сретнат многу мал број на случаи каде судот одлучувал за заштита од дискриминација и кои беа претходно хронолошки наведени, а што се однесува до говорот на омраза како форма на дискриминација,[147] Уставниот суд досега се нема експлицитно изјаснето во однос на ова прашање.

145. Годишен извештај за 2022 година, стр.38. Извор: https://kszd.mk/wp-content/uploads/2023/05/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-2022.pdf

146. https://kszd.mk/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d0%b8/

147. „Во основа во Уставната терминологија не постои непосредно повикување на поимното значение на говорот на омраза, единствена насока во поглед на оваа правна категорија е индиректното повикување преку заштитата за забрана од дискриминација како една парцијална форма при обелоденување на говорот на омраза... од духот на Уставната определба несомнено јасно е дека темелниот законодавен акт е создаден во насока на поттикнување на соживот, меѓусебно почитување, слобода за самоопределување и зачувување на сечија поединечна идентитетска определба во една целина на кохезивно ко-егзистирање со јасна тенденција за градење на граѓанско и демократско општество; Што пак по логичен след на толкувањето би значело и Уставно несогласување во случаите на говор на кај нас особено изразената омраза по основ на национална, верска и/или етничка припадност.“. Цит. Кузмановска, Ф., Правните аспекти слобода на изразување во однос на говорот на омраза расположливи правни механизми за заштита и превенција“, Здружение за дислексија - Ајнштајн, Скопје, 2018, стр.17-18.

Законот за меѓународно-правна соработка во кривичната материја е релевантен доколку не постои друг билатерален или мултилатерален договор кој го ратификувала државата и кој ја уредува оваа материја. Особено е важна меѓународната правна помош од глава II од Законот, како: извршувањето на процесни дејствија; доставувањето спонтани информации; размената на определени информации и известувања; контролираната испорака; следењето комуникации; претрес на простории и лица; привремено обезбедување на предмети, имот или средства кои се во врска со казнено дело. Инструментот којшто органот на прогонот треба да го користи е замолница. Релевантни одредби се: чл.16 - 37, сместени во Глава II од Законот.

Од аспект на ЗКП релевантна е главата каде се пропишани посебните истражни мерки. Иако е ограничена можноста за употреба на ПИМ за ваквите кривични дела (бидејќи освен делата: Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства од чл. 407–а ст.2 од КЗ и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации од чл. 322–а ст.4 од КЗ, повеќето не се кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години, што е законски услов за примена на ПИМ, а хипотетички може да се подготвувани, во тек да е извршување или да се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение) сепак, важна е одредбата од ЗКП која овозможува доказите прибавени на ваков начин да се употребат и во други постапки со субјективен или објективен конекситет. Согласно ЗКП зачувувањето на податоците се врши или преку зачувување на нивната содржина (без оглед на формата) или преку зачувување на докази од преносни податоци што претставува зачувување на траекторијата по која податоците се пренесени. Релевантни одредби се: чл.184, чл.198, чл.252 ст.1, 4, 5 и 6.

Најважната ПИМ – Следење на комуникациите се спроведува преку државно тело. Во реалноста и покрај желбата на законодавецот за независност на ОТА како одвоено тело од МВР, сепак специјализираната Агенција за национална безбедност на МВР е с уште филтер за информациите кои се од интерес за ОТА. Всушност, во системскиот одговор на државата кон криминалот на говор од

омраза најзначајна улога треба да има токму полицијата. Имено, во рамки на МВР функционира системот „црвено копче“ за пријавување на поттикнувачи на насилство, вклучително и вербалното насилство поради омраза. Кривична пријава може да биде поднесена и по електронски пат до специјализираното одделение на МВР за киберкриминал и дигитална форензика доколку станува збор за говор на омраза онлајн, на е-маил: cybercrime@moi.gov.mk.

Со цел да се анализира ефективноста на казнените одредби и да се пренесе институционалната порака дека кривичните дела на говор на омраза ќе бидат казнувани потребно е развивање индикатори преку кои ќе се мери самата ефективност, а истите ќе служат и за дефинирање национални политики за борба против ваков вид криминалитет. Самите индикатори се квалитативни показатели преку кои ќе се увиди дали целта на законските норми е постигната, но и квантитативни за да се види дали опфатот на законските норми е тој што требало да се постигне, согласно со намерата на законодавецот. Од причина што материјата на кривичните дела на говор на омраза е специфична, индикаторите треба да бидат и дескриптивни со што се овозможува проценка дали полицијата адекватно ги процесира првичните пријави на криминал од омраза,[148] како и дали ЈО адекватно ги преточува истите во обвинение за да може судијата да донесе мериторна одлука во степен на основана увереност дека кривичното дело е сторено поради некоја предрасуда.

Речиси секое умислено кривично дело може да претставува дело на омраза. Но, во таков случај е важен субјективниот елемент – мотивот. Од овој казненоправен аспект, институционалниот одговор против овие дела би бил и обуката на судиите и ЈО да ги препознаат овие дела и да ги искористат законските решенија за сторителите на овие дела да бидат казнети построго. Тоа претставува посебен концепт на казненоправна реакција на делата на омраза со голем

148. Затоа е потребно да се изработат препораки за МВР со кои јасно ќе се потенцира разликата во градацијата на деликтите на говор на омраза, за да можат полицајците да ги разликуваат прекршоците од казнените дела и од граѓанско-правниот однос на дискриминација или навреда и клевета.

превентивен потенцијал.[149]Работењето со индикатори претпоставува водење статистика за криминалитетот на говор од омраза. Но, од аспект на статистиката, потребно е софтверот и евиденцијата на делата од омраза примарно да бидат лоцирани во судот, а не во јавното обвинителство бидејќи токму судот, согласно и КЗ (Види чл.106) и ЗКП ( Види чл.543 - 546) ја води казнената евиденција. Сепак, бројни предмети во кои се вложуваат МВР и ЈО не завршуваат во Судот, а со оглед на тоа што кривичната постапка бива запирана поради фактички или правни пречки за кривично гонење. Токму затоа е важно и МВР и ЈО да водат евиденција за делата на говор на омраза и да ги споделуваат нивните статистики. Во таа насока со посредство на ОБСЕ, посебно внимание се посвети на обуката на полицајците да го препознаат криминалитетот од омраза, а како подвид на овој вид на криминалитет и - говорот на омраза, па засега се предвиди посебна графа за да се одбележат делата на омраза во формуларот: „Записник за примање пријава". Во натамошниот период ќе биде потребно да се воведе и графа за – дела на говор на омраза, со оглед на тоа што постои јасна законска дистинкција со делата на омраза. Што се однесува до криминалитетот од говор на омраза, предвидени се пообемни обуки за полицајците да се спроведат во содејство со невладиниот сектор и Полицискиот центар за обука во Скопје. Премиерните предавања без изведени уште во 2019 година.

Сепак, во МВР постои празнина во однос на регистрирањето и обработката на податоците за делата на говор на омраза. Структурно, навистина во МВР постои и специјализирано одделение за водење на статистика кое прима податоци како од скопската Единица за крим-разузнавчка анализа (ЕКРА), така и од одделенијата за крим-разузнавачка анализа од градовите во внатрешноста. Проблемот е во тоа што овие органи ги регистрираат сите одделни прекршоци против јавен ред и мир и кривичните дела по однос на време,

149. Во 2013 и 2014 година од страна на Академијата за судии и обвинители беа организирани неколку настани по однос на темата за борба со криминалитетот од омраза. Најпрвин беа организирани обуките за обучувачите, а потоа следеа по 4 каскадни дводневни обуки за секое судско апелациско подрачје на кои учествуваа повеќе од 80 учесници на годишно ниво, а во 2015 година беше организиран и дополнителен тренинг за обучувачите. Извор: Арнаудова, А., „Ефективни закони и квалификувани професионалци како одговор на говорот од омраза", Зборник „16 Ноември, Меѓународен ден на толеранцијата: избрани текстови", МАНУ-ОБСЕ, Скопје, 2015, стр.81.

место, начин, но најважно – и по однос на правната квалификација. Сепак, тие најпрвин немаат претстава за тоа кои кривични дела се од специјален вид на говор на омраза, па да би биле насочени само кон нив и да би испорачувале годишни извештаи, а потем, тие не ги регистрираат различните ставови од членовите под кои се нормирани кривичните дела во КЗ. Ова претставува реален проблем кој би можел да биде едноставно решен со техничко вметнување и на ставовите како засебни графи во електронските-табели во кои се водат евиденциите за сторени дела кај овие органи. Конкретните и прецизни правни квалификации секако би требало да бидат конфирмирани-потврдени и од страна на јавните обвинителства во текот на кривичната постапка, па затоа се покажува како нужност во иднина да има поживa комуникација помеѓу ЈО, од една страна и ЕКРА (евиденциски го обработува 80 % од криминалот во државата) и ОКРА, од друга страна. Ова е и донекаде исполнето бидејќи за ЈО постои законска обврска секогаш да го известува МВР, ако е подносител на кривичната пријава, за епилогот на кривичната постапка-мериторната јавнообвинителска одлука, а кој допис во себе содржи и податок за точната правна квалификација.

Од обврските кои ЈО ги исполнува на планот на регистрирање и обработка на податоците за делата на говор на омраза подлога претставуваше воведувањето на електронскиот “case managment” систем согласно Законот за јавнообвинителска служба[150] и Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства.[151] Имено, во самиот систем, аналогно на судскиот АКМИС, постои посебна графа која мора од страна на надлежниот ЈО да биде штиклирана, а доколку станува збор за дело на омраза. Слично како и со судскиот систем, но и со „записникот за примање на пријава“ на МВР и тука ќе треба да се интервенира и воведе графа за дела на говор на омраза,[152] со оглед на тоа што постои јасна законска дистинкција со делата на омраза. да ги исполни. Дополнително, ќе треба да се уреди Протоколот за соработка помеѓу МВР, ЈО и Финансиската полиција од 2014 година со што ќе се пропише обврска за итно усно известување од страна на извршните органи спрема ЈО

150. Сл. Весник на Р Македонија, бр.62 од 20.04.2015 година.
151. Сл. Весник на РСМ бр.190/2021 од 29,07,2021 година.
152. Види чл.8 од Протоколот.

во случај на сторено и откриено дело на говор од омраза, а без оглед дали тоа дело е квалификувано како „тешко“ (Согласно со ЗКП, оваа обврска органите ја имаат само доколку е откриено казнено дело кое повлекува казна затвор повисока од 4 години). Во 2023 година навистина беше потпишан уште еден Протокол за соработка помеѓу МВР и ЈОРСМ,[153] но истиот беше во врска со продлабочување и разјаснување на првичниот Протокол од 2014 година, а притоа е значајно дека во него се направи категоризација на кривичните дела, па така се воспостави и категоријата „сложени кривични дела“ за кои организациската единица на МВР е должна веднаш да го извести ЈО за примена пријава. Тука не е наведено дали под ваквите кривични дела би се третирале и најтешките специјални облици на кривични дела на говор на омраза, па постои простор за доработување на Протоколот во таа насока, особено од причина што со последниот Протокол беше формирана осумчлена Комисија која специјално ќе се занимава со „измените и дополнувањата“ на Протоколот. Во делокругот на оваа Комисија и со истата цел и задача би се толкувало и усогласувањето на методите за регистрирање и обработка на делата на говор на омраза.

Со цел за поефикасно работење, на сите ЈО во државата, ЈОРСМ им наложи, почнувајќи од 01.01.2023 година, редовно и без исклучок да вршат ажурирање на предметите во информацискиот систем “case managment” со качувања на одлуките на ЈО, со кој систем впрочем обвинителствата располагаа уште од 2016 година, но споро се вршеа обуките на целиот персонал за негово употребување. Ова нешто заживеа и се спроведува во пракса.

Важно е да се има на ум дека е можно и други органи да прибираат разни податоци и информации. На пример, здравствените и социјалните служби можат да прибираат информации за жртвите и услугите што им се пружаат, образовните органи можат да имаат податоци за кривичните дела на говор на омраза или инцидентите во училиштата, а службите за домување можат да имаат податоци за делата на говор на омраза во одредени подрачја или станбени комплекси. Исто така и научните кругови е потребно врз основа на

153. https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2023/04/protokol-za-sorabotka-%D1%98orsm-mvr_1.pdf

таа статистика да ја утврдат корелацијата помеѓу економските и културолошките фактори и говорот на омраза.[154] Тесната координација меѓу министерствата и органите може да доведе до развој на широк стратешки пристап од страна на властите, со што многу владини органи би се сплотиле во заложбите за ефективен одговор на делата на говор на омраза. Конкретно, во РСМ веќе функционира споменатата Меѓуресорна комисија при Владата на РМ која во иднина би можела да врши координација помеѓу релевантните институции во врска со третманот на делата на говор на омраза, а која, исто така, ќе ја врши и улогата на фронтмен пред јавноста со цел превенција и преемптивно дејствување.

Веќе беше кажано дека од пенолошки аспект, пробацијата и превентивната супервизија се добри алатки за контрола на претходните сторители, но, за жал, сè уште непрактикувани во означаен обем во Р С. Македонија.[155] Од виктимолошки аспект, и покрај направените измени во кривичната постапка[156] со кои се внесе поимот на „жртва“, во пракса, државата сè уште не ги поставила институционалните мрежи за навремена заштита и сатисфакција на овие лица.

Од аспект на граѓанските иницијативи, пак, интересни се американските искуства кои би можеле да се применат и во македонската средина. Во САД уште од пред 30 години постојат практики на организирање клубови на пријателски вечери каде секој учесник е должен да повика гостин во ресторанот, а кој е од друга раса (боја на кожа). Ваквите клубови се иницијативи на бројните антирасистички групи.[157]Тие се познати по нивните акции на бришење на навредувачките графити од ѕидовите на зградите,

154. Ваква студија беше направена во Р Италија. Извор: Poljak, Ibid, str.2715. Достапно на: http://www.centar-fm.org/inmediasres/index.php/marko-poljak-jelena-hadzic-i-masa-martinic-govor-mrznje-u-hrvatskom-medijskom-prostoru (22,05,2023).

155. На нивната употреба упатува и легислативата на ЕУ, а конкретно Препораката на Комитетот на министри (2014) 3 од 19.02.2014 година при Европскиот совет околу третманот на опасните сторители на кривични дела „кога постои голема можност дека лицето повторно ќе стори сериозно казнено дело.“

156. Службен весник на РМ бр.120/2010.

157. Klanwatch, “Focused community action can help reduce hate crimes”, “Hate groups: Opposing viewpoints”, Greenhaven press, San Diego, California, 1999, p.150.

пракса која веќе почна во Македонија преку левичарските НВО како „Солидарност“ и „Ленка“.

# Интернетот како гориво и адитив на зголемениот говор на омраза и значајноста на меѓународноправната соработка за справување со делата сторени онлајн

Интернетот е огромен систем на меѓусебно поврзани компјутерски единици, сочинет од милиони граѓански, приватни, јавни, академски, деловни и владини мрежи поврзани со цел спектар на електронски, безжични и оптички мрежни технологии. Овие врски постојат благодарение на низа глобални протоколи, од кои најважен од казненоправен аспект е Интернет Протоколот (ИП). Глобалната интернет мрежа (www) е информативен простор на кој се достапни датотеки и ресурси преку интернет.[158] Основата за комуникација преку интернет е процес во кој се доделува адреса на секој уред поврзан на интернет. Оваа адреса овозможува уредот да се поврзе и комуницира со кој било друг уред поврзан на интернет кој ја користи оваа шема. Ваквата шема (поставеност) вообичаено се нарекува ИП адреса, и може да се спореди со поштенскиот систем. Таа му овозможува на едно лице да адресира пакет, и да го пушти во системот.[159]

158. Во времето кога се развиваше „мрежата", беа дефинирани три спецификации за Веб технологии: Униформен локатор на ресурси (УРЛ), Протокол за пренос на хипертекст (ХТТП) и Хипертекст маркирачки јазик (ХТМЛ).

159. Другиот дел од комуникацискиот протокол се нарекува Протокол за контрола на преносот (ТЦП). ТЦП е еден од главните протоколи во ТЦП/ИП мрежите. И додека ИП ракува само со пакети на податоци, ТЦП овозможува двајца домаќини да воспостават врска и размена на протоци на податоци. ТЦП гарантира испорака на податоците и дека ова ќе се изврши во истиот редослед по кој податоците биле испраќани. Види повеќе: Прирачник за Академиите за обука на судии и јавни обвинители во ЈИЕ, „Странските терористички борци", Канцеларија на ООН против дрогата и криминалот, Виена, 2017, стр.31.

Интернетот овозможи креирање на т.н. социјални мрежи или медиуми за непосредна комуникација и интеракција помеѓу корисниците. Раните мрежи на социјалните медиуми како AOL Chat Rooms, LiveJournal и MySpace се појавија кон крајот на 1990–тите години. Тековните, популарни социјални веб-страници ги вклучуваат: Фејсбук, Twitter, LinkedIn, Instagram, Snapchat, Јутјуб, Гугл+, WeChat, Pinterest, Snapchat, Tumblr, Viber, WhatsApp, Wikipedia, TikTok, Reddit, Вконтакте во Русија, Weibo во Кина и други. Најголем поттик за социјалните медиуми дојде со воведување на паметните телефони, кои последниве години им овозможуваат на 3 милијарди корисници да комуницираат и публикуваат[160], од кои на Фејсбук имаат профил околу 2 милијарди луѓе.[161]

Популаризацијата на интернетот уште се нарекува и процес на „дигитализација“. Освен што социјалните интернет медиуми се полесно достапни од традиционалните, тие имаат многу извори на содржина и многу приматели на таа содржина, додека традиционалните медиуми како радиото или весникот имаат само еден извор а многу приматели. Најголемата разлика помеѓу традиционалните и социјалните медиуми е во тоа што социјалните медиуми им овозможуваат на сите да креираат и да ја споделат сопствената содржина, без разлика дали станува збор за блог, слика, видео или ажурирање на статусот.

Но, дигитализацијата не само што го промени начинот на којшто луѓето комуницираат, туку значително и неповратно ја трансформираше и природата на новинарството и етиката. Промената на медиумската призма, од помал број на големи субјекти кон огромен број на мали субјекти кои имаат активен удел во јавното информирање се одрази и врз професионалноста и разбирањето на јавните комуникации од страна на новинарите, особено во контекст на дигиталните комуникации. Редакциите станаа сè помали, без јасна организација и со ограничени капацитети, што доведе до ограничено

160. „Практични упатства за користење социјални медиуми од страна на судиите, Op. cit., стр.25.

161. Оттаму е и загрижувачки ставот на некои теоретичари дека токму Фејсбук како фирма има само декларативен став кон неговите „Правила на однесување“, па ја обвинуваат фирмата дека има само „профитерски став“ и ги заобиколува овие правила кога станува збор за говор на омраза. Извор: Poljak, Ibid, str.2714. Ова нешто е поткрепено и со информациите од т.н. „свиркачи“: https://a1on.mk/world/haugen-fejsbuk-znae-kako-da-shi-ri-omraza-na-internet/

акумулирање и пренесување на знаење. Така денес постојат и огромен број на онлајн медиуми каде нема ниту еден професионален новинар. Универзалната улога на медиумите, да едуцираат, беше деградирана дури и до рамниште што некои медиуми почнаа да дезинформираат преку „лажни вести“.[162]

Значи интернетот е премногу моќен мултипликаторен медиум за да би останал „нечепнат“. Некои од неговите перформанси како што се „лажните вести“ можат да го радикализираат човековото однесување, да го натераат човека да се однесува подеструктивно отколку вообичаено.[163]Ова нешто се докажа и со последните американски избори за претседател на државата кога после кампањата се случи нападот на Капитол Хил (Конгресот на САД), па во јануари 2021 година Твитер, Снепчат, Инстаграм и Фејсбук му ги суспендираа профилите на кандидатот за претседател – Доналд Трамп (Твитер тоа го стори со „перманентна суспензија,“ но ретерираше во одлуката после само еден ден)[164] за кого постоеја сомнежи дека е поттикнувач на насилните настани.[165] За овој гест имаше и критики во јавноста (Бил Гејтс), а во насока на одбрана на кохезијата во американското општество.[166] Инаку постојат и теоретичари кои се на ставот дека ограничувањето на говорот на омраза може да го зголеми демократскиот легитимитет.[167] Ваков беше примерот со Reddit кога во 2015 година ги забрани/угаси две од своите потплатформи поради имплементирање на својата нова политика за „спречување на вознемирување“. Истото вроди со резултат, па беше намален говорот на омраза за дури 80 % и покрај тоа што некои од коментаторите

162. Извор: Ричлиев, З. „Препораки за зголемување на интегритетот и професионалноста на онлајн медиумите“, Здружение на новинари на Македонија, 2016, стр.1, интернет:
163. Психологијата како наука говори дека луѓето попримаат и експресираат радикални ставови поради нивниот внатрешен порив да бидат подопадливи, а и поради тоа што во дигиталниот свет тие се посмели. Луѓето во таквите настапи демонстрираат претерување во нивните убедувања за нивната кредибилност како извор на информации и политички гледишта. Настанува натпревар во повикување и убедување. Овој феномен е уште познат како – групна поларизација. Извор: Citron, K., D., “Hate crimes in cyberspace”, Harvard University Press, 2014, p.63.
164. Достапно на: https://www.bbc.com/news/technology-55569604 (23,05,2023).
165. Достапно на: https://www.dailymail.co.uk/news/article-9120399/Donald-Trump-BANNED-Twitter-12-hours.html (23,05,2023).
166. https://www.livemint.com/news/world/bill-gates-says-social-media-bans-aren-t-answer-to-divisiveness-11613970373747.html (23,05,2023).
167. Види: Poljak, Op. cit., str.2728.

мигрирале на другите потплатформи на Reddit каде очигледно прифатиле друг „стил“ на изразување.[168]

Во киберпросторот е полесно да се пронајдат „сродните души“ со слични убедувања, а доколку меѓу нив има и разлики, тие се минимализираат. Групната поларизација е најевидентна во активностите на кибертолпите. На глобален план статистиката од проучувањата и следењата на научниците вели дека најголемиот број на „неприфатливи“ коментари (читај: говор на омраза) е пронајден на Фејсбук,[169] а пак, најголемиот број на вакви коментари во соодносс со севкупните коментари на таа социјална мрежа е на Јутјуб.[170]

Кога се работи за говорот на омраза помеѓу нашите сограѓани на социјалните мрежи, од истражувањето направено во рамки на еден научен труд[171] било заклучено дека се забележува дека овој говор е присутен во сите облици и влијае за креирање на предуслови за појава на криминал од омраза. Отсуството на регулација и саморегулација придонесува говорот на омраза да се користи особено во услови на интензивна политичка мобилизација, но и во секојдневната комуникација на корисниците на ваквите мрежи. Од белезите на заштитените групи како референци, на социјалните мрежи во Македонија присутни се: говорот на омраза врз основа на религиската и етничката припадност, говор на омраза на политичка основа, понатаму, врз основа на сексуалната ориентација, но и говор на омраза врз основ на професионалната ориентација и кон мигрантските заедници. Традиционалниот говор на омраза, најчесто е синтетизиран и има повеќе основи во исто време. Во најексплицитна форма се јавува говорот на омраза врз основа на сексуалната ориентација, а како нова форма на говор на омраза е оној кој е насочен кон мигрантите кои во последниве години транзитираат низ Македонија.

168. Ibid, str.2714.

169. Регулирањето и саморегулирањето Фејсбук го воспостави во 2018 година кога воведе можност за секој корисник да може да означи некој пост како „говор на омраза“, а истата година почна да објавува податоци и за бројот на отстранети објави кои биле препознаени како „говор на омраза“. Извор: Ibid, str.2726.

170. Ibid, str.2713.

171. научен труд: „Говор на омраза на социјалните медиуми во Република Македонија“ на Дејан Маролов и Страшко Стојановски од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Неспорно е дека технологијата (читај: интернетот) му даде „крила“ на говорот на омраза. Затоа, за да се сфати модусот операнди за сторување на дела на говор на омраза на интернет потребно е да се има и предзнаење за таа технологија, за начините на комуникација преку интернет, односно: Што претставува „Мрзеливо новинарство“?; Што е „Ефект на снежна топка?“; Што се „кромид-вести“?; Што е ефект на „ехо-комора“ (Влез во маѓепсаниот круг)?; Што е феноменот на „бомбардирање со информации онлајн“? Инаку постојат и различни категории на лажни вести кои треба да се препознаат од страна на практичарите.[172]

172. Некои категории на вести се лажни (дезинформации), додека други се припишуваат на пристрасни информации (погрешни информации). Сите тие имаат многу лабава врска со вистината и во основа постојано имаат намера да измамат. Ова важи како за збунувачките вести кои може да содржат полувистина, така и за „намерно измамничките вести“ што биле измислени намерно за да заработат пари преку бројот на кликови, да се предизвика забуна или незадоволство, или заради целта на сензационалистички пропаганди. Овие приказни обично се дистрибуираат преку лажни веб-страници (eng. Imposter news sites) кои се дизајнирани да изгледаат како „вистински“ брендови или преку веб- страници со лажни вести. Тие често користат видео и графички слики кои се на некој начин манипулирани. Извор: „Практични упатства за користење социјални медиуми од страна на судиите, Op. cit., 28, 29.

# Конвенцијата за КИБЕР(КОМПЈУТЕРСКИ) криминал на Советот на Европа

Никулецот за хармонизирање на глобално ниво на материјалните и процесните норми од областа на компјутерскиот криминалитет и електронските докази беше направен со Конвенцијата за киберкриминал на Советот на Европа IST182 од 23.11.2001 година.[173]Овој акт е еден од ретките кој имаше регионален опфат (за континентот на Европа[174] од каде се и членките-држави на меѓународната организација – Совет на Европа), а кој беше инспирација, па дури и извор на правото во други држави ширум светот. Иако и претходно постоеја обиди за дефинирање на материјалните норми кои ја регулираат меѓународно-правната соработка во доменот на борба со компјутерскиот криминалитет,[175] сепак Конвенцијата по својата сеопфатност, флексибилност и можност за лесно инкорпорирање во националните законодавства стана препознатлив механизам за лесна комуникација меѓу државите.

Како што беше претходно кажано процесните одредби во националното законодавство во делот на прибирањето на доказите во електронската форма се базираат на Конвенцијата за киберкриминал. Така, процесните одредби кои што се таму дефинирани во голема мера се пресликани во нашата кривична постапка и во Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, како и низа други

173. https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/rms/0900001680081561
174. Советот на Европа ја усвои Конвенцијата за компјутерски криминал во Будимпешта на 23.11.2001 година. Вкупно 58 држави се потписнички на Конвенцијата, од кои 28 со ратификација. Конвенцијата беше потпишана од страна на Р С. Македонија на 23.11.2001 година, ратификувана на 15.09.2004 година, а влезе во сила на 01.01.2005 година.
175. Види: Прирачник за практичари „Компјутерски криминал“, Зврлевски/Андонова/Милошески, ОБСЕ, Скопје, 2014, стр.7.

закони кои што ги регулираат прашањата поврзани со електронските комуникации.[176]

Уште поважно, во 2003 година Советот на Европа го донесе „Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за киберкриминал, кој ја засега криминализацијата на дејствијата од расистичка и ксенофобична природа сторени преку компјутерски систем (ETS No. 189)“.[177] Со овој Дополнителен протокол беше дефинирано што претставува расистички или ксенофобичен материјал (види чл.2 ст.2). Во чл.8 од Дополнителниот протокол, насловен како: „Односи помеѓу Конвенцијата и овој протокол“ се стипулира дека: „Членовите: 1, 12, 13, 22, 41, 44, 45 и 46 од Конвенцијата ќе се применуваат, mutatis mutandis, на овој протокол. Во останатиот дел овој Дополнителен протокол е во многу нешта сличен со Рамковната одлука на ЕУ за борба против одредени форми на експресија на расизам и ксенофобија со помош на казненото право од 28 ноември 2008 година, 2008/913/ЈХА.[178] Исто како и во тој акт и со Дополнителниот протокол државите – членки се обврзуваат да инкриминираат бројни дејствија мотивирани од расистичка или ксенофобична побуда како на пример: „расистичката или ксенофобично мотивирана закана“.[179]

Процесните одредби на Конвенцијата за киберкриминал се стипулирани во чл.14 до чл.22, и тоа како: опфат на процесни одредби, услови и гаранции за експедитивно зачувување на складирани компјутерски податоци, за наредба за претрес и запленување на складирани компјутерски податоци, за собирање на компјутерски

176. Види повеќе: Конеска, М./Милошески, В./Маркоски, А., „Меѓународна соработка во кривичната материја: Прирачник за практичари“, ОБСЕ, Скопје, 2016, стр.32.

177. https://edoc.coe.int/en/cybercrime/6559-convention-on-cybercrime-protocol-on-xenophobia-and-racism.html

178. Конвенцијата за киберкриминал на СЕ заедно со Дополнителниот Протокол претставуваат база врз основа на која и ЕУ има донесено повеќе директиви со кои ја регулира оваа материја.

179. Во чл.4 се стипулира: „Секоја страна ќе донесе законски и други мерки што може да бидат потребни со цел да се утврдат како казнени дела под националното право на страната, доколку делото е сторено намерно и противправно, следните однесувања: закани преку компјутерски систем, со постоење на законски белези на сериозно казнено дело како што е утврдено според нејзиното домашно право, спрема: (i) лица од причина што припаѓаат на група, разликувана по раса, боја, потекло или национално или етничко потекло, како и верска припадност, ако истата се користи како изговор за кој било од овие фактори, или; (ii) група на лица што се разликува по која било од горенаведените карактеристики.“

податоци во реално време, за пресретнување на содржински податоци и јурисдикција.[180]

Меѓународната соработка согласно Конвенцијата е обработена во 6 члена и тоа како: општи принципи во врска со меѓународната соработка; екстрадиција; општи принципи на укажување взаемна помош; спонтани информации; постапка во однос на барањето за укажување взаемна помош во отсуство на важечки меѓународни инструменти; и тајноста и ограничувањето на употребата.

Меѓународната соработка согласно Конвенцијата за киберкриминал се спроведува врз основа на повеќе начела:

1. „Начелото на експедитивно зачувување на складирани компјутерски податоци". Ова значи дека податоците кои што се бараат веднаш мора да бидат зачувани бидејќи истите подлежат на брзо контаминирање и тоа пред сѐ со нивно бришење од системот согласно националните регулативи. Дијапазонот на чување се движи од 6 месеци до 2 години;

2. „Начело на експедитивно откривање на зачувани преносни податоци". Ова е еден од најбитните принципи врз основа на кој може успешно да се спроведе предистражната и истражна постапка по конкретен кривичен предмет. Имено, експедитивното откривање на зачуваниот податок – IP адресата е од голема корист за успешното водење на истрагата особено кога комуникацијата продолжува преку друг оператор со цел лесно и брзо да се добие крајната гео позиција на последната IP адреса;

3. „Начело на взаемна помош во однос на пристапувањето на складираните компјутерски податоци со претходна согласност или кога тие се јавно достапни"

4. „Начело на прекуграничен пристап до складирани компјутерски податоци со претходна согласност или кога тие податоци се јавно достапни". Често пати креаторот на податокот се наоѓа на територија на една држава, а пак самиот податок на територија на друга држава, па доколку тие податоци се јавно достапни (не спаѓаат во категоријата

180. https://rm.coe.int/1680081561

на заштитени податоци), домицилните власти можат да имаат директен пристап до нив. Како пример за ова се смарт-мобилните телефони на кои е внесена определена веб е-поштенска сметка или пак сметка на социјална мрежа, па доколку се отворени, тогаш може низ нив да се пребарува и да се прибираат докази иако тие докази не се зачувани во меморијата на телефонот, туку се зачувани на некој носач на податоци во странство. Во спротивен случај, за прибирањето докази би била потребна претходна согласност од државата каде се складирани податоците;

5. „Начело на взаемна помош во собирањето преносни податоци во реално време". Прибавување на преносните податоци во реално време претставува начин на којшто веднаш може да се влезе во траг на лицето кое што се бара и;

6. „Начело на взаемна помош во однос на пресретнувањето на содржински податоци". Оваа одредба е поврзана со примената на ПИМ од ЗКП, и тоа чл.252 ст.1 т.4 од ЗКП, со која се овозможува таен увид и пребарување во компјутерски систем во ситуација кога е тој се уште активен и кога може лесно да се види кое лице ги креира, обработува или прима податоците.

Важни одредби од Конвенцијата се чл.16 и чл.17 бидејќи се однесуваат на специјалната алатка т.н. „Мрежа 24/7", креирана со членот 35 од Конвенцијата. Согласно овие одредби државите потписнички се должни да определат лице - точка за контакт, кое што ќе биде достапно врз основа на 24/7 и во итни случаи ќе постапува по барање на друга држава насочено кон експедитивно замрзнување на податоци во рок од 90 дена, како и нивно делумно откривање на заинтересираната страна со цел да може да се следи патеката на информацијата и давање на друга потребна техничка помош. Ваквата помош ќе вклучи олеснување или ако со домашните закони и практика е дозволено, директно извршување на следниве мерки: 1) обезбедување технички совети; 2) зачувување податоци во согласност со членовите 29 и 30 од Конвенцијата; 3) собирање докази, обезбедување правни информации и 4) лоцирање на осомничените. Со оваа алатка не се дерогираат одредбите од Законот за меѓународно правна соработка

во кривичната материја,[181] туку само се добива на време за да може тие податоци да бидат зачувани.

181. Службен весник на РСМ 77/2021 (06.04.2021)

# Криминалистички аспекти кон прибирањето на доказите за делата на говор и омраза сторени онлајн

Модерното живеење зависно од технологијата предизвикува електронски траги. Ова значи дека доколку треба да се прибават таквите докази потребно е да се детектираат изворите на истите и местото каде што се доставени. Целта е точно да се дефинира субјективниот однос и присуството на инволвираните лица при електронската комуникација, а кои лица се од интерес на органите на прогонот за решавање на кривично правниот настан, односно дефинирање на нивните улоги како извршители на кривични дела, помагачи, поттикнувачи, жртви или сведоци. Тука се јавуваат два основни проблема, прво – која е содржината на податоците и како до истата да се дојде; и второ – каде се складирани тие податоци. Содржината на податоците е всушност доказот во кривичната материја.[182]

Брзото и ефикасно прибирање на доказите е есенцијално. Колку повеќе се одолговлекува постапката толку повеќе постои опасност бараните докази да нема да може да се најдат. Треба да се појде од ставот дека бришењето на внесената содржина или која било друга објава, не значи дека овие податоци се трајно недостапни за другите, или дека не можат да бидат пронајдени или следени од страна на операторот за услуги на интернет, или од друг корисник, во оригинална или изменета форма. Значајно е повеќе да се каже за интернет провајдерите како би се доловила целокупната слика за тоа со што се соочуваат истражителите во кривична постапка во која треба да бидат прибавени електронски докази.

182. Конеска/Милошески/ Маркоски, Op. cit., стр.31.

Интернет сервис провајдерите (ISP) за првпат почнаа да се појавуваат кон крајот на 1980-тите години и раните 1990-ти. Тоа се приватни компании кои им обезбедуваат на корисниците интернет пристап и услуги преку интернет.[183]Постојат неколку различни видови на интернет сервис провајдери во зависност од услугата што ја нудат , односно дали станува збор за интернет пристап, електронска пошта, хостирање на интернет сервис, информативен сервис, социјални мрежи и останатите сервиси на интернет мрежата.[184]

Хостинг провајдерите нудат сервис на интернет за е-маил пренос на датотеки преку FTP протокол, веб-хостинг услуги, виртуелни машини, Cloud (Облак) и физички сервери. Трансфер - интернет провајдерите овозможуваат услуги на интернет кои нудат големи количини на пропусен опсег потребен за меѓусебно поврзување на хостинг провајдерите и интернет провајдерите.[185]Виртуелните интернет провајдери (VISP), пак, нудат набавка на услуги од други интернет провајдери со цел да им овозможат на корисниците пристап до интернет. Бесплатните интернет провајдери (freenets) даваат бесплатна услуга за пристап до интернет и често се прикажуваат реклами додека корисниците се поврзани.[186]

Големата слика е тоа дека киберпросторот повеќе не е правна енклава во која може слободно и неконтролирано да се дејствува. Говорот на омраза кој е често увертира на делата на омраза е веќе

183. Овие провајдери овозможуваат поврзување на клиенти во интернет – мрежата и пристап на сервисите на интернет мрежата. Често пати, интернет провајдери се компании кои нудат телекомуникациски услуги, вклучувајќи интернет комуникација, пристап до податоци и телефонска врска . Поголемиот дел од телефонските компании сега функционираат како интернет – провајдери кои можат да бидат комерцијални непрофитни, приватни или со заедничка сопственост. Некои од услугите на интернет провајдерите вклучуваат интернет пристап, регистрација на домејн, име на домејн хостинг, dial-up пристап, пристап на изнајмена линија и ко-локација.

184. Провајдерите на интернет конекција своите услуги ги нудат преку технологии кои обезбедуваат интернет конекција. Интернет конекцијата или интернет пристапот може да биде овозможен преку оптички кабел (FIOS), DSL (Digital Subscriber Line) или сателит. Голем број провајдери на интернет пристап, исто така обезбедуваат e-mail и дополнителни услуги за хостирање на одредени услуги. Извор: Водич (краток) за обвинители „Обезбедување докази во електронска форма од меѓународни и домашни интернет сервис провајдери“, Стоилковски, М./Цветановски, Ј., Здружение на јавни обвинители на Р С. Македонија и ОБСЕ - мисија во Скопје, Скопје, 2017, стр.9.

185. Исто.

186.Исто, стр.10.

забранет со Конвенцијата за киберкриминал на Совет на Европа. Начелно, сега во виртуелниот простор е забрането с што е забрането и во реалниот простор.[187]

Криминалистот Карановиќ ќе каже: „Кривичната одговорност е врховниот синтетички поим на казненото право, но во нејзиното утврдување треба добро да се препознае внатрешната психичка содржина, а ова откако ќе се согледа физичкото дејствие и предизвиканата последица. За оваа цел се користат како докази исказите на сведоците, исказот на сторителот, податоците за таа личност, утврдувањето на објективните фактори и материјалните докази."[188] Прашањето е како да се користи интернетот за да се обезбедат тие докази? За ова нешто, повеќе ќе стане збор во следното поглавје.

Брзиот развој на технологијата и распространета употреба во сите сфери на општественото живеење најде своја артикулација и при извршувањето на кривичните дела. Начинот на комуникација се трансформира, се дигитализира. Во процесот на утврдувањето на кривичната одговорност неретко посредните докази имаат поголемо значење, а ова особено се однесува за делата на говор на омраза како дела-производ на идеологиите и „дела на порака".[189] Имено, за тоа, кое нешто во еден конкретен случај ја поттикнало и активирало човековата дејност и во кој правец била истата насочена, се дознава со анализа на околностите кои претходеле на извршувањето на кривичното дело, како и на оние по извршувањето на делото, и на основа на карактерните црти на сторителот. Извршувањето на кривичното дело настанува во менталните процеси, а се перфектуира со физичкото дејствување кое се манифестира во физичкиот-надворешен свет.

187. Живановски, Н., „Некои аспекти на европската и американската правна филозофија во однос на слободата на говорот и говорот на омраза и нивните рефлексии врз интернетот", "16-ти НОЕМВРИ меѓународен ден на толеранцијата: избрани текстови", МАНУ-ОБСЕ, Скопје, 2015, стр.14.

188. Karanović, Op. cit., str.31.

189. Тие се дизајнирани да пренесат порака не само на жртвата, туку и на цела група, која во очите на сторителот е подредена во општеството. Пораката пак, треба да предизвика чувство на нелагодност, ранливост и тензија помеѓу припадниците на таа група.Извор: Chakraborti N./Garland, J., "Hate crime: Impact, Causes and Responses", SAGE, Los Angeles, 2008, p.14.

Заснованоста на казненото право врз делото не подразбира игнорирање на оние субјективни елементи кои го креваат објективното значење и тежина на делото, како што се посебната намера, мотив (побуда) или цел на сторителот. Тие не претставуваат чисто-субјективни елементи на вината на сторителот, туку се трансформираат во елементи на објективното неправо на делото.[190]

Постојат и голем број опции на сопственички софтвер и „онлајн" техники што им се на располагање на терористите за заштита на безбедноста на нивните податоци и активности. Одредени истражувања покажале дека и натаму како опција остануваат комуникациите преку „нормалните" канали (e-mail итн.) со користење на тајни техники на шифрирање, како што се стеганографијата[191] и скриениот воден жиг. Овие техники, кога ќе се применат со енкрипција, создаваат сериозни предизвици за разузнавачките, полициските и обвинителските органи. Друга техника е Тор[192] којшто е веб – прелистувач што често го нарекуваат „длабокиот„ или „темниот интернет". Тоа е дел од интернетот кој не е индексиран од пребарувачи, како што е, на пример – Гугл. Тор ги енкриптира конекциите за да ги осуети можностите за следење на активностите

190. Како прв пример на вешта злоупотреба на интернетот поради омраза би се зел криминолошкиот феномен на „Странските терористички борци – СТБ". Во врска со криминалистичката методика за спроведување на истраги за кривични дела со СТБ, потребно е да се има во обзир влијанието на интернетот во последната генерација на регрутирани борци. По однос на влијанието на интернетот врз кривичните дела на говор на омраза стана збор погоре, но потребно е да се надополни дека ширењето на радикализацијата на социјалните медиуми е нешто што сè повеќе загрижува, па така во 2020 година се оперираше со бројка од некои 90.000 сметки на Твитер што ги контролираше терористичката организација - ИСИЛ со цел профилирање и врбување млади луѓе за одење во војна каде „хаштаговите" се новите оружја. Слично како и со други групи, се покажа тешко во праксата на „онлајн" истрагите да им се влезе во трагата на припадниците на ИСИЛ поради технолошките алатки што ги користат од типот на: апликации за енкрипција, платформи на социјалните медиуми и платформи за енкриптирани инстант пораки. Пред 10ина години неколку медиуми ја објавија веста дека ИСИЛ изготвил прирачник за своите борци под наслов „Како безбедно да твитуваш без да ја оддадеш тајната локација на Агенцијата за национална безбедност на САД", во кој се објаснува како да се избегне надзор. Види: http://securityaffairs.co/wordpress/47243/terrorism/covert-communications-terrorists.html.

191. Стеганографија се податоци скриени во податоци – на пример, криење на текстуален фајл во склоп на некоја слика. Стеганографијата е техника за енкрипција која може да се искористи заедно со криптографијата како исклучително безбеден метод за заштита на податоците.

192. Кратенка од англиски јазик за "The Onion Router".

на интернет. Во ситуации каде не е можна енкрипција, како на пример, на некој несигурен канал, терористите користат техники, како што се “chaffing“ (се задева, се шегува) и “winnowing“ (одбира, пробира).[193]

193. Кај дигиталините комуникации, овие техники му овозможуваат на испраќачот да испрати порака без енкрипција, како читлив текст, при што примачот и испраќачот споделуват заеднички таен клуч што го користат за верификација. Со оваа метода, доверливоста на пораката ја обезбедува трето лице кое истовремено испраќа намерно создадена порака преку истиот канал како испраќачот. Извор: Прирачник за Академиите..., „Странските терористички борци“, Op.cit., стр.30.

# Обезбедувањето на доказите во електронска форма

Динамичниот развој на технолошките алатки неминовно бара специфична подготвеност на органите на прогонот во процесот на откривање на сторителите на кривични дела. Обезбедувањето на компјутерски податоци кои би можеле да претставуваат доказ во одредена кривична постапка не е секогаш едноставно. Напротив, кај повеќето предмети, она што е можеби приоритет за домашните органи, тоа може и да не е така за странскиот интернет провајдер од каде треба да се обезбеди податокот.[194] Дополнително, секој од овие провајдери има сопствени регулативи и протоколи кои се во согласност со законската рамка на земјата во која се тие регистрирани.

Но, пред да се навлезе во темата за процедурите кај странските интернет-провајдери, најпрво, како што беше кажано, треба да се добијат информациите за тоа од каде е започната комуникацијата помеѓу електронските уреди и каде комуникацијата завршила. Тоа се добива на два начини. Прво, со физичко детектирање на електронскиот уред, кој начин е посложен пат и е со помала веројатност за откривање, бидејќи треба да бидат запазени процедурите од ЗКП за одземање на предмети со кое било сторено кривичното дело, а потем – правење на експертиза врз телефонот од страна на специјализираното одделение на МВР, при што секогаш останува потешкотија утврдувањето за тоа дали овој електронски уред кој хипотетички бил одземен од сторителот, и навистина бил користен од страна на сторителот во критичното време. Вториот начин е со детектирање на предефинираните податоци на IP адресирањето кои ги дава соодветен телекомуникациски оператор преку кој оператор сторителот се најавува на мрежата или таканаречена „MAC адреса“. Тогаш ЈО е сигурен дека преку определен електронски уред е извршена телекомуникација или е направен трансферот на

194. Стоилковски/Цветановски, Op. cit., стр.41.

податоци.[195]

Значи една од првите фази на истрагата при утврдувањето на сторителите одговорни за кривични дела на говор на омраза направени „онлајн“ е следењето на ИП адреси. Тука треба да се има во предвид и феноменот на „форум-шопинг“ кога сторителите стратешки ја бираат локацијата за пласирање на таквите информации, кои дигитални локации претставуваат „хостови“, во земји со погодна легислатива за „неказнивост“.[196]

Веројатно најважните докази при собирањето на дигитални докази се само во форма на непостојани податоци кои се содржани во компјутерскиот РАМ (Меморија за случаен пристап).[197]Доколку се работи на случај за „кибертолпа“ следењето на ИП адресите понекогаш треба да биде со поширок опфат и синхронизирано. Имено, познати се формите на интернет преку кои комуницираат екстремистите, т.н. „соби за муабетење“ од 1990-тите каде бројот на кореспонденти можеше да биде и десетици лица. Во овие форуми имаше јасна хиерархија. Највисоко стоеше лицето кое го поседуваше форумот и на кого беше регистриран домејнот. Тој имаше де факто контрола над техничките аспекти на веб-сајтот, вклучително и моќта да брише туѓи пораки и објави, како и да прифаќа нови членови. Под него беа администраторите, или – модераторите. Тие ги имаа повеќето од моќите на сопственикот, освен способноста за комплетно бришење на форумот. И во редот на администраторите можеше да има хиерархија, па така поважните администратори, можеше да си имаат

195. Конеска и др., Op. cit., стр.31.

196. McGonagle, T., "The Council of Europe against online hate speech: Conundrums and challenges, EXPERT PAPER", University of Amsterdam, 2013, p.27.

197. Традиционалниот пристап на „исклучување од струја“ пропушта огромни количини на непостојани податоци сместени во меморијата кои може да се изгубат. Во денешно време, истражителите вообичаено се соочуваат со реалноста на софистицираната енкрипција на податоци, како и со алатки за хакирање и злонамерен софтвер кои може да постојат само во меморијата. Доколку еден компјутер е вклучен, најтопло се препорачува да се искористи знаењето на компјутерските форензички експерти бидејќи исклучувањето на компјутерот би можело да резултира со губење на евентуални докази за криминалните активности. Сепак, доколку компјутерот е вклучен, но работи деструктивен софтвер (форматирање, бришење, отстранување или чистење на информации), веднаш треба да се исклучи напојувањето на компјутерот за да се сочува тоа што останало во уредот. Прирачник за Академиите за обука на судии и јавни обвинители во ЈИЕ: „Странските терористички борци“, Op.cit., стр. 50.

свои заменици.[198] Истражителот при МВР или при „Истражниот центар“ на ОЈО ќе мора да ја расветли таа структура.

Историски, од причини, што во САД е најисплатливо да се има сигурен сервер, дури и Ал Каеда создаде форуми врз основ на американските сервери. Но, екстремистичките форуми исто така, имаат и свои внатрешни кругови. Некои главни области се ограничени само на членовите од доверба, кои се инволвирани и во тајните и во идните планови на организацијата. И покрај ваквата структура, форумите се покажаа како високо-ранливи и лесно-проникливи од страна на разузнавачките – безбедносни служби, кои продираа во нив и дознаваа корисни информации, или пак, ги згаснуваа форумите. Од тие причини, во последно време, џихадистите почнаа да ги напуштаат форумите и започнуваат да отвораат „сметки“ на отворените медиумски платформи на Интернет. Поради ваквиот тренд, во Јутјуб беше додадено опција за корисниците, кои сега можат да означат одреден објавен материјал дека е со терористичка содржина.[199]

Кон проблематиката и методите за таквите операции на соработка на органите на кривичен прогон и овие фирми е потребно да се пристапи со претходен план, најпрво за дефинирање на компјутерските податоци кои можат да им бидат потребни на правосудните органи во текот на кривичната постапка; да се направи преглед и прибават информации за видот на компјутерските податоци кои можат да се добијат, каде се наоѓаат и како можат да бидат обезбедени во текот на претходната постапка, согласно домашната меѓународна - правна рамка, и на крај, да се еманира начинот и постапката кои треба да се следат при обезбедување на компјутерските податоци кои би можеле да бидат потенцијален доказ во постапката и да се подготват обрасците за поднесување барања за податоци од домашни или странски интернет провајдери.[200]

198. Stern, J./Berger, J.M., “ISIS the state of terror”, Harper Collins Books, NY, 2015, p.129.
199. Слична, но сепак, поригорозна акција за елиминирање на терористичките содржини, макар и затворени за пристап од поширокага јавност, во 2009-та година презеде и Фејсбук. Екстремистите одговорија со брзо креирање на нови профили под нови имиња. Ова е особено случај со операцијата на индоктринација на новите регрути од страна на ИСИС. Види статија: „Џихадистите се регрутираат на интернет“, Утрински Весник, 30.08.2016.
200. Извор: Стоилковски/Цветановски, Op. cit., стр.5.

Во текот на претходната постапка обезбедувањето на потребните компјутерски податоци може да биде неизвесно, а неизвесноста произлегува ако: ЈО и полицијата не се сигурни дали бараните податоци постојат; дали истите ќе бидат дадени врз основа на отпочнатата постапка и кој е реалниот временски рок во кој може да се очекува дека ќе бидат доставени бараните податоци.

За целите на кривичната истрага, најчесто е потребно да бидат обезбедени следниве видови податоци:

- „Податоци за претплатникот“ – информации за идентификација на корисникот на одреден интернет протокол (IP адреса) или IP адреси кои се користат од страна на одредена личност;
- „Податоци за интернет сообраќај“ – претставуваат лог (log) датотеки каде се евидентирани активности на оперативниот систем на одреден компјутерски систем или на друг софтвер или на комуникации помеѓу компјутери, особено на изворот и дестинацијата на пораките.
- „Податоци за содржина“ – Во овој вид влегуваат пораки, слики, филмови, музика, документи или други податоци. Постои разлика меѓу содржини кои се чуваат, односно податоци кои се веќе достапни на компјутерски систем, и содржини кои треба да бидат сочувани во иден период, а кои с уште не се на располагање и ќе мора да бидат добиени во реално време.[201]

Од сите гореспоменати операции и видови на податоци, податоците за претплатниците се најчесто бараните компјутерски податоци при домашните и меѓународните истраги. Без овие информации, често е невозможно да се отпочне или продолжи со истрагата и затоа е од клучно значење нивното обезбедување. Операторите многу често (ако не и секогаш) настапуваат на пазарот како здружени правни субјекти чијашто мрежа на покривање на можноста за електронска комуникација е огромна и во најголем дел

201. Исто, стр.11.

од случаите е директно поврзана со странски правни субјекти. Во тој момент треба да се бара податок од операторот на кого му е доделено да ја користи IP адресата  која е од интерес за постапката, а потоа да се оди чекор по чекор барајќи каде и со кој друг електронски уред од таа IP адреса е комуницирано за на крај да се дојде до бараното место каде што податоците се складирани или се предадени.[202]

Податоците за претплатникот обично се процесираат и чуваат од страна на давателите на услуги односно интернет-сервис провајдерите кои се дел од приватниот сектор, што значи сите податоци е потребно да се бараат со барање или замолница (доколку адресатот е во странство) поднесени од страна на јавен обвинител. Издавањето на наредби за доставување на податоци често може да биде третирано како загрозување на човековите права и правото на приватност, исто како и пребарувањето и запленaта на компјутерски системи или следењето на комуникации. Во овој контекст Европската конвенција за киберкриминал на Советот на Европа прави дистинкција и ја усвојува споменатата класификација: податоци за претплатникот, податоци за интернет сообраќај и податоци за содржината.[203]

Прибирањето на електронски докази од странски независни иматели на податоци може да одземе многу време и постои ризик дека додека примателот на информацијата, кој е провајдер на услугата, го добие барањето, согласно нивното национално право бараните податоци да бидат веќе избришани. Провајдерите на комуникациски услуги, интернет и телефонија не чуваат податоци за комуникацискиот сообраќај вечно и честопати таквите податоци не се чуваат подолго од времето потребно за исполнување на обврските за плаќање или слични обврски.

При поднесување на барањето за достава компјутерски податоци, ЈО може со барање врз основа на чл.287 од ЗКП директно да се обрати до домашниот интернет сервис провајдер или пак тоа да го стори со наредба преку Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи. Процесот, пак, на обезбедување податоци од странски интернет

202. Конеска и др., Op. cit., стр.32.
203. Стоилковски/Цветановски, Op. cit., стр.12.

сервис провајдери генерално го дефинираат протоколите и постапките на странските интернет-сервис провајдери за соработка со органите за спроведување на законот. Доколку движењето на податоци е во рамките на една држава тогаш тоа е лесно бидејќи домицилните правни субјекти се должни да ги дадат податоците на органот што ја води постапката а заради краткиот рок на откривање на комуникацијата меѓу IP адресите, шансите да се добијат податоците се големи. Исто така, доколку се работи за потреба од откривање на сопственишто на домашен онлајн медиум од каде се одвивала комуникација, тогаш органот е доволно да ја прибави информацијата од Марнет[204]. Но за жал ова се ретки случаи бидејќи тоа е најредок начин на комуницирање помеѓу IP адресите.

Интернет сервис провајдерите кои се регистрирани во САД согласно актуелната законска регулатива за потешки кривични дела имаат надлежност директно да соработуваат со претставници на органите за спроведување на законот од други држави и истовремено да обезбедуваат податоци за корисниците на нивните интернет сервиси за корисничките активности, како и за креираните содржини од страна на корисниците на одреден сервис. Соработката помеѓу овие провајдери и органите за спроведување на законите е на доброволна основа, но треба да се има предвид дека секој провајдер поединечно има свои протоколарни особености кои се објавени во форма на „процедури“ за обезбедување на податоци за потреби на органите за спроведување на законите, а за кои процедури станува повеќе збор подолу. На крајот треба да се има предвид дека институционалниот јаз во справувањето со говорот на омраза е најголем доколку станува збор меѓународна интеракција меѓу субјектите-институции.

Во поглед на странските искуства треба да се каже дека постојат и меѓународни компании кои што се специјализирани за чување на податоци, но чии што седишта се во повеќе држави, па податоците се распространети секаде низ светот во таканаречни “Clouds”. Во тој момент се јавува сериозен проблем за тоа каде да се најдат податоците, на кој начин и од каде истите да се прибават и дали воопшто има време за овие податоци да се прибават во фазата на истрага. Имено голем број на правни субјекти согласно нивните

204. https://marnet.mk/

национални законодавства иницијалните податоци ги чуваат мошне кратко што значи IP адресите и нивното лоцирање е потребно да се заврши во експресен период затоа што голем број законодавства ги задолжуваат нивните правни субјекти овие податоци да ги чуваат во период од 6 месеци. Сепак за среќа европскиот, па и светскиот тренд укажува дека законодавствата стануваат свесни за овој проблем и го пролонгираат рокот на чување на IP адресите и до две години. Ова нешто има врска и со иницијативите за реформирање на интернетот кон подобро, како што е онаа на еден од изумителите на интернетот – англискиот инженер Тим Бернерс Ли кој понуди и договор кој би можеле да го потпишат сите партиципиенти и корисници на интернетот.[205]

Нам, како земја-кандидат за членство во ЕУ важен ни е и ставот на ЕУ и соработката на РСМ со ЕУ на ова поле.[206] Во поглед на компаниите кои ги водат социјалните мрежи треба да се каже дека најголемите компании, како: Фејсбук, Мајкрософт, Twitter и Јутјуб со ЕУ имаат склучено „Кодекс на согласување" во 2016 година.[207]Меѓу другото, во него парафразирано се стипулира дека: истите се обврзуваат да создадат ефективен процес за преразгледување на нотификациите кои содржат говор на омраза и во рок од 24 часа од објавувањето да ги отстранат или да го онеспособат пристапот кон истите; Понатаму, ИТ компаниите се согласуваат да изработат „Правила или Насоки за заедницата" со кои ќе биде посочено дека се забранува промовирањето на омразата или насилството; Се

205. Принципите за кои се залага се: Владите се обврзуваат дека ќе осигураат сите граѓани да можат да бидат споени на интернет, тој да им биде достапен цело време и дека ќе се почитуваат основните права на приватност на податоците. Компаниите кои ќе станат потписнички би требало да осигураат интернетот да биде овозможен за сите, да ја почитуваат приватноста, да создаваат атмосфера на доверба и да развиваат технологии кои го поттикнуваат најдоброто во луѓето а да го потиснуваат она што во нив е лошо. Поединечните корисници се обврзуваат да бидат креатори на содржини и соработници на веб, да создаваат заедници во кои се почитува човековото достоинство и цивилизирана расправа. Извор: https://contractfortheweb.org/ (17.10.2020).

206. Во последно време ЕУ спонзорира проекти кои се насочени кон борба со говорот на омраза и чии носители се НВО. Таква е програмата „Европа за граѓаните 2014-2020". Овие проекти треба да помогнат во де-стигматизацијата на имигрантите и градење на интеркултурен дијалог и взаемно разбирање. Особено зачестија ваквите иницијативи во ЕУ по #MeToo кампањата и "Black Lives Matter" протестите. Извор: https://www.politico.eu/article/commission-to-move-forward-with-european-hate-speech-plan/ (25,05,2023).

207. Види повеќе: CODE OF CONDUCT ON COUNTERING ILLEGAL HATE SPEECH ONLINE, http://ec.europa.eu/justice/fundamental-rights/files/hate_speech_code_of_conduct_en.pdf

обврзуваат и дека ќе преземат мерки за едуцирање на корисниците и развивање на нивната свест за да ги препознаваат содржините на говор на омраза; Да бидат експедитивни во соработката со органите на правдата на земјите членки на ЕУ; Таква подобна обука да направат и за нивните вработени; Да водат сметка за постоење на „новинари од доверба“ како сигурни извори за пласирање на информациите и за истото да се обзнанува дека станува збор за проверени информации итн.[208]

Во поглед на почитувањето на овие заложби од страна на ИТ компаниите, од страна на ЕУ беше направена четврта евалуација во 2019 година и беше констатирано дека постои прогрес; дека дури 89 % од случаите ко биле означени како говор на омраза од страна на ИТ фирмите биле ревидирани во рокот од 24 часа. Од пријавените, пак, случаи на нелегален говор на омраза (4392 пријави за мониторираниот период од 6 месеци кон крајот на 2018 година) во вид на коментари или нотификации, дури 72 % биле отстранети.[209] Критики секако постојат, па така главната критика е дека целиот процес претставува преемптивна самоцензура во дигиталниот простор и сузбивање на слободата на говорот, како и тоа дека е с уште нејасно кој е конечниот судија кој проценува што претставува говорот на омраза на интернет. Во поглед, пак, на постапката во која ИТ компаниите забрануваат или бришат објавени содржини, постои критика дека истото не подлежи на жалба или приговор од страна на објавувачите.[210] Последно, во 2022 година стапи во сила една значајна Регулатива за која повеќе ќе стане збор подолу.

Но и пред Кодексот и пред Регулативата во ЕУ постоеше легислатива која имаше дејство во насока на борба со говорот на омраза, а имено Директивата на ЕУ, 2000/31/ЕС за електронска комерција која ефективно ги ослободува интернет-провајдерите и социјалните мрежи од каква било одговорност за содржината која тие не ја одобриле, уредиле, измениле или овластиле. Меѓутоа, ако се тие свесни за нелегалните содржини хостирани на нивните услуги,

208. https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/qanda_20_1135
209. https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/MEMO_19_806 (25,05,2023).
210. Види повеќе: Chavleski, A., “European Union`s response to hate speech: Recent developments”, “Zbornik radova: Moć komunikacije 2017”, p.25-26. https://apeiron-uni.eu/wp-content/uploads/2020/04/MOC-KOMUNIKACIJE-Zbornik-radova_2017.pdf

оваа заштита се поништува и тие имаат опција да ја отстранат таквата содржина, или да се соочат со можноста да бидат одговорни за какво било можно прекршување на националното законодавство.[211]

211.Мило, Д., „Преглед на законската рамка, судската практика и неправни алатки кои се користат во спречувањето на говорот на омраза на интернет“ , „16-ти НОЕМВРИ меѓународен ден...“, Op. cit., стр.23.

# Обезбедувањето на доказите од интернет-сервис провајдерите од САД

Доминантниот број на релевантни интернет-сервис провајдери се од САД.[212] Во прв ред тоа се: Фејсбук, Гугл, Јаху и Микрософт. За да може Фејсбук да ги достави потребните податоци до органите за спроведување на Законот, потребно е да се поднесе барање за меѓународна правна помош или барање од надлежна служба (доколку е барател американски орган).[213] Информациите за постапките и механизмите за обезбедување на компјутерски податоци Фејсбук ги објавува на својата веб-страна заедно со општите информации за вкупниот број на поднесени барања од секоја држава.

Постои и можност за прелиминерно барање од страна на органите на прогонот за чување на податоци од страна на Фејсбук. Во ситуации кога е потребно одредено време за да се процесуира формалноправната постапка од државата барател на податоци, Фејсбук може да ги чува побараните компјутерски податоци. Барањето (повеќе како замолница) да се зачуваат одредени податоци до моментот на пристигнување на формалната правна документација може да се направи преку онлајн систем за поднесување на барање

212. Иако во последно време е актуелен и изразот „Сајбер-балканизација“ кој означува фрагментизација на глобалниот интернет на неколку помали, национално-администрирани интернети, поделени по геополитичките сфери на влијанија. Процесот е тековен во Руската Федерација, НР Кина и ЕУ. Види: https://medium.com/skycoin/cyberbalkanization-and-the-future-of-the-internets-f03f2b590c39#:~:text=Cyberbalkanization%20(also%20termed%20’internet%20balkanization,internets%20aligned%20along%20geopolitical%20boundaries.
213. Види повеќе: https://mk.globalvoices.org/02/18/20277/

од страна на ЈО или полицијата,[214] преку електронска пошта, факс ии редовна пошта. Рокот за зачувување на податоците е максимум до 90 дена.[215]

„Во случаи кои вклучуваат непосредна повреда на дете или ризик од смрт или тешка телесна повреда на кое било лице поради што е потребно откривање на информации, без одлагање, полициски службеник или јавен обвинител може да поднесе барање преку онлајн систем за поднесување на барање. Неретко во практиката се случува корисникот чии податоци се побарани да не биде известен за барањето бидејќи неговото известување може да ја загрози истрагата или да доведе до ризик од друг облик.  Во такви случаи Фејсбук треба да добие соодветна судска одлука која од Фејсбук бара да не го известува корисникот".[216] По однос на Фејсбук, може преку замолница од надлежен странски правосуден орган да бидат доставени: име и презиме, информации за кредитна картичка, други информации за сметката, full header од испратените и примени пораки, е-маил адреса и последните IP адреси на најави/одјави, доколку се достапни бараните податоци.[217]

Во случајот со Гугл за барања од странство треба да се користи механизмот за меѓународна правна помош (МПП). Сепак, дополнително, на доброволна основа, Гугл може да обезбеди податоци за корисниците, врз основа на соодветно барање од не-американските владини агенции. Оваа диспозиција на Гугл е своевидно самоволие кое е рефлексија на контроверзниот факт дека Гугл прибира податоци за неговите корисници по различни основи и за различни побуди кои и не мора да се од алтруистичка природа. Од тие причини ЕУ во 2019 година поведе постапка за да се процени работењето на Гугл,[218] по што му изрече глоба во износ од 50

214. На пример во Македонија Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при ЦПС на МВР имаше побарано и беше сторено од Фејсбук отстранување на групите кои ширеа омраза и повикуваа на насилство во врска со конфликтот на Кале од 2011 година. МВР по повод овој настан имаше упатено и јавен повик за воздржување од говор на омраза, за што им беше оддадено признание од ЕКРИ.
215. https://www.facebook.com/safety/groups/law/guidelines/
216. Цит. Стоилковски/Цветановски, Op. cit., стр.26-27.
217. Исто, стр.31.
218. https://www.pravdiko.mk/eu-ke-proveruva-kako-fejsbuk-i-gugl-gi-koristat-podatotsite-na-korisnitsite/

милиони евра.[219]

Барањата до Гугл преку механизмот за МПП мора да бидат во согласност со меѓународните норми, законите во САД, политиките на Гугл и законот на земјата од каде е барањето. Сите барања за податоци за содржината треба да се достават во електронска форма односно преку меѓународна правна помош (MLAT). Исто така можат да се добијат податоци од компанијата доколку се работат заеднички истраги меѓу САД и националните органи за спроведување на законот или доколку барањата се за итни случаи.

Гугл, информациите за постапките и механизмите за обезбедување на компјутерски податоци ги објавува на својот веб-сајт заедно со општи информации за вкупниот број на поднесени барања од секоја држава. На сличен принцип како и другите странски интернет провајдери, Гугл не ги обработува премногу општите или нејасни барања.[220] Барањата мора да бидат во писмена форма и потпишани од овластено службено лице на подносителот на барањето. Може да се бараат и податоци во форма на видео или друг вид на материјал објавени на: Јутјуб,Web Search и Blogger. На веб-страната на Гугл на секои 6 месеци се објавува „Гугл извештај за транспарентноста“ во кој се наведува: за бројот на барањата, од каде потекнуваат и од каква природа се, при што истото е прегледно прикажано и со дијаграми.[221]

Што се однесува до Микрософт исто така постои постапка за спроведување на барањата од органите за спроведување на законите која е јавно објавена.[222] Како еден важен принцип до кој Микрософт се придржува е дека се одбива соработка со државниот орган – барател доколку станува збор за барање на директен или непречен пристап на тој орган до податоците на корисниците, како и доколку се бараат „клучевите“ за енкрипција или можноста за кршење на енкрипцијата. Сите барања мора конкретно да се однесуваат на

219. https://edpb.europa.eu/news/national-news/2019/cnils-restricted-committee-imposes-financial-penalty-50-million-euros_en (23,05,2023).
220. Стоилковски/Цветановски, Op. cit., стр.28-29.
221. https://transparencyreport.google.com/government-removals/overview
222. https://blogs.microsoft.com/datalaw/our-practices/

специфични акаунти или идентитети. Принципите, политиките и практиките содржани во овој документ се однесуваат и на Скајп.[223] Согласно постапката Мајкрософт за бараните податоци бара да има судска наредба или официјално потпишан друг еквивалентен документ во зависност од видот на податокот што се побарува. Микрософт обезбедува различен вид податоци за барателите кои се од САД и за оние кои се од други држави. Барањата треба да бидат адресирани директно до нивната канцеларија во Р Ирска. Барањата за податоци кои стигаат до Микрософт од не-англиско говорно подрачје, се испраќаат до локален тим или поединец (обично адвокат или некој што работи согласно законски насоки) заради утврдување усогласеност со локалните закони, во кој случај барањето ќе биде преведено и испратено во тимови на Микрософт во САД или Ирска.[224]

Исто како и Гугл и Микрософт објавува полугодишни детални извештаи за дадените компјутерски податоци на различните државни органи.[225] Микрософт прави јасна разлика меѓу податоци за содржина и податоци кои не се содржина. „Гореспоменатата постапка не ги наведува специфично условите на постапување при итни барања. Но во документот се наведува дека Мајкрософт до органите за спроведување на законите може да достави ограничени информации за корисникот, односно доставува само информации за кои самиот провајдер има причина да верува дека корисникот има за цел себеси или некому друг да наштети со јавно објавување на истите информации. Барањата кои не се доставени во соодветна форма или се премногу општи, се отфрлаат и од страна на Микрософт и од Скајп“.[226]

Американската фирма Yahoo исто така соработува со органите за спроведување на законот од странски држави. За барање за обезбедување на компјутерски податоци, се спроведува постапка за меѓународна правна помош, но по исклучок, доколку се работи за итен случај (на пр.: киднапирање или непосредни закани за бомба)

223. Скајп е во целосна сопственост на Мајкрософт.
224. Стоилковски Цветановски, Op. cit., стр.30.
225. https://www.microsoft.com/en-us/corporate-responsibility/law-enforcement-requests-report
226. Цит. Стоилковски/Цветановски, Op. cit., стр.29-30.

можна е директна соработка. Yahoo не секогаш ги обезбедува бараните податоци. Доколку сметаат дека обемот на податоци е голем или податоците не можат да помогнат во постапката тогаш согласно нивните политики можат да не одговорат на барањето или само делумно да доставаат податоци.[227]За директните барања од странство (што би значело не од САД) може да се дадат основни податоци за претплатниците. Оваа процедура е идентична и за Flickr.[228]

За споредба, Гугл по такви директни барања исто така може да зачувува основни податоци. Потребно е официјално барање испратено преку е-маил. Гугл ќе ги зачува бараните податоци до пристигнувањето на официјалното барање преку постапката за меѓународна правна помош. Микрософт, пак, може да зачувува податоци врз основа на барања директно добиени од странски органи за спроведување на законот и бара претходно по факс да биде испратено потпишано писмо. Микрософт може да ги сочува податоците за период од 180 дена и дополнително, за период од 90 дена, до пристигнувањето на официјалното барање преку постапката за меѓународна правна помош. Идентично како и во Микрософт е и во Јаху.[229]

Но, освен директните барања, постојат и итни-ургентни случаи. Па така, Фејсбук во итен случај, вклучувајќи непосредна повреда на дете или ризик од смрт или сериозни физички повреди на кое било лице, без одлагање доставува податоци до овластено службено лице од орган на прогонот. Барањата треба да бидат поднесени преку он -лајн системот за прием на барања на органите за спроведување на законот на: https://www.facebook.com/records/x/login/ или преку електронска пошта. Ваквата констелација се однесува и на Гугл, Микрософт и Јаху, но кај нив за итните случаи барањата мора да содржат опис на причината за итност и објаснување за тоа како информациите кои се бараат може да ја спречат штетата, при што да се има во предвид дека барањата кон Јаху и Микрософт мора да бидат писмени и потпишани од овластено службено лице. Јаху

227. Исто, стр.30-31.
228. https://www.eff.org/files/filenode/social_network/yahoo_sn_leg-doj.pdf (16.10.2020)
229. Стоилковски/Цветановски, Op. cit., стр.33.

и Гугл имаат диспозиција да споделуваат само информации кои веруваат дека се потребни за да се спречи одредена вонредна состојба.[230] Слични се постапките и по однос на Твитер[231], но за која социјална мрежа сега има сериозни критики дека не е објективна во пристапот и препознавањето на говорот на омраза, а ова откако беше променета сопственичката гарнитура, па сега се сопственици милијардерот Илон Маск (кој себеси се нарекува „апсолутист за слободата на изразување“)[232] и Кралството Саудиска Арабија[233] која, пак, не е држава со имиџ на поддржувач на слободата на говорот, имајќи ја предвид нејзината легислатива со предвидена кривична одговорност за кривично дело – бласфемија и скандалот во 2018 година со подмолното убиство на новинарот Џамал Кашоги во ДКП на Кралството во Стамбол, Р Турција[234].

На крајот, постојат и непредвидени ситуации поради сложеноста на меѓународните односи кога големите фирми се „изгубени во преводот“ во релацијата со органите на некои помали држави како РСМ, па така од мистериозни причини, во 2018 година, речиси во текот на целата година постоеше мораториум во соработката помеѓу МВР и фирмата Фејсбук, па јавното обвинителство беше оневозможено да прибавува податоци во врска со социјалните мрежи Фејсбук и Instagram.

Пракса на ЈО 2 години station наназад во РСМ е ЈО на ОЈО во случај кога ќе наиде на потреба од меѓународна соработка во кривичната материја, да се обраќа на специјализираното одделение за меѓународна правна помош на ЈОРСМ, а не директно до фирмите - провајдери и хостови во странските држави. Одделението беше формирано во јануари 2021 година со цел за подобрување, воедначување и забрзување на постапката на барањата за меѓународна правна помош. Сега ова одделение ги пропатува замолниците или барањата до

230. Исто, стр.34.

231. https://help.twitter.com/en/rules-and-policies/enforcement-options

232. Извор: Труд на Џаковиќ, Т., „Регулирање и борба против говорот на омраза во Европската унија и во Хрватска – приод од позиција на човековите права?“, Годишен преглед на владеењето на правото во ЕУ, Институт за европска политика – Скопје, 2022, стр.38. Достапно на: https://epi.org.mk/post/23042 (25,05,2023).

233. https://biz.crast.net/alarm-on-capitol-hill-over-saudi-investment-in-twitter/ (23,05,2023).

234. Достапна на: https://www.bbc.com/news/world-europe-45812399

Министерството за правда, при што по електронски пат се препраќаат до министерствата за правда на соодветните држави (особено САД каде се наоѓаат и најголем број од провајдерите и хостови) и оттаму во релативно брз рок пристига одговорот од компаниите за бараниот податок. Постои и алтернатива во случајот кога станува збор за држави со кои МВР на РСМ има воспоставено меѓуполициска соработка, па одделението за меѓународна соработка на РЈО да го достави барањето до МВР и оттаму да пристигне одговорот, но праксата покажа дека овој пат е подолготраен, а веројатно и од причина што кореспонденцијата не е исклучиво по електронски пат, туку со писмени пратки. Всушност, потребата да се има одговор во “hard-copy” документ мора да се нагласи во почетниот контакт по однос на таа работа во секој случај и без оглед на начинот на пристап кој го избрал ЈО.

# Зачувување на податоци

Претходно беше споменато дека државите од ЕУ во нивното acquis communautaire веќе имаат пропишано пропозиции за временските рамки до кога може да бараат од операторите да ги задржат своите дигитални информации кои потоа би биле употребени како докази, но таква одредба претставува и чл. 16 од Европската конвенција за киберкриминал која на земјите членки им дозволува да побараат зачувување на компјутерските податоци, како на пример: содржината на сметката на електронската пошта, дури и пред да се добие законско одобрение за размена на податоци. Членот 17 за податоци од интернет-сообраќајот дозволува и делумно обелоденување на информациите на забрзан начин. Одредена земја може да побара од друга членка податоци да се зачуваат преку „мрежата за контакт“ која, како што беше кажано, функционира 24/7.

Препорачливо е кога ќе се направи барање за зачувување на податоци, органот на прогон што го поднел барањето да побара потврда дека податоците биле сочувани и да му се даде референтен број за сочуваните податоци. Сепак, согласно Европската конвенција за киберкриминал не е задолжително да се користи мрежата за контакт 24/7 за барања за зачувување. Доколку националното процесно право го дозволува тоа, директната соработка меѓу провајдерите и органите на прогонот е исто така, можна. Потенцијално, „директната соработка помеѓу овие два ентитети во однос на барањата за зачувување, наместо преку мрежата 24/7, која е повеќе од дополнителен карактер, честопати е пофлексибилно решение отколку воспоставените формални контакт-точки на Конвенцијата...“[235]

235. Цитат: Стоилковски/Цветановски, Op. cit., стр.36.

# Други мерки и политики за сузбивање на говорот на омраза на интернет

Мерките и политиките за спречување на говорот на омраза онлајн се неопходни. Во спротивно како резултат на недостигот од одговор од органите на прогонот и нивната инертност може да дојде до возвраќање од страна на жртвата, со напад спрема насилникот во виртуелниот простор, па така и жртвата ќе почувствува мало „олеснување", но одговорот на жртвата најверојатно ќе биде виден од целиот аудиториум претходно запознаен со напаѓачките пораки на интернет, а жртвата сепак ќе претрпи ментално страдање. Во крајна инстанца, деструктивното однесување не може да биде одговор на друго, такво однесување.

Во последно време, како последица на бројните злоупотреби во сферата на он-лајн медиумите во Македонија зачестија повиците за т.н. „регулација на порталите". Светските стандарди и пракси и стручната јавност[236], пак, го велат спротивното - дека регулацијата на содржината на онлајн медиумите е невозможна и непотребна. Потребно е само одговорно да се применуваат постојните закони.

Сепак, евидентно е дека проблеми постојат – македонската онлајн сфера е преплавена со информативни веб страници кои се претставуваат како медиуми. Присутни се говор на омраза, дискриминација, клевети, навреди, дисквалификации. Решението иако несовршено, сепак е во саморегулацијата, а не во регулацијата. Треба да се прави и основната разлика помеѓу медиумска содржина и граѓанско информирање, особено застапено на социјалните мрежи и блогови, но специфично за Македонија и кај веб-страници

236. Види повеќе: Електронска публикација: „Слободата на медиумите наспроти политичките притисоци и пропаганда, дезинформациите и говорот на омраза: Како понатаму?", текст на Младен Чадиковски

кои се претставуваат како медиуми, а не задоволуваат ни минимум стандарди. Од причина што државната регулација на содржината на онлајн медиумите не е ниту пожелна, ниту технички, ниту легалистички поткрепена, а во состојба со бројни злоупотреби, неопходно е да се зголемат напорите во однос на саморегулацијата, а овој процес во Македонија веќе отпочна со создавањето на Регистарот за професионални онлајн медиуми за кое нешто стана збор претходно. Саморегулаторните тела ги утврдуваат границите меѓу легитимните права на слободните медиуми и легитимните права на луѓето кои привлекуваат медиумско внимание.[237] Саморегулаторно тело во Македонија е Советот на етика во медиумите (СЕММ) како и Судот на честа при ЗНМ, а за кои веќе стана збор претходно. Судот на честа се занимава со поплаки на граѓани против неетичко постапување на определен новинар. Овие две тела се приврзаници на споменатата „саморегулација“ на онлајн медиумите.

Реалната бројка на онлајн медиумите во Македонија е нешто повеќе од 300 активни, од кои барем половината имаат содржини кои се доминантно општествено-политички ангажирани, а останатите се специјализирани за забава, спорт и друго.[238] Позитивните листи како што е доброволниот „Регистар“[239] (кој беше елабориран претходно), се еден од начините на легитимирање на професионалните и етички мотивираните медиуми.[240] Повиците за дополнителна регулација на онлајн сферата ќе доведат до прекумерна регулација. Најдобро медиумите ги разбира еснафот.[241] Но, ова важи доколку здружението на новинари е обединето и поседува интегритет

237. Извор: „Препораки за зголемување на интегритетот и професионалноста на онлајн медиумите“, стр.3.https://znm.org.mk/wpcontent/uploads/2016/03

238. Извор: Ричлиев, З., „ Препораки за одговорни онлајн медиуми“, Здружение на новинари на Македонија, 2017, стр.1

239. https://znm.org.mk/povik-za-prikluchuvane-vo-registarot-n/

240. Ричлиев, З. „Препораки за зголемување на интегритетот и професионалноста на онлајн медиумите“, Здружение на новинари на Македонија, 2016, стр.5. Види интернет: https://star.znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B3%D0%BE%D0%BB%D0%B5%D0%BC%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82%D0%BE%D1%82-%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%84%D0%B5%D1%81%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0

241. https://novatv.mk/obid-za-stavane-kraj-na-haosot-na-internet-mediumite-koj-se-plashi-od-samoregulatsija/

наспроти политичките-партиски влијанија, а за таква клима не може да се каже дека постои кај нас. Значи резимирано, правната празнина со неопфатеноста на он - лајн медиумите во законите за медиуми мора да се пополни на терен, со интензивно информирање на сите субјекти во јавната комуникација за улогата на онлајн медиумите, нивните права и одговорности, како и на постојната законска регулатива.

Освен „саморегулацијата“ постојат и други механизми. Политиките за „вистинското, реално име“ на објавувачите на информации со говор на омраза на интернет насочени заради сузбивање за говорот на омраза преку „мрежата“ не се гаранција дека ќе ги одвратат сторителите, а со оглед на тоа што одлучните сторители, сепак, може да најдат начини да смислат како да го камуфлираат нивниот идентитет. Оттаму, приватните платформи треба да останат во автоматскиот модус за дозвола на анонимноста.[242] Но која и да било мерка во сега веќе енормно раширениот интернет не е лесна за спроведување. Постоеле неуспешни обиди и претходно.[243]

Интересна алатка кај социјалните мрежи на интернет се и постапките на приговори по однос на изнесени содржини кои предизвикуваат омраза. Додека траат овие постапки на социјалните мрежи: Фејсбук и  Јутјуб содржината се суспендира, па доколку одлуката на управата на овие фирми гласи дека приговорот бил без основ, истите содржини повторно се објавуваат. На Јутјуб приговарачот кому му бил одбиен приговорот, после тоа го губи правото да приговара во рок од 60 дена.

Но што се однесува до делата на говор на омраза постојат критики по однос на работењето на Фејсбук дека ненавремено и неодлучно реагира, па дури има и одлука на германската Канцеларија за правда за изречена глоба од 2 милиони евра спрема Фејсбук поради „неисполнување на барањата за транспарентност при решавање на

242. Citron, Op. cit., p. 28.
243. Така, во 1995 година еден учесник во дигиталниот простор под псевдоним: „Ламбда МОО“ предложи нова легислатива насловена како „Криминал од омраза“, која требаше да наметне казни за оние кои би настапиле со малтретирање други по основа на расна разлика. Откако беше лансирана петицијата, оние кои одбија да ја потпишат го користеа „аргументот“ дека предложената легислатива е неважна бидејќи жртвите имале слободна диспозиција да го прикријат фактот за тоа на која раса и припаѓаат. Извор: Исто, p. 78.

поплаки за говор на омраза“, како и за „нецелосни информации за јазичните вештини и обуката на персоналот задолжен за обработка на жалбите за говор на омраза“ по однос на Извештајот на таа социјална мрежа за првата половина на 2018 година.[244] Исто така, мора да се има во предвид дека Фејсбук е американска фирма со американско послободно „сфаќање“ за тоа што претставува говор на омраза, па така неодамна направија проглас дека неонацистички групи можело да останат на мрежата, бидејќи било утврдено дека тие не ги прекршуваат стандардите на заедницата.[245] Во 2022 година истово се случи и по однос на украинските нео-нацистички организации, од типот на „Азов“.[246] Сепак, се чини дека фирмата има колебливи ставови, па во 2020 година осамна веста дека Фејсбук ќе ги тестира алгоритмите за расна дискриминација, како и дека биле формирани тимови од експерти кои се занимаваат со „еднаквост“ во самата компанија и во компанијата на Инстаграм,[247] што е во сопственост на Фејсбук.[248]

Во 2022 година „чашата беше прелиена“ со зголемениот број терористички напади, па стапи во сила регулативата на ЕУ од 2021 година: дека компаниите како „Фејсбук“ и „Јутјуб“ ќе мора да ја отстранат терористичката содржина во рок од еден час од нејзиното обележување - или да ризикуваат големи казни. Во случај на систематско кршење, компаниите може да бидат казнети со 4 проценти од нивниот годишен промет. Ова се однесува на сите компании кои обезбедуваат интернет услуги во блокот, без оглед дали се наоѓаат во ЕУ.[249] Во насока на примена на други техники за сузбивање на говорот на омраза на интернет постојат предлози од некои теоретичари, анонимноста која се прифаќа по автоматизам на социјалните мрежи, да постане привилегија која би можела да се изгуби доколку лицето ги наруши интерните правила по однос на

244. https://nezavisen.mk/fejsbuk-kaznet-so-dva-milioni-evra-poradi-govor-na-omraza/
245. Извор: https://sdk.mk/index.php/magazin/fejsbuk-tolerira-stranitsi-na-neonatsistichki-grupi-bidejki-ne-gi-prekrshuvaat-negovite-standardi/
246. https://antropol.mk/2022/02/28/fejsbuk-dozvoli-velicenje-neonacisticki-azov-ukraina/
247. Инстаграм ги погодува луѓето преку фотографија, а оние кои го користат обично се на возраст под триесет и пет години.
248. https://nezavisen.mk/fejsbuk-kje-go-testira-algoritmot-za-rasna-diskriminacija/
249. https://www.politico.eu/article/online-platforms-to-take-down-terrorist-content-under-an-hour-in-the-eu/

говорот на омраза.[250]

Мерка на заштита против поттикнувањето или апологијата на делата на омраза преку интернетот е секако пласирањето вистинити факти и пораки на толеранција преку истиот медиум. Каскадите од информации треба да бидат токму вакви за да можат да превладеат во „пребарувачите“ над штетните информации или повици.[251]

Веќе беше кажано дека опасноста за луѓето да се однесуваат насилно во виртуелниот простор лежи во одликите на самиот интернет кој нуди: анонимност, мобилизација на групите и групна поларизација. Другите одлики, како гугл-бомбите[252] и каскадните (штетни) информации, ја зголемуваат веројатност за нанесување штета. Сепак, истите овие одлики може да послужат и за позитивни продукти. Така, анонимноста овозможува луѓето да бидат повеќе искрени, а, пак, каскадите од информации може да придонесат за широкото и рапидно образование. Интернетот е „гориво“ за човековиот глас и продуктивност. Токму тоа и ги привлекува милионите луѓе, негови корисници.

Резимирано, интернет медиумите не треба да се затскриваат зад еуфемизмот на зборот медиум; да ја злоупотребуваат позицијата да бидат ладни електронски оружја на идеите на омраза; тие за почеток, не би требало да ја премолчуваат полициската ефикасност, што би ги обесхрабрило криминалците. Медиумскиот простор треба да биде искористен и за ширење на пораката дека скромноста е доблест. Веќе е дојдено времето за креирање на онлајн кампања насловена како: „Не кажувај на интернет она што некому в лице не би му го

250. Види: Citron, p.239.

251. Таков беше примерот и со убиениот од полицијата дисидент Халед Саид во Арапската пролет во Египет во 2010 година, кога фотографијата од неговото измачено, мртво тело беше видена од милиони луѓе наспроти лажната вест на властите кои тврдеа дека се самозадавил со проголтување хашиш, а за само 6 месеци неговата фејсбук-страница „Сите сме Халед Саид“ имаше 473.000 поддржувачи. На истата страна се постираа одредници за локации и време каде би настанале протестите. Овие бројни протести резултираа со падот на авторитарното владеење на поранешниот претседател Хосни Мубарак. Извор: Исто, p.68.

252. Појави кога се зголемува проминентноста на одредени веб-сајтови врз други по основа на интензитетот на посетеноста на тие веб-сајтови. Ова се постигнува и тогаш кога индивидуи ќе се сврзат со линкови за одредени веб-сајтови со т.н. „сидро-текстови“.

кажал".[253] Имаше слични кампањи и во соседството (БиХ).[254] Ова е политичка стратегија што треба да овозможи ненасилството и толеранцијата да бидат долготрајни. Во овој случај скромноста не треба да се сфати како слабост туку антитеза на ароганцијата и како квалитет на реалното гледање на своите лимити.[255]

Една од целите, пак, на органите на прогонот треба да биде способноста да прават разликување на: критички слободен говор; навреда и клевета во споредба со говор на омраза како кривично дело; нови модалитети и појавни форми на говорот на омраза; процесни дејства, одговорност и јурисдикција во врска со говорот на омраза на интернет; достапноста и ефективноста на механизмите за регулација и саморегулација на дигиталните медиуми во врска со говорот на омраза. Во трудот се истакна и проблемот на тешкото идентификување на говорот на омраза, особено доколку тој доаѓа во „камуфлажа" на еуфемизми и од „перата" на вештите журналисти и блогери. Можеби токму затоа се задоцнети, а некогаш и конфузни, реакциите на државните органи на прогонот. Но, овие органи се само дел од мозаикот. Одговорот на државите мора да биде системски, преку спектар на дејствија на поголем број органи со различни ингеренции. Државата мора да води сметка и да воспостави механизам за превенција на говорот на омраза во соработка со невладиниот сектор.

Значи интернетот не мора да е непријател на полицијата. Може да биде и сојузник. Социјалните медиуми може да бидат моќни алатки за следење на настани и/ или луѓе за разузнавачки цели. Треба да се потенцира дека т.н. отворени извори на информации (ОИИ) се

253. За создавањето на ваквиот медиумски простор помагаат професионалните организации како Меѓународната федерација на новинарите, Меѓународниот институт за печат и Меѓународната асоцијација на издавачите кои имаат сеопфатни информации за состојбата со слободата и квалитетот на медиумите во различни држави и региони во светот. Извор: https://www.ifj.org/who/about-ifj.html (11.09.2020).

254. Кампања „Не сте невидливи" која вклучуваше откривање на IP адреси и MAC-адреси и гонење на лицата кои ја вознемируваат јавноста со нивните коментари и ширење говор на омраза, нанесување на штета на поединци и особено нанесување штета на угледот на професионалните интернет портали. Извор: Труд на Џигал, С. „Општественото поврзување и вклученоста во справувањето со говорот на омраза", СЕММ, 2021, стр.9. Достапно на: https://semm.mk/dokumenti/publikacii/909-opshtestvenoto-povrzuvanje-i-vkluchenosta-vo-spravuvanjeto-so-govorot-na-omraza (25,05,2023).

255. Keane, J., "Violence and democracy", Cambridge University Press, 2004, pp.204-205.

однесуваат на отворени информации, кои слободно се објавуваат од страна на поединци или групи на интернет, и се достапни без потреба да се навлезе во забранетите зони на глобалната интернет – мрежа.[256]

За Македонија не постојат официјални податоци по однос на кибер малтретирањето кое честопати се манифестира со говор на омраза, но факт е дека постојат вакви појави. За поздравување беше иницијативата во НВО секторот за медиумско едуцирање на граѓаните за постоењето на „сајбер - насилството" (кој термин се одомаќини кај нас) иако таквите пројави се скромни во облик на „памфлети" за брзо запознавање со феноменот.[257] Но, последно, претставува голем успех и внесувањето на новото кривично дело „Демнење" (чл.144-а) со Измените на КЗ во 2023 година.[258]

Внесувањето на ова кривично дело претставува изблик на политичка волја за решавање на проблемот после подолг период затоа што за македонската стручна јавност веќе од поодамна е позната и срждта на проблемот.[259] Сашо Ордановски ќе каже: „Говорот на омраза ретко се појавува без вистински општествени состојби во кои групната омраза објективно постои. Неговото сузбивање не е, примарно, обвинителско-полициски, туку општествено-политички проблем. Затоа, политичарите се, сепак, најголемиот извор на поттикнување на говорот на омраза во јавноста, но и најголемиот ресурс – заедно со граѓанското општество – за негова осуда и

256. За тоа колку можат да бидат обемни истрагите кои ги третираат социјалните мрежи говори податокот дека во секоја минута од денот корисниците на Твитер испраќаат 347.222 твитнувања. Корисниците на Инстаграм, пак, кликнуваат „ми се допаѓа" на 1.736.111 слики. Извор: Stern, J./Berger, J.M, Op. cit., 34.

257. Види: Брошура „Сајбернасилство...и тоа е насилство!", Метаморфозис, Скопје, 2011.

258. Сл весник на РСМ бр.36/2023.

259. Се повлекува прашањето и дали е потребно да се внесат измени во собранискиот Деловник, како би се внела парична казна за пратеник доколку практикува говор на омраза во Законодавниот дом, кое решение би било слично на она во Европскиот Парламент во Луксембург каде постои глоба за таков престап. А тука е и прашањето дали би можела Анкетната комисија за човекови права и слободи при Собранието на РСМ да даде испомош со тоа што ќе врши континуирано следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата од говор на омраза. Во меѓувреме од пратениците се очекува да ги почитуваат одредбите од Кодексот за етичко однесување што се однесуваат на заемно почитување, објективност и достоинствена комуникација кон другите пратеници и кон јавноста

обесхрабрување.“[260]

Што се однесува до регистрирањето и обработката на податоците за случаи на говорот на омраза онлајн, тоа подразбира и водење на статистички операции, а за кое нешто веќе стана збор претходно кога се наведоа начините на кои тоа може да го реализираат државните органи, користејќи ја постојната легислатива. Но, поради специфичноста на дигиталниот простор, во овој случај би било полезно да се користат и софистицирани алатки. Ова, бидејќи се покажа како недоволно користењето на техниката на пребарување (гуглање) по „клучен збор,“[261] (со оглед на тоа што во комуникациите се употребуваат метафори, сарказам или иронија, а голем број од кажаните сентенци имаат контекстуална или семантичка специфика), па затоа треба да се размисли како да се искористи вештачката интелигенција (artificial intelligence-AI) како алатка за когнитивно препознавање на невербалните комуникациски процеси преку препознавање на емоционалниот сентимент на вербалното и невербално изразување.

260. Електронско издание: „СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НАСПРОТИ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА“ Институт за комуникациски студии - Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје, 2018, стр.9, Извор: https://iks.edu.mk/attach/Govor-na-omraza-vo-mediumite-vo-Makedonija-rezime.pdf

261. Poljak, Op. cit., str.2736.

# Препораки

## По однос на едукација

- Потребно е печатење на прирачници и друг помошен – образовен материјал за потребите на практичарите во кој материјал ќе се обработи проблемот на тешкото идентификување на говорот на омраза (особено доколку тој доаѓа во „камуфлажа" на еуфемизми и од „перата" на вештите журналисти и блогери);

- Обуки за претставници на КСЗД, ААВМУ, ЈОРСМ, МНР, новинари, пратеници, функционери на политички партии и верски проповедници за нивна дополнителна специјализација во областа на борбата со офлајн и онлајн говорот на омраза;

- Дополнителни криминалистички и криминолошки обуки за припадниците на МВР за тоа како да знаат да прибават докази во случаи на говор на омраза од онлајн извори, почнувајќи од наједноставниот пристап – од користење отворени извори на информации (ОИИ), па преку користење на алатки кои ги нудат социјалните мрежи на интернет, па се до употреба на мрежата за контакт 24/7 воспоставена со Конвенцијата за киберкриминал;

- Во рамки на МОН потребно е да се организираат меѓушколски натпревари во „медиумската писменост" во која програма е веќе опфатен феноменот на „говор на омраза" и да се даваат симболични награди и признанија на успешните ученици од основните училишта;

- Воведување на конкретни образовни содржини во нивото на средно образование, а кои ќе се однесуваат на „медиумската

писменост“, со посебен осврт врз феноменот на слободата на говорот и нејзиниот корелат – говорот на омраза, сходно на постоечките во нивото на „основното образование“, но адекватни на возраста на средношколците;

- Поттикнување и поддршка на натамошни научни и активистички истражувања за феноменот на онлајн говорот на омраза, со употреба на најсовремени алатки како AI;

# По однос на невладниот сектор

- Акција против „темната бројка“ на деликтите на говор на омраза од прекршочна природа со континуирано пријавување на таквите настани на спортските натпревари и паралелна соработка во таа насока со здруженијата на навивачки групи;

- Државата мора да води сметка и да воспостави механизам за превенција на говорот на омраза во соработка со невладиниот сектор, а притоа да бидат регистрирани и ваквите активности. За ваквата цел да биде искористена „Мрежата против говор на омраза“ формирана од државни и НВО чинители во 2019 година и која веќе донесе декларација со слична содржина. Од друга страна, постои и потреба за поголемо мобилизирање на граѓанското општество во борбата против говорот на омразата на интернет, повторно со користење на „Мрежата против говор на омраза“ која би се проширила со учество и на други НВО, посветени на оваа проблематика;

- Потребно да се воведе задолжителна државна регистрација на верските проповедници, со цел да се превенираат проповеди на верски лица преполни со говор на омраза;

# По однос на медиумите

- Креирање на онлајн и медиумска кампања насловена како: „Не кажувај на интернет она што некому в лице не би му го кажал“. За создавањето на ваквиот медиумски простор кој може да биде пример за пошироки размери да се искористи стручна помош од професионалните-новинарски меѓународни организации.

- Во однос на „Регистарот за професионални онлајн медиуми“ да се прошират облигаторните критериуми со нов критериум – да постои пречка за влез во Регистарот доколку за одговорното лице на онлајн медиумот постои правосилна изречена казна - Забрана за вршење професија, дејност или должност согласно чл.38–б од КЗ;

- Да се користи јавниот сервис – МРТВ за јавни кампањи во кои би имало специјализирани редовни прилози за детектирање на говорот на омраза кај нас и емисии од типот на “Fact checkers” (проверувачи на фактите) по однос на говорот на омраза налик на оние кои се прикажуваат на големите јавни (државни) европски телевизиски сервиси. Дополнително, МРТВ би можела да има и периодични контактни емисии на кои би се пријавувале дела на говор на омраза, по што би следела и јавна дебата со јавувања од страна на граѓаните, во манирот на емисиите на утрински програми што ги имаат големите приватни ТВ куќи во РСМ;

- Што се однесува до медиумската сфера и професионалноста, како пример за избалансирано новинарство кое нема да побудува пристрасност и етничка или друга омраза е потребата во рубриките за црна хроника да нема етикетирање на сторителите со истакнувањето на нивниот етнос како префикс, туку, доколку се странци, на крајот од изложувањето

на насловот, да има суфикс кој ќе го појаснува сторителот, како државјанин на таа „едикојаси“ држава;

# По однос на извршните органи

- Поради полесно детектирање на казнивите дела на говор на омраза (кривични дела и прекршоци) при прибирањето на вербални докази постои потреба од нововработени психолози кои би работеле и би им помагале на инспекторите од МВР;
- Во работењето на КСЗД, ААВМУ, Меѓуресорката работна група на Владата, МАРнет и Секторот за КК и ДФ при МВР воведување на методолошки издржани и технолошки поддржани механизми за следење и мерење на говорот на омразата во македонскиот киберпростор и можност за негова категоризација и статистичка обработка (географска, старосни групи, тематска и тн.), што ќе овозможи соодветна прогностика и обработка на трендовите;
- Ургентно решавање на празнината која постои во МВР во однос на регистрирањето и обработката на податоците за делата на говор на омраза, со тоа што во скопската Единица за крим-разузнавчка анализа (ЕКРА) и одделенијата за крим.-разузнавачка анализа од градовите во внатрешноста (ОКРА) технички би се вметнале и ставовите на членовите од кривичните дела како засебни графи во електронските-табели (а не само членовите како до сега) во кои се водат евиденциите за сторени дела кај овие органи. Конкретните и прецизни правни квалификации потоа да бидат конфирмирани или коригирани од страна на јавните обвинителства во текот на кривичната постапка;
- Поради инхибицијата кај жртвите на делата на говор на омраза да ги пријавуваат делата пред надлежните органи (а следствено оттаму произлегува и високата „темна бројка“ за

овој вид на криминалитет) потребно е да биде популаризирано „црвеното копче“ при МВР, односно да се воспостави конкретен телефонски број, а во сличен манир како што беше кампањата за популаризирање на телефонскиот број за пријавување на корупција од пред некоја година;

- Меѓуресорската работна група при Владата потребно е да го прошири својот делокруг и за останатите – најтешки случаи на говор на омраза во нашето општество покрај оние утврдени во „Вториот билатерален Протокол за исполнување на Договорот со Бугарија за добрососедство и пријателство од 2017 година“, а потем и да ја преземе иницијативата за донесување на една идна Национална стратегија за борба со дезинформациите и говорот на омраза;

- Месечните и годишните Извештаи на Омбудсманот е потребно да ги опфатат и случаите на регистрирани прекршоци на говор на омраза, макар тоа да би било и под графата „вознемирување“;

- По однос на МАРнет потребно е да го модификува договорот кој го склучува со регистрарите, па да можат да се обврзат регистрарите да бараат од регистрантите да депонираат изјави дека нема да практикуваат говор на омраза на нивните веб-страници; дека ќе бидат проактивни во бришењето во разумен рок на таквите коментари, како и дека ќе се стремат да ги достигнат „Обврзувачките критериуми“ на „Регистарот за професионални онлајн медиуми“;

- Да биде донесен подзаконски акт на ААВМУ за дополнително регистрирање на „говорот на омраза“ и обработка на тие податоци, како и за формирање на посебен Сектор за водење на статистика кој сега недостасува;

- Во иднина КСЗД треба да развие онлајн алатки за борба против говорот на омраза и за овозможување правна помош на жртвите на говорот на омраза (портал и апликации за телефони за пријавување на говор на омраза, за информирање за правните можности и за давање на правни и други совети

за борба против говорот на омраза);

- Државата и лидерите на политичките партии треба да ги охрабрат јавните личности, како што се: партиските членови, високите функционери и верските, економските и општествените водачи, строго и брзо да ја осудат употребата на говор на омраза, да користат спротивставени алтернативни наративи и да промовираат разбирање меѓу групите, вклучително и преку изразување солидарност со оние кои се „цел“ на говорот на омраза. Пратениците, пак, треба да ги почитуваат одредбите од Кодексот за етичко однесување што се однесуваат на заемно почитување, објективност и достоинствена комуникација кон другите пратеници и кон јавноста, и притоа да се воздржат од говор на омраза;
- ДИК треба да преземе поактивна улога со објавувања на предупредувања, па дури и преземање на преемптивни мерки спрема медиумите и портпаролите на политичките партии со цел да се придржуваат до „балансираното новинарство“ и да избегнуваат говор на омраза;

## По однос на статистичките предизвици

- Воведување на централизиран, функционален и фузиран административен механизам за регистрирање на говорот на омраза, при што потребно е софтверот и евиденцијата на делата на говор од омраза примарно да бидат лоцирани во судот, бидејќи токму судот, согласно и КЗ и ЗКП ја води казнената евиденција. АКМИС системот да биде надграден во насока на регистрирањето на вакви дела. Притоа да се направи одделно од собирањето на податоци за кривични дела од омраза, бидејќи двете појави бараат различни одговори;

- Државните субјекти кои би требало да дадат придонес кон регистрирањето на делата на говор на омраза, доколку немаат доволно кадар за истото, да би можеле да се ползуваат за вакви услуги и од приватниот сектор, а преку склучувања на договори за услуги во согласност со позитивното право на РСМ;

- Во статистичките категории кои ги води Заводот за статистика е опфатено и правосудството, но во т.н. електронска база на податоци „Макстат“ треба да има конкретна статистика по однос на делата на говор на омраза како група на кривични дела;

- За МАРнет не постои директна законска обврска да го регистрира говорот на омраза иако е должно да „води база на податоци и обработува податоци“ без посебно назначување за тоа за какви податоци треба да се работи. Во овој дел треба да постои и укажување и помош од страна на Министерството за администрација и информатичко општество кое врши надзор над работата на МАРнет согласно чл.19 од Законот за МАРнет;

- Државата треба редовно да објавува извештаи кои содржат сеопфатни информации и статистички податоци за говорот на омраза на интернет, вклучувајќи ги и ограничувањата на содржината, како и за барањата на државните органи до платформите за отстранување на содржината врз основа на тоа дека станува збор за говор на омраза. Извештаите од страна на државата треба да содржат, колку што е можно, информации за: ангажираните заштитени карактеристики; различните изрази на говор на омраза; расчленети статистички податоци за случаите со кои се занимава полицијата, обвинителството, судството според кривичното право и нивните исходи во однос на истрагите, обвиненијата, пресудите и ограничувањата на содржината; и случаите

со кои се занимава судството според граѓанското и управното право;

# По однос на правосудните органи

- Државните органи треба да ја почитуваат одредбата од Законот за слободен пристап кон информациите и да обезбедат јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и да им овозможат на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, па дури и во случаи кога станува збор за кривичен прогон поради говор на омраза (но ограничено и со почитувањето на принципот од ЗКП за тајност на истражните постапки);
- Во пракса судиите кои постапуваат во кривични постапки треба да имаат поширока перспектива при одредувањето на санкција за сторени дела на говор на омраза, па така да ја разгледаат опцијата за оправдано изрекување на алтернативни мерки -условна осуда со заштитен надзор и општокорисна работа.

# Библиографија

1. Јанакос, С., А., „Етнички конфликт: Религија, идентитет и политика“, Универзитет Охајо, 2002;

2. Вујачиќ, В., „Насиље и хуманост“, Библиотека – Критика, студије, есеји -, Књига 2, Цетиње, 1975;

3. Rot, N., “Rasizam i etničke predrasude”, Zbornik radova: “Rasizam, rase i rasne predrasude”, posebna izdanja, sveska 2, Antropološko društvo Jugoslavije, Beograd, 1974;

4. Minde, X., “Assimilation of the Sami – Implementation and Consequences”, Acta Borealia, Rutledge, Troms, 2003;

5. Inter Group, “Racism: What is and how to deal wth it: A guide to talking about racism”, Navreme Publications, vol.8, Kumanovo, 2007;

6. Кроли, Н., „Борба против стереотипи, гласини и дискриминација“, Зборник “16–ти НОЕМВРИ меѓународен ден на толеранцијата: избрани текстови“, МАНУ-ОБСЕ, Скопје, 2015;

7. Трајаноски, Ж. и др., „Медиумите, говорот на омраза и маргинализираните заедници: водич за медиуми“, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, Скопје, 2013;

8. Камбовски, В./Трајковска, Л., М., „Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза“, ОБСЕ, Скопје, 2012;

9. Цигал, С., „Одлики на говорот на омраза на социјалните мрежи“, „16 Ноември, Меѓународен ден на толеранцијата: избрани текстови“, МАНУ-ОБСЕ, Скопје, 2015;

10. Дагелъ, П., С./Котов, Д., П., „Субъективная сторона преступления и ее установление“, Издателъство Воронежского университета, Воронеж, 1974;

11. Михајлова, Е./Бачовска, Ј.,/Шеќерџиев, Т., „Слобода на изразување и говор на омраза“, ОБСЕ, Скопје, 2013;

12. Марјановиќ, Ѓ., „Македонско кривично право - општ дел“, петто изд., Просветно дело, 1998, Скопје;

13. Jacobs B. J./Potter, K., “Hate Crimes, Criminal Law & Identity Politics”, Oxford University Press, Oxford, 1998;

14. Karanović, M., “Utvrđivanje vinosti u krivičnom postupku”, Privredna štampa, Beograd, 1982;

15. Vodinelić, V, “Kriminalistika – uđbenik za operativne radnike sluzbi JB I DB, vojnu policiju, javne tuzioce, istražne I raspravne sudije, advocate i druge pravnike, student pravnih fakulteta i aktiviste DSZ, šesto izmenjeno I prošireno izdanje, Naučna knjiga, Beograd, 1987;

16. „Клевета и навреда во кривичните постапки против новинари“, Коалиција Сите За Правично Судење, Декември, 2006, Скопје;

17. „Прелиминарен извештај на тема правни рамки и мерки за борба против говорот на омраза“, Фондација за интернет и општество „Метаморфозис“, 2018;

18. Radosavljevic, P., “Govor mrznje u Bosni i Hercegovini”, Anali poslovne ekonomije, br.13, 2015;

19. Водич за мониторинг на „говорот на омраза“, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје;

20. Sottaux, S., “Conflicting conceptions of hate speech in the ECtHR`s case law”, German law journal (2022);

21. „Практични упатства за користење социјални медиуми од страна на судиите: Централна и Источна Европа“, Извештај на Институтот CEELI, ноември, 2019;

22. Поповић, Д., „Европско право људских права“, ЈП Службени гласник, Београд, 2012;

23. „Слободата на интернет во Македонија: Извештај за 2017“ на Фондација за интернет и општество „Метаморфозис;

24. Водич за мониторинг на „говорот на омраза“, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје;

25. Брошура „Разбирање на криминалот од омраза“, ОБСЕ, Канцеларија за демократски институции и човекови права, Варшава, 2014;

26. Јосифовски, Д., „Криминалистичка психологија“, Скопје, 1995;

27. Брошура „Сектор за пробација“, Министерство за правда, Скопје, 2019;

28. Ристова, О. и Балтовска, Е., „Прирачник за соработка на државните институции, јавни претпријатија и невладини организации со пробациска служба“, Зелена лупа, Скопје, 2021;

29. Живановски, Н., „Говор на омраза: теоретски преглед и додаток на истражување: Бугарија во македонските медиуми“, БАТА ПРЕСС, 2014;

30. Презентација: „Истражување за говорот на омраза помеѓу поддржувачите на политичките партии и политичарите во Република Македонија“, Opinion research & Communications, декември 2013;

31. Poljak, M./ Hadžić, J./ Martinić, M. “ Govor mržnje u hrvatskom medijskom prostoru”, In Medias Res, Zagreb, 2020;

32. Кузмановска, Ф., Правните аспекти  слобода на изразување во однос на говорот на омраза расположливи правни механизми за заштита и превенција“, Здружение за дислексија -  Ајнштајн, Скопје, 2018;

33. Арнаудова, А., „Ефективни закони и квалификувани професионалци како одговор на говорот од омраза“, Зборник „16 Ноември, Меѓународен ден на толеранцијата: избрани текстови“, МАНУ-ОБСЕ, Скопје;

34. Klanwatch, “Focused community action can help reduce hate crimes”, “Hate groups: Opposing viewpoints”, Greenhaven press, San Diego, California, 1999;

35. Прирачник за Академиите за обука на судии и јавни обвинители во ЈИЕ, „Странските терористички борци“, Канцеларија на ООН против дрогата и криминалот, Виена, 2017;

36. Ричлиев, З. „Препораки за зголемување на интегритетот и професионалноста на онлајн медиумите“, Здружение на новинари на Македонија, 2016;

37. Citron, K., D., “Hate crimes in cyberspace”, Harvard University Press, 2014;

38. Научен труд: „Говор на омраза на социјалните медиуми во Република Македонија“ на Дејан Маролов и Страшко Стојановски од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;

39. Прирачник за практичари „Компјутерски криминал“, Зврлевски/Андонова/Милошески, ОБСЕ, Скопје, 2014;

40. Конеска, М./Милошески, В./Маркоски, А., „Меѓународна соработка во кривичната материја: Прирачник за практичари“, ОБСЕ, Скопје, 2016;

41. Стоилковски, М./Цветановски, Ј., Здружение на јавни обвинители на Р С. Македонија и ОБСЕ - мисија во

Скопје, Скопје, 2017;

42. Живановски, Н., „Некои аспекти на европската и американската правна филозофија во однос на слободата на говорот и говорот на омраза и нивните рефлексии врз интернетот", „16-ти НОЕМВРИ меѓународен ден на толеранцијата: избрани текстови", МАНУ-ОБСЕ, Скопје, 2015;

43. Chakraborti N./Garland, J., "Hate crime: Impact, Causes and Responses", SAGE, Los Angeles, 2008;

44. McGonagle, T., "The Council of Europe against online hate speech: Conundrums and challenges, EXPERT PAPER", University of Amsterdam, 2013;

45. Stern, J./Berger, J.M., "ISIS the state of terror", Harper Collins Books, NY, 2015;

46. Статија: „Џихадистите се регрутираат на интернет", Утрински Весник, 30.08.2016;

47. Chavleski, A., "European Union`s response to hate speech: Recent developments", "Zbornik radova: Moć komunikacije 2017";

48. Мило, Д., „Преглед на законската рамка, судската практика и неправни алатки кои се користат во спречувањето на говорот на омраза на интернет" , „16-ти НОЕМВРИ меѓународен ден...";

49. Џаковиќ, Т., „Регулирање и борба против говорот на омраза во Европската унија и во Хрватска – приод од позиција на човековите права?", Годишен преглед на владеењето на правото во ЕУ, Институт за европска политика – Скопје, 2022;

50. Ричлиев, З. „Препораки за зголемување на интегритетот и професионалноста на онлајн медиумите", Здружение на новинари на Македонија, 2016;

51. Keane, J., “Violence and democracy”, Cambridge University Press, 2004;

52. Брошура „Сајбернасилство...и тоа е насилство!“, Метаморфозис, Скопје, 2011;

53. Електронско издание: „СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НАСПРОТИ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА“ Институт за комуникациски студии - Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје, 2018;

54. Supek, R., “Društvene predrasude: Socijalno-psihološka razmatranja”, Radnička štampa, Beograd, 1973;

55. Wolfgang, M.E., “Freedom and violence”, ed.: “Violence in schools: Perspectives, Programs and Positions”, Lexington books, D.C. Heath and company, Lexington, Massachusetts, Toronto, 1975.

# Интернет извори


- https://www.srbijadanas.com/vesti/drustvo/harvard-kaze-da-smo-najtolerantniji-narod-srbija-je-zemlja-sa-najmanje-rasizma-u-evropi-2020-06-05
- https://www.islamska-zajednica.hr/naslovnica/intervju-uspjeli-smo-u-nastojanjima-da-u-hrvatskoj-ne-bude-islamofobije
- https://www.trtworld.com/turkey/cavusoglu-turkey-pakistan-to-develop-cooperation-in-defence-industry-
- https://faktor.mk/bombardirani-sme-so-govor-na-omraza-nekolku-nastani-vo-zemjava-ja-zovrea-ovaa-pojava
- http://www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/08003830310002877
- https://www.coe.int/en/web/freedom-expression/committee-of-ministers-adopted-texts/-/asset_publisher/aDXmrol0vvsU/content/recommendation-cm-rec-2022-16-1-of-the-committee-of-ministers-to-member-states-on-combating-hate-speech
- https://www.webohrid.com/civil-navivackite-grupi-da-ne-koristat-govor-na-omraza-ili-nasilstvo/
- https://en.in-ius.cz/news/overwhelmed-by-anti-gypsyism.html
- https://en.wikipedia.org/wiki/Frustration
- http://kapital.mk/intelektualnata-nemok-ja-aktivira-agresijata/
- https://m.mkd.mk/node/478350

- » https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/so-kritichko-mislenje-do-razoblichuvanje-na-dezinformacii/
- » https://mhc.org.mk/reports/vkupno-registrirani-prijavi-na-govor-na-omraza-vo-2022-godina/
- » https://fosm.mk/25-godini-temi/informacii/
- » https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/04/1.3-Preliminaren-izveshtaj-govor-na-omraza.pdf
- » https://nexus.org.mk/papers-2/
- » https://akademik.mk/navivaj-bez-omraza-proekt-za-iskorenuvane-na-govorot-na-omraza-za-vreme-na-sportskite-natprevari/
- » https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/annual-report-on-hate-crime-2019-mkd-final-1.pdf
- » https://jpacademy.gov.mk/leksikon-na-makedonski-mediumski-i-pravosudni-termini/
- » https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Priracnik-za-etika.pdf
- » https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/
- » https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Priracnik-za-etika.pdf
- » https://complaints.semm.mk/
- » https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2019/03/BDT-medijumi_MK-FINAL.pdf
- » https://sdk.mk/index.php/instagram/rakopisi-stari-po-500-godini-od-institutot-za-makedonski-jazik-so-digitalizatsija-se-spaseni-od-pozhar-i-voda/?fbclid=IwAR3BRYpl0_LDd1iBW20bvKi_AJG_nhxs-uWHxsuhGnlqcLSffAsP_o8WIjw

» https://www.washingtonpost.com/technology/2022/05/18/disinformation-board-dhs-nina-jankowicz/

» https://www.algemeiner.com/2021/12/23/official-palestinian-newspaper-israel-infected-palestinians-with-covid–19/

» https://www.mkd.mk/node/513338

» https://www.eeas.europa.eu/sites/default/files/ras_factsheet_march_2019_0.pdf

» https://metamorphosis.org.mk/en/uslugi_arhiva/servis-za-proveka-na-fakti-od-mediumite/

» https://360stepeni.mk/zaharieva-bugarija-ja-blokira-s-makedonija-poradi-govorot-na-omraza/

» https://bntnews.bg/news/ek-zapochva-procedura-sreshtu-balgariya-zaradi-borbata-s-rasizma-i-ezika-na-omrazata-1096561news.html

» https://sdk.mk/index.php/makedonija/tselosen-tekst-na-protokolot-so-bugarija-shto-deneska-go-potpishaa-osmani-i-genchovska/

» https://www.slobodnaevropa.mk/a/32120617.html

» https://mim.org.mk/mk/novosti/1348–nad–100–nastavnici-od-osnovnite-uchilishta-go-zavrshija-prviot-del-od-obukata-za-mediumska-pismenost–3

» https://skopjeinfo.mk/carovska-mon-raboti-na-voveduvanje-mediumska-pismenost-vo-nastavnite-sodrzhini

» https://ihr.org.mk/mk/realizirani-proekti/zashtita-od-diskriminacija-buling-i-govor-na-omraza

» https://mediumskapismenost.mk/denovi-na-mediumska-pismenost–2022

» https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat_Sudstvo_PrijaveniPolnoletniStoriteli/102_SK1_Mk_T3a_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

» https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/04/1.3-Preliminaren-izveshtaj-govor-na-omraza.pdf

» https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2022/GI-2022.pdf

» https://www.dw.com/en/austria-calls-for-european-register-of-muslim-imams/a-56114597

» https://doisrpska.nub.rs/index.php/APEPIMBL/article/view/5818

» http://www.centar-fm.org/inmediasres/index.php/marko-poljak-jelena-hadzic-i-masa-martinic-govor-mrznje-u-hrvatskom-medijskom-prostoru

» https://avmu.mk/strucna-sluzba

» https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/04/1.3-Preliminaren-izveshtaj-govor-na-omraza.pdf

» https://www.mim.org.mk/attachments/article/1330/MK_chapter4_regulatorna%20i%20samoregulatorna%20ramka-9-2-22.pdf

» https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657

» http://metamorphosis.org.mk/wp content/uploads/2018/09/dad6a750-e7c6-486f-b061-5d59a0f2eabb.pdf

» https://jpacademy.gov.mk/leksikon-na-makedonski-mediumski-i-pravosudni-termini/

» https://time.mk/